Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски Факултет - Скопје
Институт за историја и архивистика

# СРПСКАТА ВООРУЖЕНА ПРОПАГАНДА ВО СВЕРОИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА (Кумановско, Кривопаланечко и Кратовско)

**(магистерска теза)**

**Ментор**
**Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев**

**Кандидат**
**Ненад Саздовски**

**Скопје 2018**

## Содржина

**Вовед** .................................................................................................................................... 4

**Глава I: Североисточна Македонија**

1. Административна управа .................................................................................................... 7

2. Патишта ................................................................................................................................. 9

3. Население ............................................................................................................................. 11

**Глава II: Српската пропаганда во Североисточна Македонија до 1903**

1. Српската национална стратегија за пропагандно делување во Македонија ............................ 13

2. Отворање на српски училишта и формирање на српски црквно-училишни општини во Североисточна Македонија ........................................................................................................ 28

3. Борбата меѓу егзархистите и патријаршистите (србомани) за контрола на црквите во Североисточна Македонија ........................................................................................................ 34

4. Македонската револуционерна организација и српската пропаганда во Североисточна Македонија (1894-1903) ............................................................................................................ 42

**Глава III: Илинденското востание и српската пропаганда**

1. Ставот на Србија во врска со Илинденското востание .......................................................... 52

2. Формирање на првата српска чета и соработката со ТМОРО за време на Илинденското востание ...................................................................................................................................... 54

3. Мирцштегските реформи - повод за започнување на на српската вооружена пропаганда .... 57

**Глава IV: Српската вооружена пропаганда во североистчна Македонија 1903-1905**

1. Српската политика кон Македонија 1903-1905 ........................................................................ 59

2. Формирањето, целите и организацијата на Српската четничка организација ......................68

3. Обиди за соработка меѓу ТМОРО и СЧО ............................................................................... 70

4. Појавата на Српската четничка организација во североисточна Македонија и изградба на организациона структура ...........................................................................................................75

5. Вооружени судири на четите на СЧО со Османлиите 1904-1905 ......................................... 83

6. Нападите на српските чети врз егзархиските села во Североисточна Македонија и судирите со ТМОРО во 1905 ...................................................................................................................... 90

**Глава V: Српската вооружена пропаганда во североисточна Македонија 1905-1907**

1. Српската политика кон Македонија 1905-1907 ....................................................................... 106

2. Промени во организационата структура на СЧО и нејзиното преименување во Тајно здружение на „Српска одбрана“ ... 112
3. Промени во организационата структура на СЧО во Североисточна Македонија ... 118
4. Вооружени судири помеѓу српските чети и аскерот 1905-1907 ... 120
5. Нападите на српските чети врз егзархиските села во Североисточна Македоија и судирите со ТМОРО/ВМОРО 1907- 1907 ... 124

**Глава VI: Српската вооружена пропаганда во Североисточна Македнија 1907-1908**
1. Српската политика кон Македонија 1907-1908 ... 142
2. Раскол во СЧО и нови промени во организационата структура ... 148
3. Расколот помеѓу војводите на СЧО во Свероисточна Македонија ... 149
4. Вооружените судири помеѓу четите на СЧО и аскерот 1907-1908 ... 153
5. Нападите на српските чети врз егзархиските села во севеоисточна Македонија и судирите со ВМОРО 1907-1908 ... 156

**Заклучок** ... 160
Селективен преглед на користени извори и литература ... 164

# Вовед

Туѓите пропаганди во Македонија, меѓу кои и српската имале негативно влијание врз развојот на македонската национална свест. Истите го цепкале и обликувале македонското население како Грци, Бугари и Срби. Српската пропаганда во Македонија најпрвин делувала врз словенска основа, а потоа нејзина цел станала всадување на српската национална свест кај македонското население. За таа цел се отворале српски училишта во Македонија. Покрај отварањето на училишта, српската пропаганда во договор со Цариградската патријаршија успеала да издејствува поставување на Србин за митрополит во Скопската патријаршиска епархија. Притоа започнала и борба за превземање на црквите и манастирите, на патријаршиските црковно-училишни општини, но и за ширење на српското влијание сред егзархиситите.

Илинденското востание од 1903 година го актуелизирало македонското прашање на дипломатски план. Истотото ги вознемирило соседните балкански држави, кои почувствувале дека македонското прашање би можело да тргне по друг тек и дека може да дојде до создавање на автономна Македонија. Поради тоа пропагандите кои што претходно дејствувале преку црквите и училиштата, оттогаш добиле вооружена форма. Во тој контекс и српската пропаганда. Српската вооружена пропаганда била најзастапена во Кумановско, Кривопаланечко, Кратовско, Скопско, Велешко (Азот), Поречието, Прилепско, Кичевско и Струшко. Предмет на разработка во овој трудот ќе биде српската вооружена пропаганда во североисточна Македонија, поточно во Кумановската, Кратовската и Кривопаланечката каза.

Оваа тема ја одбрав и поради фактот што овој регион претставувал крстосница помеѓу Османлиската Империја, Србија и Бугарија. Оттука, тој бил од особено значање и за српската и за бугарската пропаганда. За српската вооружена пропаганда имаат пишувано многу современици, учесници во Српската четничка организација и во Македонската револуционерна организација како Василие Трбиќ, Крсто Лазаров, Христо Силјанов, Христо Матов и други. Оваа проблематика била предмет на истражување и на повеќе македонски, српски и

бугарски историчари. Љубен Лапе во една статија ги разработува обидите за соработка помеѓу ТМОРО и СЧО. Драган Велков го разработува финансирањето и вооружувањето на Српската четничка организација. Македонка Митрова во посбен монографски труд интегрално ја разработува српската пропаганда во Македонија од 1903 до 1913 година. Професорот Ванчо Ѓорѓиев има напишано статии во врска со заложништвото на Даме Груев кај србоманскиот војвода Мицко, како и за обидите на Петар Поп Арсов за попречување на српската пропаганда во Азот (Велешко). Александар Апостолов ја разработува српската пропаганда во Злетовската област. За српската вооружена пропаганда имаат пишувано повеќе српски историчари како: Владимир Илиќ, Вукашин Дедовиќ, Шешум Урош, Милан Трајковиќ, Јован Смилјановиќ и други. Од бугарските историчари за српската пропаганда ја нагалсуваме монографијата на Светлозар Елдеров. Притоа треба да се нагласи дека бугарските и српските историчари, за разлика од македонските, на споменатава проблематика гледаат од аспект на соодветните национални интереси и поради тоа се помалку објективни.

Имајќи го предвид значењето на Североисточна Македонија од геостратешки аспект како за српрската, така и за бугарската пропаганда, евидентно е дека досега делувањето на српската пропаганда во овој регион (поточно во Кумановската, Кривопаланечката и Кратовската каза) не било предмет на сеопфатна разработка. За изработката на тезата користев фондови од Државниот архив на Република Македонија, потоа објавени документи од разна провениенција: австриски, британска, турска, српска, бугарска, руска, германска како и „Илинденски сведоштва“ кои биле напишани од учесници во македонското револуционерно движење, а кои се депонирани во Државниот архив на Република Македонија. Исто така имам користено македонска, српска и бугарска литература. Користејќи ги изворите и литературата во врска со темата, наидував на разни контрадикторности во изворите и литературата. Постојат и различни толкувања во однос на српската вооружена пропаганда помеѓу српската од една, и македонската и бугарската литература од друга страна.

Определбата за ова тема произлезе од мојот интерес за роднокрајната историја, во консултации со проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, кој воедно е и ментор. Овде чувствувам

должност да му се заблагадарам на проф. Ѓорѓиев за конструктивните сугестии и забелешки, како и на сите други институции кои го олеснија моето истражување, а особено на моето семејство за поддршката.

Тезата е обработена низ следниве поглавја: североисточна Македонија, Српската пропаганда во североисточна Македонија до 1903 година, Илинденското востание и српската пропаганда во североисточна Македонија, српската вооружена пропаганда во североисточна Македонија 1903-1905, српската вооружена пропаганда во североисточна Македонија 1905-1907 и српската вооружена пропаганда во североисточна Македонија 1907-1908. Се надевам дека со овој труд ќе дадам скромен допринос за продлабочување на сознанијата во врска со оваа проблематика.

# Глава I

# Североисточна Македонија

## 1. Административна управа

Во 1864 година во Османската Империја била донесена уредбата за вилаетите.[1] Следната 1865 година бил објавен Законот за организирање и администрација на вилаетите.[2] Според овој Закон во периодот од 1866 до 1867 година на територијата на целата Османлиска Империја биле формирани вкупно 27 вилаети. Во европскиот дел на империјата биле формирани 6 вилаети, од кои територијата на Македонија најпрвин влегувала во состав на 2 вилаети и тоа: Солунски и Косовски (подоцна наречен Скопски) вилает, бидејќи неговото седиште се наоѓало во Скопје.[3] Нешто подоцна бил формиран и Битолскиот вилает, така што територијата на Македонија влегувала во состав на 3 вилаети: Солунски, Битолски и Скопски.[4]

Најголем дел од територијата на Македонија што се наоѓал во состав на Скопскиот вилает го сочинувал Скопскиот санџак,[5] кој се состоел од следните кази: Скопска, Кумановска, Штипска, Радовишка, Кочанска, Кривопаленечка, Пехчевска и Кратовска.[6] Во 1869 година дошло до укинување на Скопскиот вилает и присоединување на Скопскиот санџак кон Солунскиот вилает со казите: Скопска, Штипска, Радовишка, Кумановска и Тетовска.[7] Во 1871 година, Скопскиот санџак бил присоединет кон Призренскиот вилает.[8] По руско-турската војна

---

[1] Глигор Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија, Култура, Скопје 1989, 55.
[2] Исто.
[3] Љубиша Доклестиќ, Српско-македонските односи во XIX век (до 1897 година), НИП Нова Македонија, Скопје 1973, 17.
[4] Г. Тодоровски, Македонското прашање и реоформите..., 57.
[5] Гьорче Петров, Материали за изучаване на Македония, София 1896, 5.
[6] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 17.
[7] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт. Македонското революционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903), Табернакул, Скопје 2003, 52.
[8] Исто, 53.

1877/8 година повторно бил формиран Скопскиот вилает, во чиј состав влегувала североисточна Македонија.[9]

Предмет на понатамошна работа на овој труд ќе бидат Кумановската, Кратовската и Кривопаланечката каза, како дел од Скопскиот санџак, кој бил дел од Косовскиот (Скопскиот) вилает.

Кумановската каза се граничела: на исток со Кривопаланечката и Кратовската, на запад со Скопската и Гниланската, на север со Прешевската и на југ со Велешката и Штипската каза.[10] Со казата управувал кајмакам. Според Салнамето на Вилетот Косово за 1896/97 година, кајмакам на Кумановската каза во споменатиот период бил Мустафа Хулуси-ефенди. Покрај кајмакамот имало административен совет на казата со која претседавал кајмакамот, а истиот го сочинувале и: наибот, финансискиот управник, секретарот и изборните членови, заменик на Патријаршискиот деспот Михајло ефенди, Исмаил ефенди, Јашар бег и Димко ефенди. Покрај овие органи во казата имало и: Финансиска канцеларија, Основен суд, Комисија за евиденција на даноци, Канцеларија за населението, Образовен совет, Експозитура на Зираат банка, Управа за јавниот долг, Општински одел и некои други службеници.[11]

Кратовската каза се граничела со Кумановската, Кривопаланечката, Штипската и Кочанската каза.[12] Според Салнамето на Вилетот Косово за 1896/97 година, во споменатиов период кајмакам на Кратовската каза бил Ибрахим С'дки ефенди. Во административниот совет на казата влегувале: кајмакамот, наибот, финансискиот управник, секретарот, а изборни членови биле: Јашар бег, Хасан Таксин-ефенди, Бедиќ Јован ага и Маџо Јован ага. Покрај тоа имало и: Финансиска канцеларија, Основен суд, Комисија за евиденција на даноци,

---

[9] Г. Петров, Материали за изучаване на Македония..., 1.
[10] Јован Хаџи Васиљевиќ, Јужна Стара Србија, књига прва, Кумановска област, Београд 1909, 1.
[11] Драги Ѓорѓиев - Ахмет Шериф, Салнамето на Вилаетот Косово, (превод од османско-турски јазик), Скопје, 2012, 204-207.
[12] Г. Петров, Материали за изучаване на Македония..., 568.

Канцеларија за населението, Комисија за образование, Експозитура на Зираат банка, Оддел на јавниот долг, Општински оддел и други службеници.[13]

Кривопаланечката каза претставувала крајна каза на источниот дел на Скопскиот вилает. Таа се граничела: на југ со Кочанската и Кратовската каза, на запад со Кумановската, на север со Прешевската, и на исток со Ќустендилската Околија, како дел од кнежевството Бугарија[14] (по неговото формирање во 1878). Според Салнамето на Вилетот Косово за 1896/97 година, во тој период, кајмакам на Кривопаланечката каза бил Абдулхавид ефенди. Во административниот совет на казата влегувале: кајмакамот, наибот, финансискиот управник, секретарот, застапникот на митрополитот, Ѓеорги ефенди, а изборни членови биле: Кади Хасан ефенди, Мустафа бег, Андон и Алко Мишо ага. Во казата имало и Финансиска канцеларија, Основен суд, Комисија за евиденција на даноци, Канцеларија за населението, Комисија за образование, Експозитура на Зираат банка, Одел за такси, Општински одел и други службеници. [15]

## 2.Патишта

Североисточна Македонија претставувала стратешки регион бидејќи се наоѓала на тромеѓа меѓу Србија, Бугарија и Османлиската Империја. Тука минувале главните патишта, кои ја поврзувале Османлиската Империја со Србија и Бугарија. Еден од главните патишта кој минувал низ овој регион бил патот Ќустендил-Сараево. [16] *Низ Кумановско, минувала и железничката линија Солун-*Скопје-Белград. Ова железница минувала покрај селото Аџиларци. [17] Ова железничка врска го ослободила Куманово од економската зависност кон Штип и Скопје, а воедно на Куменово му дала значење на трговски центар. Железничката станица во Куманово била станица и за Крива Паланка и Кратово. Преку неа

[13] Д. Ѓорѓиев, А. Шериф, Салнамето на Вилаетот Косово..., 236-238.
[14] Г. Петров, Материали за изучаване на Македония..., 587.
[15] Д. Ѓорѓиев, А. Шериф, Салнамето на Вилаетот Косово ..., 219-221.
[16] Михајло Миноски, Политиката на Австро-Унгарија спрема Македонија и македонското прашање (1878-1903), Култура, Скопје 1982, 84.
[17] Спиридон Гопчевиќ, Стара Србија и Македонија, Београд 1890, 36.

минувале возови, кои пренесувале жито и добиток.[18] Во извештајот на српскиот генерален конзул во Скопје, Ѓорѓе Поповиќ, до министерот за надворешни работи, Чедо Мијатовиќ од 12 февруари 1889 година, се споменува за преносот на жито од Алексинац за Солун, кое што бил носено токму преку оваа железница.[19] По својата положба било предвидено железницата да претставува трговска станица за: Овче Поле, Кочанско, Кратовско, Кривопаланечко и Прешевско.[20]

Покрај овие главни патишта низ североисточна Македонија минувале и регионални патишта. Таков е случајот со патот Скопје-Куманово (познат уште и како Скопски пат), кој минувал паралелно со железницата. [21] Тоа бил нов пат, кој бил направен поради опасноста да се патува по железницата заради разбојништо, бидејќи минувал низ арнаутските села. Патот Куманово-Врање, познат уште и како Врањски пат, минувал низ долината на Којнарска река,[22] и Морава,[23] покрај железничката линија Куманово - Врање.[24] Патот Куманово-Крива Паланка, познат уште и како Кривопаланечки пат излегувал од источниот дел на Куманово, одел преку Живкова Карпа и Кумановско Калиште.[25] Патот Куманово - Гнилане, познат како Гниланскi пат, минувал преку селата: Бедиње, Лопате, Романовце, и Слупчане, а оттаму кон Извор и Белановце. Од Белановце одел кон планината Карадак, и влегувал во Гниланската каза.[26]

Патот Куманово-Штип излегувал од југоисточниот дел на Куманово. Патот поминувал по Кумановска Река и Пчиња.[27] Патот Куманово-Кратово, познат уште и како Кратовски пат, одел низ Куманово преку Кривопаланечкиот пат, потоа преку селото Слатино, по планината Чешма и Дурповиот кладенец и оттаму кон реката Пчиња.[28] Патот Куманово-Велес, наречен уште и Велешки пат, се движел

---

[18] Г. Петров, Материали за изучаване на Македония..., 323.
[19] Ѓраѓа за историју македонског народа из архива Србије, Том IV, Књига III (1888-1889), приредио Климент Џамбазовски, Београд 1987, 388-389.
[20] Г. Петров, Материали за изучаване на Македония..., 327
[21] Исто, 387.
[22] Ј. Х. Васиљевиќ, Јужна Стара Србија..., 26.
[23] Г. Петров, Материали за изучаване на Македония..., 388.
[24] Ј. Х. Васиљевиќ, Јужна Стара Србија..., 26.
[25] Исто, 27.
[26] Исто, 30.
[27] Исто, 31.
[28] Исто, 32.

преку селото Биљановце, преку Кумановската каза и преку Кумановска и Аџиларска река. Потоа влегувал во Скопската каза, и покрај Катлановска бања влегувал во Велес.[29]

Од источниот дел на Скопје, преку Кумановско минувал патот Скопје-Горна Џумаја.[30] Од Куманово по југо-источна насока, поминувал пат кој се движел по долното течение на Пчиња.[31] Патот Кочани-Злетово-Кратово минувал преку селата Траканлија и Бања, а понатаму одел кон селото Свиланце. Понатаму одел кон селото Рударе, а оттаму се спуштал по долината на Злетовица, кон Злетово. Од Злетово одел покрај Леновскиот рид, преку Добрево и Дрново, и оттаму кон селото Печенци, а оттаму кон Кратово.[32]

Патот Кратово–Крива Паланка излегувал од Кратово, и одел по течението на Кратовска река. Оттаму одел кон планината Лисец и минувал преку месноста „Волчји синови". Потоа одел преку селата Опила и Каваклија, и се соединувал со Велешко-Кривопаланечкиот пат.[33]

## 3. Население

Во Османската Империја не постоел редовен систем за попис на населението со методлогија и принципи како во европските држави. Османските власти го евидентирале само машкото население, но не по национлна припадност, туку по вероисповед. Мажите муслимани биле запишувани заради воена обврска, а мажите христијани заради даночните обврски.[34] За составот на населението во Скопскиот санџак, во чиј состав се наоѓале Кумановската, Кривопаланечката и Кратовската каза постојат стстистики од српска и бугарска провинеција. Но сите

[29] Исто.
[30] Г. Петров, Материали за изучаване на Македония..., 388.
[31] Исто.
[32] Исто, 396.
[33] Исто, 402.
[34] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт...,60.

тие се тенденциозни, со намера да покажат доминација на одредена заедница.[35] Официјални податоци за населението во североисточна Македонија можеме да добиеме од салнамето на вилаетот Косово. Треба да се напомене дека во Османлиската Империја според милет системот населението не се делело според етничката, туку според верската и црковната припадност. До 1870 година, сите православни христијани од Империјата припаѓале на православниот милет, официјално наречен „Рум милет“. По 1870 година со формирањето на Бугарската егзархија сите оние кои што се приклучиле на Егзархијата припаѓале на таканаречениот „Булгар милет“, а оние што останале под Патријаршијата, припаѓале на „Рум“ милет, кој подоцна бил нарекуван и грчки милет. Па така османските власти, во своите официјални податоци, сите егзархисти ги именувале како „Бугари“, а патријаршистите како „Грци“. Српската „народност“ (милет) во Османската Империја не била признаена, поради што во североисточна Македонија приврзаниците на српската пропаганда делувале во рамките на Патријаршијата, и затоа под терминот „Грци“, се кријат и приврзаниците на српската пропаганда. За ова ќе зборуваме повеќе во наредното поглавје.

Според салнамето од 1314 година (според исламскиот календар), односно од 1896 година, во Кумановската каза имало вкупно 41 209 жители, од кои 12 659 муслимани, 28 550 христијани, меѓу кои покрај „Бугари“ и „Грци“, имало и Цигани муслимани и немуслимани.[36] Во однос на населението во Кратовската каза, според податоците во салнамето на вилаетот Косово, во казата имало вкупно 20 450 жители, христијани и муслимани.[37] Според истото салнаме, во Кривопаланечката каза, имало 4 650 куќи во кои што живеат 10 748 мажи и 9 811 жени.[38]

---

[35] Г. Спиридон, Стара Србија и Македонија...,33; Г. Петров, Материали за изучаване на Македония...,547; Васил К'нчов, Македония етнография статистика, София 1900, 215, Ј. Х. Васиљевиќ, Јужна Стара Србија...41; Дедијер Јевто, Нова Србија, штампарија Доситеја Обрадовиќ Београд 1913, 122; Анастасие Урошевиќ, Куманово монографија, 1949, 27.

[36] Д. Ѓорѓиев - А. Шериф, Салнамето на Вилаетот Косово..., 209.

[37] Исто, 239.

[38] Исто, 223.

# Глава II

# Српската пропаганда во североисточна Македонија до 1903

## 1. Српската национална стратегија за пропагандно делување во Македонија

Основа на српската пропаганда во Македонија претставувало Начартанието на Илија Гарашанин од 1844 година.[39] Начартанието претставувало национална стратегија за создавање на „Голема Србија". Со него се предвидувало рушење на Османската Империја „камен по камен", и од тој материјал да се создаде голема држава врз основите и границите на средновековното српско кралство, која би доминирала на Балканскиот Полуостров.[40] Со овој документ било констатирано дека кнежевството Србија не може да се задржи во неговите дотогашни граници.[41] Како српски земји кои требало да се приклучат кон Србија се сметале: Стара Србија (во која влегувале Косово, Метохија а подоцна и Македонија), Војводина, Црна Гора, Северна Албанија и Босна и Херцеговина.[42] Под раководство на Илија Гарашанин, во составот на Попечителството за внатрешни работи било основано пропагандно одделение, на чело со помошник попечителот за внатрешни работи, Јован Маринковиќ, таканаречено „Тајна дејност.[43] Согласно

---

[39] Македонка Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија (1903-1913). Политика на интервенција, Менора, Скопје, 2012 25; Светлозар Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912), военноиздателски комплекс Св. Георги Победоносец, София 1993, 5; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 103; Историја на македонскиот народ, книга втора, НИП Нова Македонија, Скопје 1969, 121; А. Апостолов, Злетовска област..., 261.

[40] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 25; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 5.

[41] Историја на македонкиот народ, кн. 2..., 121.

[42] Михајло Миноски, Македонија и Србија (1878-1944), Скопје, 2010, 21.

[43] Климент Џамбазовски, Најзначајни срспки докуметни за Македонија, Македонски духовни конаци, Скопје 2009, 46.

програмата, Гарашанин создал мрежа од агенти за собирање на информации за пропагандно делување.[44]

Со доаѓањето на кнезот Михајло Обреновиќ на чело на Србија во 1860 година, Македонија добила значајно место во српската надворешна политика. Во овој период Србија играла на картата на создавање на голема словенска држава, чиј Пиемонт би била Србија. Целта на српската држава била создавање на „Југословенска држава на Истокот“, со доминантна позиција на Србија.[45] Во таа насока било и испраќањето на Стефан Верковиќ во Македонија во 1862 година, од страна на Илија Гарашанин. Целта на оваа мисија била „Македонските Словени при решавањето на Источното прашање да се изјаснат за Словени а не за Грци“.[46] Поради тоа и Ѓорче Петров пишува дека „српската пропаганда најпрвин работела под името словенска“.[47]

По 1868 година дошло до промена на карактерот на српската пропаганда во Македонија. Тогаш нејзина главна задача станало отворање на српски училишта, со цел всадување на српската национална свест кај македонското население.[48] Со таа цел, по иницијатива на српската влада, во 1868 година, бил формиран Просветниот одбор.[49] Иницијатор за формирање на одборот бил митрополитот Михајло.[50] Целта на одборот била „српскиот народ да се заштити од национално уништување“.[51] Главани задачи на одборот биле: тој да работи на отворање на српски училишта надвор од кнежевството Србија, да назначува учители да се грижи за нивните награди, да ги снабдува училиштата со учебници и друг потребен материјал и да се грижи за подготвување на наставнички кадар во тие

---

[44] М. Миноски, Македонија и Србија...21; М. Митрова, Кралството Србија и Османлиска Македонија..., 26.
[45] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 80.
[46] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 103; Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 86.
[47] Г. Петров, Материали за изучаване на Македония..., 4.
[48] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 103; Дедовиќ Вукашин, Рад Србије на заштиту државних и националних интереса у Македонији од 1885 до 1912 године, Београд 2016, 49; Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 174; Историја на македонкиот народ, кн. 2 ..., 121.
[49] Историја на македонкиот народ, кн. 2..., 121; Д. Вукашин, Рад Србије..., 49; Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 176; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 7. Според С. Елдеров одборот бил наречен Комитет за училишта и учители во Стара Србија и Македонија.
[50] К. Цамбазовски, Најзначајни српски докуметни..., 116.
[51] Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 176.

краеви.[52] За претседател на одборот бил избран архимандритот Никифор Дучиќ, а за членови Панта Срećковиќ, Милан Миливоевиќ и Стојан Новаковиќ.[53] Главен организатор и носител на дејноста на одборот меѓу Македонците бил Миливоевиќ, кој бил посредник меѓу одборот и македонските печалбари, трговци, свештеници, учители и ученици.[54] Со цел да се испитаат условите во Македонија, и да се подготви терен за проширување на српската пропаганда, Миливоевиќ презел патување низ Македонија. Во 1873 година, такво патување низ Македонија презел Срećковиќ. Тој посетил неколку места во северниот дел на Македонија, меѓу кои и Куманово. За време на своето патување низ Македонија, Миливоевиќ ги убедувал македонските првенци дека тие се Срби, и им ветувал бесплатни српски учебници и учители.[55]

Србија започнала со помагање на училиштата и плаќање на учителите, како и со прифаќање на учениците од „Стара Србија" и Македонија. Исто така испраќала и прибор и разни книги и пропаганден материјал. Во периодот од 1868 до 1876 година, Министерството за просвета испраќало учебници за одделни училишта во Македонија, по барање на нивните учители. За таа цел во буџетот на Министерството за просвета од почетокот на 60 години на XIX век постоела ставка за подарување на книги печатени на државен трошок. Оваа ставка во 1870 година изнесувала 14 145,60 динари, а во 1875, 12 630 динари.[56] По формирањето на Просветниот одбор, се започнало со испраќање на српски учебници во училиштата. Оваа задача му била доверена на Миливоевиќ. Во периодот од есента 1868 до 1876 година, било предвидено во Македонија да се испратат 57 000 учебници.[57] Грижата за пренос на учебниците исто така му била препуштена на Миливоевиќ. Тој испратил поголем број на учебници во Алекисинац, кои потоа биле носени до

[52] К. Џамбазовски, Најзначајни српски докуметни..., 116.
[53] Исто, Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 176.
[54] Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 176, К. Џамбазовски, Најзначајни срспки документни..., 117.
[55] К. Џамбазовски, Најзначајни срспки докуметни..., 179.
[56] Исто, 189.
[57] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 7.

османско-српската граница, од каде што биле пренесени за Македонија, до Куманово, или до Башино село Велешко.[58]

Со Берлинскиот договор од 1878 година, на Србија и била признаена независност и територијално проширување во 4 окрузи.[59] По добивањето на независноста, се создало мислење дека за Србија во тој момент било најважно, по дипломатски пат кон Србија да се присоединат сите краеви од Османлиската Империја, вклучувајки поголем или помал дел од Македонија, на кои според историски критериуми таа сметала дека има право. Притоа требало преку национална пропаганда да дојде до присоединување на овие краишта кон Србија.[60] По окупацијата на Босна и Херцеговина, од страна на Австро-Унгарија, Србија не можела да смета на територијално проширување кон Босна и Херцеговина, и се насочила кон Македонија.[61] Со окупацијата на Босна и Херцеговина, Австро-Унгарија и го попречила излезот на Србија на Јадранското Море. Поради тоа, Србија била принудена да бара излез на Егејското Море, а тоа можела да го изведе само преку Македонија. Ова го потврдуваат и изјавите на некои современици. „На Србија и е потребно море и таа, засега тоа може единствено да го оствари преку Македонија. На Србија и е потребна Македонија, и затоа таа мора да ја добие па макар таму да нема ниту еден Србин. Нам ни е потребна Македонија и излез на Егејското Море, и ние со сите сили ќе работиме тоа да го постигнеме“.[62] Овие изјави само ги потврдуваат вистинските причини за српските територијални претензии кон Македонија. Јасно е дека главна причина за српските претензии кон Македонија била потребата на Србија да излезе на Егејското Море, а за да се постигне ова цел Србија морала да му наметне српска национална свест на македо-нското население, иако и самата била свесна дека тоа населние не е српско.

---

[58] К. Џамбазовски, Најзначајни срспки докуметни..., 191.
[59] Михајло Војводиќ, Конзуларна конвенција измеѓу Србије и Турске (1879-1896), Вардарски зборник 3, Београд 2004, 9; Глигор Тодоровски, Србија и реформите во Македонија, Скопје 1987, 63.
[60] Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 211-212
[61] М. Миноски, Македонија и Србија..., 59.
[62] М. Митрова, Кралството Србија и Османлиска Македонија..., 27.

Во август 1880 година, српскиот премиер Јован Ристиќ решил да пристапи кон „ширење и утврдување на народносната српска мисла“ во Македонија и „Стара Србија“. Тогаш тој им се обратил на Матија Бан, од Прес-бирото и на белградските професори Милош Миливоевиќ и Панта Среќковиќ, да разработат план за реализација на неговата идеја.[63] Бан и Миливоевиќ пристапиле кон изработка на планот. Тие предложиле во Белград да се формира Таен централен одбор. За негови членови биле предложени: Јован Павловиќ, началник на Министерството за просвета, Ѓока Поповиќ, член на Прес-бирото, и архимандритот Сава, администратор на Врањската епархија, како надворешен член. Членовите на овој одбор требало да бидат службеници на МНР, а сите финансиски потреби на одборот, требало да бидат подмирувани од Диспозициониот фонд на министерство.[64] Одборот требало да изработи правилник за својата организација, и план на работа, и истите да му ги доставаат на Јован Ристиќ да ги одобри. Ристиќ го прифатил предлогот на Бан и Миливоевиќ, за формирање на одбор кој би работел на развивање на српската свест, надвор од границите на кнежевството, „во оние страни кои според народноста и традицијата и припаѓаат на Србија“. На 21 август 1880 година, за членови на одборот биле именувани: Рафајловиќ, Бан, Среќковиќ и Миливоевиќ, кои меѓу себе требале да изберат претседател и најитно да ги изработат своите правила кои ќе му ги поднесат на Ристиќ на одобрување.

Во јуни 1881 година Србија потпишала таен договор со Австро-Унгарија.[65] Со овој договор Србија се обврзала да не толерира полтичка и верска пропаганда од својата територија на територијата на Австро-Унгарија, односно Босна и Херцеговина и Новопазарскиот Санџак. Од друга страна, Австро-Унгарија се обврзала дека нема да се спротивставува на српското проширување на југ, кон Македонија.[66]

---

63 Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 213.
64 Исто.
65 М. Миноски, Македонија и Србија..., 61; М. Војводиќ, Конзуларна конвенција..., 61; Александар Христов, Јован Донев, Македонија во меѓународните договори 1875-1919, Скопје 1994, 100.
66 М. Миноски, Македонија и Србија..., 61; Г. Тодоровски, Србија и реформите во Македонија..., 64; Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските земји 1861-1913, редакција Михајло Миноски, Скопје, 2000, 99; А. Христов, Ј. Донев, Македонија во меѓународните договори 1875-1919..., 100-102.

Во април 1883 година, Претседателот на Владата и Министерот за надворешни работи формирале посебна комисија која ја сочинувале: Никифор Дучиќ, архимандритот Сава Дечанец и професорот на Призренската богословија Ѓорѓе Кампералиќ.[67] Целта на комисијата било да ги испита најпогодните патишта на пропагандната дејност во Македонија. Комисијата исто така требала да поднесе извештај за дотогашната пропагандна дејност, и да даде свои сугестии околу одвивањето на пропагандата. Пролетта 1883 година, претседателот на српската влада, Милан Пироќанац, ги задолжил Министрите за надворешни работи, и за просвета и црковни работи да формираат одбор во Белград, составен од 2-3 лица, кој ќе биде непосредно потчинет на Министерот за надворешни работи. Одборот требало да подготви план за пропагандно дејствување на Балканскиот полуостров, со цел „зачувување на народносната свест и стремеж за присоединување кон Кралството Србија. Одборот требало да дејствува само во „Стара Србија", во која била вклучена и цела Македонија. Главна цел на Одборот била да ја обележи работата на Србија, и управувањето со пределите на „Стара Србија", меѓу Нови Пазар, Битола и Солун.[68]

Во февруари 1884 година, била формирана нова српска влада на чело со Милутин Гарашанин. Тој имал намера да води политика на приближување кон „српското население во европска Турција". Исто така сакал да води „турско-филска" политика со која мислел дека ќе придонесе во остварувањето на српските интереси кон Македонија.[69] Пролетта 1885 година, Гарашанин изготвил програма за национално-политичка и културно-просветна пропаганда која му ја доставил на кралот Милан. Програмата се состоела во следното: формирање на одбор составен од 3 лица кои ги познавле состојбите во Македонија и „Стара Србија", печатење на книги на „српско-македонско" наречје во печатницата во Цариград, во Скопје или Битола да се постави конзул кој ќе биде трговски агент.[70] Свесен дека за изработка на јасен и изводлив национален план за ширење на српската пропаганда во Македонија, е потребно одредено време, Гарашанин превзел активности за

---

[67] Д. Вукашин, Рад Србије..., 55; Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 214.
[68] Д. Вукашин, Рад Србије..., 55.
[69] М. Војводиќ, Конзуларна конвенција..., 14.
[70] Грађа за историју македонског народа из архива Србије Том IV, Књига I (1879-1885)..., 346-348.

зајакнување на влијанието на српската влада во Македонија. На предлог на управителот на Призренската богословија Петар Костиќ, од 15 август 1884 година, во ноември 1884 година, српската влада упатила барање до Цариградската патријаршија и османското Министерство за просвета, за одобрување за печатење на српски учебници, весници и календари, за српските училишта во Македонија. Министерството за просвета го прифатило ова барање во март 1885 година.[71] Кралот Милан го прифатил предлогот на Гарашанин. Започнале преговори за потпишување на конзуларната конвенција со Османската Империја, како и со Цариградската патријаршија за поставување на Срби за епископи. Бидејќи во Османлиската Империја не постоела српска црковна организација, српската пропаганда, немала легални предуслови за дејствување на верско и просветно поле во Македонија. Оттука српската пропаганда во Македо-нија имала само 2 патишта за постигнување на својата цел, да работи под закрила на Цариградската патријаршија, и да бара одобрение од Портата и од османлис-ките власти. За реализирање на овие цели Србија морала да се потпре на некои големи сили. Со оглед на политиката на останатите големи сили кон Османлис-ката Империја, Србија можела да се потпре единствено на Русија.[72] Во почетокот на 1885 година, српската влада, преку својот дипломатски претставник во Цариград, Јеврем Груиќ, се обидувала да постигне договор со Цариградската патријаршија за поставување на Срби за владици во Македонија. Србија барала поставување на српски владики во: Скопје, Битола, Охрид и Велес.[73] Од друга страна, Цариградската патријаршија побарала финансиската помош што Србија ја давала за патријаршијата да се зголеми до 1000 турски лири.[74] Груиќ побарал поставување на српски владики најпрвин во Скопје, Призрен,[75] Велес, Дебар, Битола и Охрид. Цариградскиот патријарх Јоаким IV поставил услов кандидатите што се предлагаат од страна на Србија за епископи да бидат османски поданици, да имаат завршено богословски факултет, или богословско училиште, да го владеат грчкиот јазик и да се запишани во патријаршиската книга за епископски

[71] Д. Вукашин, Рад Србије..., 63.
[72] Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 228.
[73] Д. Вукашин, Рад Србије..., 87.
[74] ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 1 А/Е 1/1-30.
[75] Д. Вукашин, Рад Србије..., 87.

кандидати и да не се компромитирани пред османските власти.[76] Во август 1885 година, пропаднале преговорите помеѓу српската влада и Цариградската патријаршија, поради барањето на Патријаршијата да се исплати старата, и да се одреди нова годишна финансиска помош од српската држава, на што српската влада не можела да се согласи.

Во почетокот на 1885 година, бугарскиот Егзарх Јосиф му предложил на Јеврем Груиќ да се потпише договор за сфери на влијание, според кој се што е северно од Шар Планина ќе се смета за српско, а јужно од неа за бугарско. Груиќ на тоа му одговорил дека освен во „Стара Србија" и Скопје, српско населени имало и појужно.[77]

Во 1886 година било формирано Друштвото „Св. Сава".[78] Главна цел на Друштвото било ширењето на српската пропаганда во Македонија, преку отворање на српски училишта, на кој начин би се потиснала бугарската пропаганда. На 21 август 1886 година, во просториите на Великата Школа во Белград, било одржано основачкото собрание на Друштвото. Бил формиран Главен одбор на чело со Светозар Николаевиќ, како претседател, Стеван Владислав Каѓански како потпретседател и Милован Р. Маринковиќ и Никола Поповиќ како секретари.[79] Друштвото уживало поддршка од српските органи, пред се од Министерството за просвета и црковни работи, а од 1887 година и од Министерството за надворешни работи, кое финансиски го помагало Министерството за просвета и црковни работи и одделението за цркви и училишта надвор од Србија, кое пак соработувало со ДСС.[80] Во периодот 1887-1889 година, ДСС презело собирни акции низ цела Србија со цел испраќање на книги и црковни предмети за училиштата и црквите во Македонија.[81]

---

[76] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 167; Историја на македонкиот народ, кн. 2..., 122.
[77] Д. Вукашин, Рад Србије..., 88.
[78] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 280; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 27; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 8-9.
[79] Д. Вукашин, Рад Србије..., 88; Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 281.
[80] Д. Вукашин, Рад Србије..., 110.
[81] Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 281.

Во состав на Министерството за просвета постоел одбор кој што се занимавал со српските училишта во Османската Империја.[82] Одборот бил укинат на 13 март 1890 година, а целата работа се пренела на Министерството за надворешни работи.[83]Во текот на летото 1889 година било формирано „Политичко-просветно одделение“ кое било по директни ингеренции на Министерството за надворешни работи, и се наметнало како раководно тело за пропагандната дејност во Македонија.[84]

Конзуларната Конвенција помеѓу Србија и Османлиската Империја била потпишана на 4 септември 1886 година во Белград, од страна на Министерот за надворешни работи на Србија, Драгутин Фрањоевиќ и Зија беј.[85] Со оваа Конвенција на Србија и било овозможено да отвори конзулати во оние делови на Империјата, за кои Србите биле најзаинтересирани. Така Србија имала право да отвори конзулати во „Стара Србија“ и Македонија, а Османската Империја во Јужна Србија.[86] Во согласност со Конзуларната Конвенција, Србија отворила конзулати во Скопје и Солун во 1887 година,[87] и во Битола во 1888 година.[88] Главна дејност на овие конзулати покрај постојаните конзулски работи, била отворањето на машки и женски српски училишта, поставувањето на српски учители, отворање на српски книжарници, растурање на српски книги и весници и привлекување на ученици од Македонија во Србија, за потребите на српската пропаганда во Македонија, ширење на српската национална свест меѓу македонското население, и основање на црковно-училишни општини.[89] Уште од првиот ден на своето

---

[82] Споменица двадесетпетгодишњице ослобоѓења Јужне Србије 1912-1937, Скопје 1937, 260.
[83] А. Апостолов, Злетовска област..., 266. Според А. Апостолов одборот бил укинат во 1889 година.
[84] М. Митрова, Кралството Србија и Османлиска Македонија..., 27; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 9.
[85] М. Војводиќ, Конзуларна конвенција..., 17.
[86] Исто; М. Миноски, Македонија во билатералните и мултилатералните договори..., 107-115.
[87] Д. Вукашин, Рад Србије...141; Г. Тодоровски, Србија и реформите во Македонија..., 65; Споменица двадесетпетгодишњице ослобоѓења Јужне Србије..., 260; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 27.
[88] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 27.
[89] М. Војводиќ, Конзуларна конвенција..., 17.

постоење овие конзулати станале главни организатори на српската пропаганда во Македонија.[90]

По однос на решавањето на македонското прашање, во Србија постоеле 2 гледишта. Првото било дека Србија треба да се бори за цела „српска Македонија“ и „Стара Србија“, под што се подразбирало најголем дел од Македонија. Второто гледиште подразбирало поделба на Македонија со Бугарија и Грција. За опцијата поделба на Македонија најмногу се залагала Радикалната партија.[91] Поборниците на првото гледиште ја гледале Србија во границите на некогашното Душаново Царство. Поборниците на второто гледиште поради слабите позиции на српската пропаганда во Македонија биле подготвени на компромис со Бугарија и Грција. Во 1889 година, Србија ја покренала иницијативата за создавање на балкански сојуз помеѓу Србија, Грција и Бугарија против Османлиската Империја, со претходен договор за поделба на Македонија. [92] Во август 1889 година, претседателот на Радикалната партија, Никола Пашиќ, заминал за Софија. Притоа на бугарскиот премиер, Стефан Стамболов, му понудил спогодба за поделба на Македонија на сфери на влијанија.[93] Стамболов го одбил предлогот, со образложение дека Бугарија сака пријателски односи со Србија, но во исто време и да ги зачува добрите односи со Османската Империја.[94] Тој исто така сметал дека од таквата спогодба корист би имале само Србите.[95]

Отфрлена од Бугарија, Србија започнала преговори со Грција. Бидејќи Србија немала свој дипломатски претставник во Грција, за преговарач бил одреден српскиот претставник во Цариград, Стојан Новаковиќ. Преговарач од грчка страна бил Маврокордатис. Во август 1890 година, во Цариград започнале преговорите помеѓу Србија и Грција. [96] Новаковиќ го известил Маврокордатис дека од српска страна биле поставени 2 услова: во српската сфера на влијание да

---

[90] М. Митрова, Кралството Србија и Османлиска Македонија..., 27; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 9.
[91] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 239.
[92] В. Ѓорѓиев , Слобода или смрт..., 35.
[93] Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 248.
[94] В. Ѓорѓиев , Слобода или смрт..., 35.
[95] Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 248.
[96] Исто; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 36.

влезат Косовскиот и Битолскиот, како и дел од Солунскиот вилает, како и Цариградската патријаршија да именува свои епископи во Скопје, а во другите епархии кои ќе влезат во српската сфера на влијание епископите задолжително да го знаат српскиот и црковно-словенскиот јазик.[97] Маврокордатис истакнал дека нема ништо против српски епископ во Скопје, а во согласност со поделбата на сфери на влијанија истакнал дека грчката влада смета дека северниот дел на Македонија е словенски, јужниот грчки, а средниот мешан, и дека грчката сфера на интерес треба да биде до линијата Струмица-Битола-Крушево-Охрид.[98] Преговорите биле прекинати во август или септември 1891 година.[99]

Во октомври 1891 година, Србија за свој дипломатски претставник во Атина го именувала Владан Ѓорѓевиќ, кој бил задолжен да ги продолжи преговорите со Грција.[100] Преговорите биле водени во Атина помеѓу Владан Ѓорѓевиќ и грчкиот министер за надворешни работи Драгумис.[101] На 23 август 1892 година Драгумис истакнал дека во грчката сфера треба да останат: Неврокоп, Мелник, Струмица, Битола, Крушево итн. Од друга страна Владан Ѓорѓевиќ барал Струмица, Прилеп, Крушево Битола, Костур и Охрид да припаднат во српската сфера.[102] Во српското МНР била формирана комисија со задача да изработи прецизни упатства за преговорите со Грција. За претседател на комисијата бил избран архимандритот Никифор Дучиќ, а за членови полковник Ј. Милковиќ и професор П. Срећковиќ.[103] Планот за преговори со Грција бил прифатен од МНР, и му бил доставен на српскиот претставник во Атина на 22 декември 1892 година.[104] Српскиот план содржил 2 варијанти. Првата варијанта предвидувала во српската зона да влезат: Неврокоп, Мелник, Струмица, Повардариeто, Демир Капија и Костур, а втората варијанта предвидувала српската зона да се простира до:

---

97 Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 254.
98 Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 254.
99 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 36; Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 254. Според професорот Ванчо Ѓорѓиев преговорите биле прекинати во август, а според Љ. Доклестиќ тие биле прекинати во септември.
100 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 36; К. Џамбазовски, Најзначајни српски докуметни..., 170; Љуби-ша Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 255.
101 Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 255.
102 К. Џамбазовски, Најзначајни српски докуметни..., 172-173.
103 Исто, 175.
104 Исто, 176.

Струмица, Прилеп, Битола и Охрид. Доколку Грција не го прифати првото барање, Србија предви-дувала воспоставување на неутрална зона на границите помеѓу грчките максима-листички барања и српските во јужниот дел на Македонија.[105] На 26 март 1893 година, грчката влада го одбила српскиот предлог, и останала на предлогот од август 1892 година кој бил неприфатлив за српската влада.[106] Поради терито-ријалните претензии на двете страни, и нивната непопустливост не бил постигнат договор.[107]

Во јуни 1894 година српскиот крал Александар Обреновиќ престојувал во Цариград. Во разговорот со султанот Абдул Хамид II го поставил прашњето за признавањето на српската народност во Османлиската Империја, како и за отворање на српски училишта во Македонија и „Стара Србија".[108]

Влошувањето на српско-австриските односи, и ориентирањето кон Русија ја воделе Србија кон зближување со Бугарија. Од 26 март до 15 април 1896 година бугарскиот кнез Фердинанд престојувал во Цариград. Притоа имал средба со дипломатскиот претставник Владан Ѓорѓевиќ. Пред него ја истакнал потребата од српско-бугарско зближување, и постигнување договор околу Македонија. Фердинанд исто така потенцирал дека Србите и Бугарите наместо да се караат за тоа дали македонскиот јазик е дијалект на српскиот или на бугарскиот јазик, треба да настапат заеднички пред султанот и да бараат спроведување на реформите во Македонија. На 25 април 1896 година Фердинанд пристигнал во Белград. Според професорот Ѓорѓиев оваа посета била остварена во почетокот на мај.[109] Притоа во разговор со кралот Александар Обреновиќ и премиерот Стојан Новаковиќ предлагал разграничување на сферите на влијание во Македонија. Српскиот крал барал излез на Србија на море. Тој барал реката Струма да биде гранична линија за сферите на влијанија.[110]

---

105 Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 256.
106 Исто, 257.
107 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 37.
108 Елена Стателова, Радослав Попов, Василка Тънкото, История на българската дипломатия 1879-1913, Фондация Оворено Общество, София 1994, 188.
109 История на българската дипломатия..., 226; Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 251; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 40.
110 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 40.

Србија вршела притисок врз Портата за назначување на Србин за митрополит во Скопје и за впишување на Србите како одделен милет во нуфусите.[111] На 22 јануари 1896 година, српскиот генерален конзул во Скопје Михајло Ристиќ, одржал средба со членот на османската комисија за вилаетски седишта, Хаки беј, пред кого го поставил прашањето за признавањето на српската народност, и впишувањето на Србите во нуфусите. Но Хаки беј го одбил овој предлог.[112] Во април 1897 година, султанот Абдул Хамид II, дозволил отворање на српски училишта, и издал ираде со кое му препорачал на Цариградскиот патријарх да го отстранат митрополит Амвросија од Скопје.[113]

На 16 ноември 1896 година починал Скопскиот митрополит Методиј, кој по народност бил Грк.[114] Патријаршијата одбила да постави Србин за митрополит, и за наследник на Методиј го поставила Амвросија, што предизвикало незадоволство кај србоманското население во Скопје. Светиот синод на Цариградската патријаршија на 30 август/11 септември 1897 година, донел одлука за отстранување на митрополитот Амвросија, и за нов администратор на Скопската епархија бил поставен Фирмилијан Држиќ, кандидат на Србија.[115] Во 1897 година, српскиот премиер Владан Ѓорѓевиќ заминал за Цариград. Притоа имал средба со султанот Абдул Хамид II. На средбата Ѓорѓевиќ му ги поставил на султанот следните услови: Фирмилијан да биде избран за владика, кумановската црква Св. Никола да се врати на србоманите, егзархистот Пандуров помошник на Скопскиот валија да биде заменет со србоманот Петар Крстиќ, да се изгради пругата Феризовиќ-Призрен-Сан Џовани Ди Меуки, и да се одложи поставувањето на егзархиските владики на одредено време. За возврат Ѓорѓевиќ му понудил на султанот воен сојуз меѓу Србија и Османлиската Империја.[116] Неутралниот статус на Србија во грчко-турската војна, и обезбедил право да отвори свои училишта во Битолскиот и Солунскиот вилает. Исто така било дозволено за администратор на Скопската

[111] Исто.
[112] Г. Тодоровски, Србија и реформите во Македонија..., 82.
[113] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 40.
[114] Д. Вукашин, Рад Србије..., 444.
[115] Исто, 448.
[116] Исто, 449.

епархија да биде поставен Фирмилијан.[117] Кон крајот на 1899 година, Цариградската патријаршија го поставила Фирмилијан за владика на Скопската епархија, со која управувал како администратор од 30 август/11 септември 1897 година.[118] Во меѓувреме Бугарија со поддршка на рускиот дипломат, Недилов, поднела иницијатива за автономија на Македонија, поради неспремноста да разговара за нејзина поделба. Бугарската иницијатива била отфрлена од Белград и Атина.[119]

Во почетокот на 1897 година се интензивирале српско-бугарските разговори. На 17 февруари 1897 година српска делегација на чело со Александар Обреновиќ ја посетила Софија. Два дена подоцна била потпишана спогодбата меѓу Кралството Србија и Кнежевството Бугарија.[120] Со спогодбата не било предвидено поделба на Македонија на сфери на влијанија. Со спогодбата двете влади се договориле да ги разгледаат прашањата од заеднички интерес на Македонија и Бугарија, ниедна од страните да не презема ништо без согласност на другата, додека взаемно не се договорат српските и бугарските интереси на црковен и просветен план во Османлиската Империја; двете страни да не си пречат туку взаемно да си помагаат; и со спогодбата да биде запознаен и црногорскиот кнез Никола.[121] По потпишување на спогодбата, Србија не престанала да бара разграничување во Македонија. Нејзините предлози биле 50:50. Притоа на 18 март 1897 година, српскиот дипломатски претставник во Софија, Ѓорѓе Симиќ, на средбата со бугарскиот премиер, Константин Стоилов, предлагал на Србија да и припадне територијата западно од Вардар, со Скопје и Куманово, а на Бугарија источно, а Солун да биде заеднички.[122] Стоилов истакнал дека не можел да зборува за поделба на Македонија, без согласност на владата.[123]

---

[117] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 43.
[118] Д. Вукашин, Рад Србије..., 451.
[119] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 41.
[120] История на българската дипломатия..., 239.
[121] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт ..., 42; Г. Тодоровски, Србија и реформите во Македонија..., 118; М. Миноски, Македонија во билатералните и мултилатералните договори..., 117-118; А. Христов, Јован Донев, Македонија во меѓународните договори..., 137-138.
[122] Г. Тодоровски, Србија и реформите во Македонија..., 119; Михајло Миноски, Македонија во меѓународните односи од 16 до 20 век, Скопје, 2009, 211.
[123] М. Миноски, Македонија во меѓународните односи од 16 до 20 век..., 211.

Не можејќи да се спогоди со Бугарија, Србија ги обновила преговорите со Грција. Од српска страна преговорите ги водел Михајло Миличевиќ, секретар на кралот Александар, а од грчка премиерот Тетокис, и министерот за надворешни работи Романос.[124] Преговорите започнале на 23 јуни 1899 година.[125] Грците сакале да се преговора само за сферата на интереси, а Миликевиќ побарал грчката влада да се заложи кај Патријаршијата за поставувањето на Фирмилијан за српски митрополит.[126] На 3 јули 1901 година, Романос и Миличевиќ го усогласиле текстот за договорот. Според него Србија и Грција се обврзувале да признаат една српска и една грчка сфера на влијание, чија линија на разграничување би одела од Јеникале, преку Родопите, понатаму кон Пирин, Струма, Струмица, а потоа кон Брегалница и Вардар, продолжувајќи кон Бабуна, реката Сатеска, па се до Црн Дрим и Јабланица.[127] Исто така било договорено грчката влада да се ангажира кај Патријаршијата за поставување на Фирмилијан за Скопски митрополит, а српската влада да ги повлече конзулатите во Солун и Серес. Сепак спогодбата не била потпишана бидејќи Миличевиќ добил писмо од кралот Александар да не го потпишува договорот , бидејќи грчките предлози не биле прифатливи за Србија.[128] Така преговорите повторно биле прекинати.

Русија одиграла значајна улога околу поставувањето на Фирмилијан за српски владика во Скопје. Така во писмото од вршителот на должноста британски генерален конзул во Штип и во Солун, до британскиот амбасадор Н.О Конор, од 23 февруари 1901 година пишува дека рускиот амбасадор Зиновјев, го отворил прашањето за поставување на Фирмилијан за српски владика во Скопје. Слична информација има наведено и во писмото од британскиот генерален конзул во Софија Ф.Х. Елиот, до државниот секретар за надворешни работи на Велика

---

[124] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 45.
[125]Далибор Јовановски, Преговорите меѓу Србија и Грција од 1899 година за поделба на Македонија на свера на интереси, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 20003, 48.
[126] Исто; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 45.
[127] Д. Јовановски, Преговорите меѓу Србија и Грција..., 53.
[128] Исто, 54.

Британија, Маркизот од Лерсдаун, од 8 мај 1901 година, во кое се потенцира дека назначувањето на Фирмилијан за владика се случило по интервенција на Русија.[129]

Во почетокот на 1902 година, српскиот пратеник во Атина, Стојан Бојковиќ, од грчкиот премиер, Т. Замис, барал Грција да изврши притисок врз Цариградската патријаршија да изврши хиротонисување на Фирмилијан Држиќ за Скопски митрополит.[130] Грција не превзела некои конкретни чекори по тоа прашање. Портата и понатаму го одложувала назначувањето на Фирмилијан за Скопски митрополит. Во телеграмата на рускиот дипломатски претставник во Белград, Чариков се наведува дека „султанот се откажува од утврдувањето на Фирмилијан, изговарајќи се со бугарска закана за востание во Македонија".[131] Клучна улога по ова прашање одиграл Рускиот амбасадор во Цариград, Недилов. Тој во март 1902 година го опоменал султанот Абдул Хамид II дека Цариградската патријаршија го избрала Фирмилијан за Скопски митрополит уште во 1899 година.[132] За ова известува и британскиот амбасадор во Цариград, во писмото до маркизот Ленсдаун од 22 април 1902 година.[133] Во мај 1902 година Султанот издал берат со кој се потврдувал изборот на Фирмилијан за Скопски митрополит. Фирмилијан и конечно бил хиротонисан на Видовден, 28 јуни 1902 година.[134]

## 2. Отворањето на српски училишта и формирањето на српски црковно-училишни општини во североисточна Македонија

Во периодот од 1868 до 1874 година, во Македонија имало 102 српски училишта. Во учебната 1870/71 година, во Македонија имало отворено 20 училишта, во учебната 1871/72 година 15, во учебната 1872/73 година 22, во учебната 1873/74, 20, во учебната 1875/76 година, 17.[135]

---

[129] Британски документи за историјата на Македонија (1901-1904) Том VI, Македоника литература, Скопје 2012, 151.
[130] Д. Вукашин, Рад Србије..., 452.
[131] Дракул Симон, Македонија меѓу автономијата и дележот, том 1, Скопје 1995, 400.
[132] Д. Вукашин, Рад Србије..., 452.
[133] Британски документи..., том VI..., 217.
[134] Д. Вукашин, Рад Србије..., 452; М. Митрова, Кралството Србија и Османлиска Македонија..., 43.
[135] К. Џамбазовски, Најзначајни српски докуметни...,119-120.

Првото српско училиште во Куманово било отворено во 1867 година. Во овој период биле отворени и првите српски училишта во Крива Паланка и Кратово. Во 1867 година било отворено српско училиште во село Матејче (Кумановско), во 1868 во Карпино (Кумановско) и Сув Дол (Кумановско).[136]

Во првото полугодие на учебната 1870/71 година, српскиот учител во Кратово, Зафир Поповиќ од Косово, од страна на одборот добил финансиска помош како учител во Кратово.[137] Бидејќи во второто полугодие Поповиќ започнал да работи како учител во Куманово, во учебната 1871/72 година, нов српски учител во Кратово станал Живота Миловановиќ.[138] Тој дошол како учител во Кратово благодарение на кумановските србомански чорбаџии на чело со Денко Крстиќ, кои го препорачале на кратовските србомански чорбаџии. Во почетокот на 1872 година, со доаѓањето на егзархискиот Ќустендилски епископ во Кратово, на Миловановиќ му бил оневозможен понатамошниот престој во Кратово. Заплашен од заканите на егзархистите, кон средината на ноември 1872 година, Миловановиќ го напуштил Кратово, и се вратил во Србија.[139]

Во декември 1871 година, Просветниот одбор му препорачал на Јован Ристиќ дека е потребно „да го заземе училиштето во Крива Паланка, каде што требало да биде испратен српски учител". Есента 1872 година, српскиот учител бил отпуштен по наредба на егзархискиот Ќустендилски епископ Иларион.[140] На 31 март 1870 година, Просветниот одбор на кумановското училиште му испратил една пратка учебници. Притоа биле испратени 100 буквари, и по 70 примероци од другите учебници, вкупно 800.[141] Од ноември 1870 година одборот започнал да испраќа парична помош на неговите учители. Со цел да го придобие на своја страна, српската пропаганда во првата половина на учебната 1870/71 година, парична помош му давала на учителот Сава Поповиќ, кој имал завршено Белградска богословија.[142] Во втората половина на учебната година, парична помош

[136] С. Гопчевиќ, Македонија и Стара Србија..., 314.
[137] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 200.
[138] А. Апостолов, Злетовска област..., 264.
[139] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 201.
[140] Исто.
[141] К. Џамбазовски, Најзначајни српски докуметни..., 122.
[142] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 202.

му била дадена и на учителот Зафир Поповиќ од Косово, кој претходно бил учител во Кратово. Во учебната 1871/72 година, финансиска помош му била пратена на учителот Зоран Радивоевиќ, од Црна Гора.[143] Во текот на истата учебна година финансиска помош добил и учителот во Злетово Јаков Апостоловиќ.[144]

Бидејќи мнозинството од селата во кумановско се определиле за егзархијата, српските учители кои имале поддршка од србоманските чорбаџии на чело со Младен Крстиќ, започнале да го напуштаат Куманово. Во учебната 1872/73 година, Просветниот одбор за српски учители во Куманово ги ангажирал Илија Атанасовиќ од Босна, и неговата жена Милка, кои во почетокот на учебната 1872/73 година, од Кичево пристигнале во Куманово. Кога во почетокот на 1873 година, се разгорел судирот меѓу егзархистите и патријаршистите во Куманово, егзархистите започнале да им ги палат куќите на патријаршистите, па семејствата на српските агитатори морале да се врати во Србија.[145] Во јуни 1875 година, Просветниот одбор го испратил во Куманово, Зафир Златановиќ и неговата жена со цел да отворат приватно училиште.[146] Тие за својата работа добивале пари од одборот, се до мај 1876 година, кога го напуштиле Куманово и заминале за Србија.[147]

Настаните за време на српско-турската и руско-турската војна 1876-1878, го прекинале постоењето на српските училишта во Македонија.[148] Во учебните 1887/88, 1888/89, 1889/90, српската пропаганда ја проширила својата дејност во патријаршиските села во Кумановската каза. ДСС и МП кон крајот на 1887 и почетокот на 1888 година, упатиле српски учители во Куманово, со намера да отвораат српски училишта.[149]

Во тој период српското Министерство за просвета ги презело обврските околу издржувањата на учителите на околу 20 „патријаршиски словенски училишта", од

[143] Исто.
[144] А. Апостолов, Злетовска област..., 265.
[145] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 202.
[146] Исто; Ѓраѓа за историју македонског народа из архива Србије, том IV, књига I (1879-1885), Београд, 1985, 42.
[147] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 202.
[148] Историја на македонкиот народ кн. 2 ..., 122; А. Апостолов, Злетовска област..., 265.
[149] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 410.

кои повеќето постоеле и претходно. Така во извештајот на српскиот пратеник во Цариград од 6 октомври 1888 година, се наведува дека на српскиот учител во Куманово платата му била 1000 динари.[150]

Во меѓуврме на српската пропаганда и станало јасно дека не може да добие потполна поддршка кај Патријаршијата. Поради тоа, таа почнала да презема иницијативи за преземање на контролата во патријаршиските црковно-училишни општини во Македонија, или да основа нови од своите приврзаници.[151] Поттик за основање на црквно-училишни општини бил примерот на патријаршиската црквно-училишната општина во Куманово. Српскиот конзул во Скопје Кариќ, преку поткуп на патријаршискиот епископ во Скопје, Методиј, и во соработка со приврзаниците на српската пропаганда, во 1890 формирал црковно-училишната општина во Куманово, а во 1891 година успеал да издејствува формирање на црковно-училишна општина во Кратово, а следната 1892 година во Крива Паланка.[152] Со овие општини раководеле архијерејски намесници назначувани од страна на митрополитот Методиј. Претходно, овие свештеници биле егзархиски, а по преминот кон српската пропаганда продолжиле богослужбата да ја изведуваат на црковнословенски јазик.[153]

Со Законот за јавна настава од 1892 година, училиште можело да биде отворено откако ќе добие одобрение од надлежните османлиски власти. Притоа просветниот кадар и учебниците ги одобрувало османлиското Министерство за просвета.[154] Со законот српските училишта биле отворани или како „тајни училишта" или како училишта на грчиот милет, но со настава на српски јазик познати уште и како „словенски патријаршиски училишта". Но овие „тајни училишта" набргу биле затворени, по наредба на Великиот везир.[155] Во 1892 година, српската пропаганда започнала со отворање на училишта во Куманово. Во декември истата

---

[150] Грађа за историју македонског народа..., 239-240.
[151] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 372.
[152] Исто, 375; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 36; А. Апостолов, Злетовска област..., 267. Според А. Апостолов, црковно-училишните општини во Куманово, Крива Паланка и Кратово биле формирани кон крајот на 1890 и почетокот на 1891 година.
[153] М. Митрова, Кралството Србија и Османлиска Македонија..., 37.
[154] Исто, 38.
[155] Д. Вукашин, Рад Србије..., 335.

година, кумановската патријаршиска црковна општина отворила „патријаршиско словенско училиште". Меѓутоа по жалба на егзархистите кои тврделе дека училиштето не било одржливо, затоа што требало најмалку 30 куќи за да може едно училиште да почне со работа, османлиските власти го затвориле училиштето. Во февруари 1893 година, српскиот конзул Станковиќ, со помош на епископот Методиј, повторно го отворил истото училиште, а од мај 1893 година започнале со работа машко и женско српско училиште во Куманово. Во двете училишта работеле 3 учители, бидејќи вкупно имало запишано 150 ученици.[156] Во истиот период со помош на митрополитот Методиј започнале да се отвараат „патријаршиски словенски училишта" и во Кратовската каза.

Кон средината на јуни 1893 година, Портата дозволила отворање на српски приватни училишта во Скопскиот вилает.[157] По одобрувањето на работата на српските училишта во Скопскиот вилает од страна на Портата, „православните црковни општини" започнале да се нарекуваат, „српски црковно-училишни општини".[158] Во согласност со епископот Методиј, општините ова име го ставиле на своите печати. Истовремено Цариградската патријаршија по сугестија на Портата прифатила нејзините правила да не се однесуваат на „словенските" туку само на грчките училишта. Со тоа патријаршијата го изгубила покровителството над „словенските училишта" во Скопскиот вилает, кои реално биле училишта на српската пропаганда, и кои започнале да работат со дозвола на османлиските власти.[159]

Така кон во овој период во Скопскиот вилает биле отворени српски училишта во Тетовската, Скопската, Кумановската каза, (во селото К'шање),[160] а во учебната 1893/94 година било отворено српско училиште во Злетово (Кратовска каза).[161] Според статистичките податоци на Миленко В. Веселиновиќ, во учебната 1893/94

---

[156] Исто.
[157] М. Миторва, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 39.
[158] Д. Вукашин, Рад Србије..., 336; Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 339.
[159] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 264.
[160] Д. Вукашин, Рад Србије..., 336.
[161] А. Апостолов, Злетовска област..., 268.

година во Скопскиот санџак имало 52 српски училишта, со 1957 ученици и 61 учител.[162]

Српските конзули во Македонија перманентно работеле на отворање на српски училишта и правеле распоред на учителите. Во учебната 1894/95 година била отворена српската гимназија во Скопје. Истовремено започнала и подготовка на соодветен учителски кадар. Така со отворањето на 5-то и 6-то одделение се создале услови за школување на учителски кадар за српските училишта во Македонија.[163]

Со дозволата на османските власти за отворање на српски училишта, се заострила борбата меѓу патријаршистите и егзархистите. Така на пример, егзархискиот митрополит во Скопската епархија, Теодосиј Гологанов, му пишувал на кајмакамот во Куманово, дека учителот во Старо Нагоричане бил плаќан од страна на Србија, и децата ги учел не од словенски туку од српски книги.[164] Учителот од Старо Нагоричане бил вратен во Куманово. Од друга страна, митрополитот Теодосиј во Старо Нагоричане испратил егзархиски учител. Во периодот од 1894 до 1897 година српската пропаганда забележала извесни успеси во придобивање на ученици во Кумановската каза, додека во Кратовската и Кривопаланечката каза, не само што немала успеси, туку и загубила дел од веќе привлечените ученици.[165]

Во Скопскиот вилает во периодот од 1896 до 1897 година, српската пропаганда успеала не само што успела да ги задржи „патријаршиските словенски училишта", туку и да придобие дел од егзархиските ученици и учители. Случај со преминување на егзархиски приврзанци на страна на српската пропаганда имаме во Кратовско. Така во писмото од Скопскиот митрополит до архијерејското намесништво во Кратово од 19 октомври 1895 година, пишува дека „во митрополијата пристигнала жалба против Лесновскиот учител, Д. Христов, од страна на Поп Атанас, Икономот Иванов и селскиот коџобашија, во која тие пишувале дека тој не бил способен за таа работа, дека бараат друг учител или во спротивно ќе преминат во

[162] Д. Вукашин, Рад Србије..., 338.
[163] Исто, 341.
[164]Споменица двадесетпетгодишњице ослобоѓења Јужне Србије..., 264; Граѓа за историју македонског народа..., 408.
[165] Граѓа за историју македонског народа..., 403.

србството“.[166] Од приложеното писмо се гледа колку, незадоволството на селаните од работата на еден учител, можела да влијае за преминување на населението од една пропаганда кон друга. Сличен таков пример имаме во училиштето во маалото Св. Никола во Кратово. Во писмото од учителите во училиштето од 8 јануари 1895 година пишува „поради самоволијата на еден управител решиле да преминат под патријаршијата“.[167]

Во учебната 1901/1902 година, бројот на српски училишта во Македонија достигнал 217, а бројот на ученици 9179. Притоа Скопскиот конзулат, кој опфаќал територија во Македонија и „Стара Србија“ отворил 165 училишта, со 6503 ученици и 280 учители.[168]

## 3. Борбата меѓу егзархистите и патријаршистите (србомани) за контрола на црквите во североисточна Македонија

Кога во 1885 година српската пропаганда започнала да дејствува во Македонија, македонските православни христијани биле поделени на егзархисти и патријаршисти. Пошироко дејствување на српската пропаганда не било изводливо, без придобивање и на едните и на другите.[169] Притоа, големо внимание било посветено на Скопје и Куманово.[170] Српската пропаганда успеала да ги придобие патријаршистите во Кумановската и Кратовската каза.[171] Во Кумановско, кон крајот на 80 години на XIX век, српското влијание постоело само кај некои семејства, кои во 70-те години на XIX век одржувале врски со Србија. Бидејќи Куманово бил најсеверен град во Македонија, оттука требало да започне пробивот на Србија кон Македонија. Исто така за раководителите на српската пропаганда во Македонија, Куманово било значајно затоа што преку него требало

[166] Државен Архив на РМ, Фонд: Архиерејско намесништво Кратово, кутија 1, АЕ 46/142.
[167] Исто, АЕ 101/209.
[168] М. Митрова, Кралството Србија и Османлиска Македонија...40.
[169] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи...370.
[170] В. Д. Карамфилов, Дейността на сърбоманите в Куманово и околността, Сборникъ Илинденъ 1903-1922, София, Печатница П. Глушковъ, 1922., 94.
[171] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 378.

да се дејствува кон Кратово и Крива Паланка.[172] Српската пропаганда се обидела на своја страна да привлече видни граѓани на Куманово, а првенствено Власите кои биле доселени од Крушево.[173]

Во рамките на Кумановската каза српската пропаганда започнала да дејствува во 1890 година.[174] Во почетокот пропагандистите настојувале да ги придобијат патријаршиските села, а потоа и егзархиските. Српскиот конзул Кариќ во почетокот на 1890 година настојувал да ја придобие кумановската патријаршиска општина, и истата да ја прошири со придобивање на егзархистите.[175] По негова иницијатива било покренато прашањето за куманов-ската црква која претходно наизменично ја користеле и егзархистите и патријаршистите. Во 1890 година кумановскиот суд донел одлука со која на егзархиските свештеници им бил забранет пристапот во црквата.[176] Меѓутоа, егзархистите преку Цариград се обиделе да го побијат тоа решение. Од друга страна, патријаршистите се обратиле кон Скопскиот митрополит да го спроведе решението на кумановскиот суд, и да им забрани на егзархистите пристап во црквата. Скопскиот валија го одложувал решението на судот, се до 1891 година, кога османските власти во Куманово ги протерале егзархиските свештеници од црквата, при што црквата ја заклучиле и клучот го предале на патријаршискиот митрополит Паисиј.[177]Тогаш кумановските егзархисти со своите свештеници заминале за Скопје, од кај што се вратиле заедно со Скопскиот егзархиски митрополит Теодосиј Гологанов. Последниов пристигнал во Куманово за време на празникот Св. Архангел Михаил, при што се обидел со сила да ја отвори црквата, но османските власти не го дозволувиле тоа. Во овој период српскиот конзул во Скопје, Кариќ, бил во лоши односи со помошникот на Скопскиот валија, кој поради тоа застанал на страната на егзархистите.[178]

---

[172] Исто, 385.
[173] В. Д. Карамфилов, Дейността на сърбоманите в Куманово и околността..., 94.
[174] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 385.
[175] Исто.
[176] Ј. Хаџи Васиљевиќ, Јужна Стара Србија..., 513.
[177] Исто.
[178] Исто.

Кратово бил еден од првите градови во источниот дел на Скопскиот санџак, во кој започнала да дејствува српската пропаганда. Кон крајот на 1891 и почетокот на 1892 година, таа успеала да придобие двајца егзархиски свештеници, со неколку десетици куќи, и една црква, во која се вршела богослужба на црковнословенски јазик.[179] Прв кој ја прифатил српската пропаганда во Кратово бил Ѓорѓе Алексиќ. Тој во 1891 година станал патријаршиски свештеник, и со својот син Јован Поповиќ „ја обновил замрената српска партија во Кратово и станал прв архијерејски намесник на српската црковно-училишна општина“.[180] Во Кратовската каза од 1893 година, српската пропаганда успеала да го придобие егзархиското село Шталковица,[181] а од 1894 година Злетово, при што настојувала да придобие и други села.[182] Во 1893 година започнала борбата меѓу егзархистите и србоманите за контрола на црквата „Успение Богородично“ во Злетово.[183] Османските власти донеле одлука двете пропаганди да имаат право наизменично да служат во црквата.[184]

Српската пропаганда делувала преку свештеници, при што од 1894 година го плаќала свештеникот во село Челопек, како и преку учители што ги издржувала. Откако во февруари 1894 година српската пропаганда успеала да придобие 30 нови егзархиски куќи во Куманово, бугарската пропаганда превзела контра офанзива.[185] Тогаш кумановските егзархисти побарале од османските власти тие да добијат 2, а патријаршистите 1 недела богослужба во црквата.[186] Но кумановскиот суд го одбил ова барање.

Во Крива Паланка српската пропаганда започнала да дејствува во 1894 година, кога успеала да придобие 20 егзархиски куќи.[187] Истата година во Крива Паланка била основана црковна општина, чии 2 члена ги плаќала српската пропаганда, од кои еден свештеник и еден архијерејски намесник, поставени од

---

[179] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 386 .
[180] А. Апостолов, Злетовска област..., 267.
[181] Исто, 268.
[182] Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 386.
[183] А. Апостолов, Злетовска област..., 278.
[184] Исто, 279.
[185] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 385-386.
[186] Ј. Х. Васиљевиќ, Јужна Стара Србија..., 514.
[187] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 387.

епископот Методиј. Тие сакале да ја добијат градската црква, но не успеале во тоа. Не сакајќи да и дозволи на српската пропаганда да дејствува во непосредна близина на бугарската граница, бугарската пропаганда настојувала да ја истисне истата. Поради тоа на патријаршистите не им било дозволено да ги употребуваат градските гробишта, а на трговците егзархисти им било забрането да им продаваат на патријаршистите.[188] Од селата во Кривопаланечката каза, српската пропаганда во 1895 година, успеала да се пробие во Станче и Ранковце.[189] Во овие села, српската пропаганда имала свои свештеници, и успеала да се зацврсти во нив. Во писмото од архијерејскиот егзархиски наместник во Кратово, до Скопскиот егзархиски митрополит од 1895 година, пишува дека србомани имало во селото Лесново, каде што тие ги терале селаните да се изјаснуваат како Срби, а за таа цел на селаните им било давано сребро.[190] Од ова можеме да заклучиме дека српската пропаганда за да ги постигне своите цели се служела и со поткуп. Во едно друго писмо, од 15 февруари 1895 година, пишува дека во селото Злетово имало србомански манастир, и дека селаните од селото биле оставени сами да се борат против србоманите. Во писмото од управата на црквата Св. Богородица во с. Злетово до архијерејскиот наместник во Кратово, пишува дека свикале состанок со цел „смирување на српските и бугарските партии", што значи дека во овој период во Злетово се разгорела борбата меѓу егзархистите и србоманите. Борбата меѓу двете пропаганди одела до тој степен, што имало случај кога двајца браќа (каков што бил примерот со Моне и Нико Апостолови), припаѓале на две различни пропаганди.[191]

Во 1895 година, српската пропаганда започнала борба за придобивање на една црква во Кратово. Во врска со ова, Скопската митрополија испратила писмо до егзархискиот архиерејскиот наместник во Кратово во кое пишува „србоманите сакаат да ја добијат црквата Св. Иван, но за такво нешто немале заповед од кајмакамот". [192] Во писмото од 12 мај 1896 година, егзархискиот Скопски митрополит му пишува на егзархискиот архиерејскиот наместник во Кратово дека

---

[188] Исто.
[189] Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 388.
[190] ДАРМ , Фонд: Архиерејско Намесништво Кратово, кутија 1, АЕ 6/10-94.
[191] А. Апостолов, Злетовска област..., 279.
[192] ДАРМ, Фонд: Архиерејско Намесништво Кратово, кутија 1, АЕ 106/214.

„црквата Св. Иван треба да остане бугарска, и дека со ситни работи, како што се истерувањето на србоманите сами треба да се справат“. Српската пропаганда во Кратово дејствувала преку членовите на управата на црквата, и преку двајца свештеници, од кои едниот бил архијерејски намесник, како и преку учителите кои биле нејзини платеници.[193]

Кумановските егзархисти се решиле на своја рака да го решат проблемот со црквата во Куманово. За време на празникот Богојавление, кој во 1897 година се паднал во недела, егзархистите упаднале во црквата за време на богослужбата, со намера да ги избркаат патријаршистите.[194] Тогаш во црквата настанала тепачка помеѓу егзархистите и патријаршистите. Притоа и на двете страни имало многу повредени.[195] Интервенирала и жандармеријата при што биле уапсени многу егзархисти. И кумановскиот, и скопскиот вилаетски суд, останал на старото решение, и не ги прифатиле барањата на егзархистите. Но по инсистирањето на кумановските егзархисти, на 18 април 1897 година, лично од султанот Абдул Хамид II, пристигнала наредба до локалните власти во Куманово, да ја предадат кумановската црква Св. Никола на егзархистите.[196]

Постоеле случаи на преминување од една пропаганда кон друга. Така скопскиот егзархиски митрополит во своето писмо до егзархискиот архијерејскиот намесник во Кратово, го обвинува свештеникот Павел „дека ја продал својата народност, и дека земал пари и од српскиот конзул и од митрополијата“, и затоа бара од намесникот да го разреши споменатиов свештеник.[197] Од своја страна, свештеникот Павел во писмото до архијерејскиот намесник пишува дека „нема намера да ја смени народноста“ и дека митрополитот тоа го пишува од лични побуди. Егзархијата правела напори тие што се одметнеле од неа и се приклучиле кон патријаршијата да ги врати повторно под своја јурисдикција. Таков е случајот е регистиран во писмото од скопскиот егзархиски митрополит до архијерејското намесништво во Кратово од 25 јули 1897 година. Во него се бара намесништвото да

[193] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 386.
[194] Исто; Британски Документи за историјата на Македонија (1886-1900), том 5, 491.
[195] Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 386.
[196] Ј. Х. Васиљевиќ, Јужна Стара Србија..., 515.
[197] ДАРМ , Фонд: Архиерејско Намесништво Кратово, кутија 1, АЕ 9/97.

ги одврати од српската пропаганда селаните од Злетово и Шталковица.[198] Слично се однесувале и приврзаниците на српската пропаганда, кон оние што се обидувале да ја напуштат истата, и да преминат под Егзархијата. Таков случај можеме да забележиме во писмото од егзархиското архијерејското намесништво до Скопската егзархиска митрополија, од 20 октомври 1897 година. Во него се зборува за судир меѓу србоманите, и оние што ја напуштиле Патријаршијата, при што пишува дека извесен Алексо, вечерта на 19 октомври 1897 година, бил нападнат од група србомани, но успеал да избега.[199] Очигледно е дека одредена група на луѓе постојано преминувале од една пропаганда кон друга, што предизвикувало реакции од пропагандата што претходно ја напуштале, а судирот меѓу двете пропаганди постојано растел.

Кумановските патријаршисти биле незадоволни од одлуката на султанот, за предавање на црквата Св. Никола на егзархистите. Поради тоа 80 патријаршисти предводени од Димитрија Николиќ заминале за Скопје и побарале од скопскиот валија да им го врати редот во црквата. Но валијата го одбил барањето на патријаршистите. Во врска сот тоа биле испратени молби до Султанот, Великиот везир, Министерот за правда и вера, Косовскиот валија, но ништо не било постигнато. На 1 април, Велигден 1898 година, патријаршистите се обиделе насилно да ја заземат црквата Св. Никола. Пред влезот на црквата биле поставени 400 војници. Патријаршистите успеале да го пробијат кордонот пред црквата, но биле исфрлени од страна на егзархистите и османските власти, а црквата останала повторно затворена. Таа била затворена 5 месеци, а потоа била отворена и предадена на егзархистите. Егзархистите успеале да ги презамат и манастирите во с. Матејче и с. Градиште.[200] Исто така, на страна на егзархијата останале селата Јачинце и Бајловце.[201] Откако не успеале да ја заземат црквата, патријаршистите со помош на османските власти зазеле едно егзархиско црковно место, и на него

[198] А. Апостолов, Злетовска област..., 280.
[199] ДАРМ , Фонд: Архиерејско Намесништво Кратово, кутија 1, АЕ 271/506.
[200] Исто.
[201] Драган Ташковски, Раѓањето на македонската нација, НИП „Нова Македонија", Скопје, 1967, 152.

набиле крст.[202] За архијерејски свештеник во Куманово, патријаршистите го ракоположиле Влавот од Крушево поп Ташко.[203] Како реакција на тоа се кренале кумановските егзархисти, предводени од учителката Екатерина Симитчиева. Притоа учителката поминала низ аскерскиот кордон и го турнала крстот, но била прободена заедно со детето во нејзината утроба. Поради тоа од страна на егзархистите била прогласена за светица.[204]

Според српските податоци, во Куманово во 1896 година имало 425 патријаршиски и 575 егзархиски куќи, а според бугарските 124 патријаршиски и 870 егзархиски куќи.[205] Околу разликите во бројките треба да се има во предвид дека и едната и другата пропаганда сакале да прикажат што поголема бројка на население на нивна страна, со цел да се прикаже дека поголем број од населението биле „Срби" или пак „Бугари". Она што може да се забележи и од едните и од другите податоци, е дека бројот на егзархиски куќи во Куманово во овој период бил поголем од бројот на патријаршиски куќи. Треба да се додаде и тоа дека српската народност во Османлиската Империја не била признаена, па српската пропаганда делувала преку Патријаршијата, особено по назначувањето на Фирмилијан, најпрвин за администратор, а потоа и за Скопски митрополит, во рамките на Цариградската патријаршија. Така под името патријаршисти се претпоставува дека се криеле приврзаници на српската пропаганда, кои што од егзархистите биле нарекувани уште и „србомани". Овој термин ќе биде користен понатаму во трудот, со цел да се прави разлика од оние патријаршисти кои биле приврзаници на грчката пропаганда, и кои биле нарекувани уште и гркомани.

Во Кумановската каза во 1896 година, според српски податоци имало 1365 патријаршиски, и 5700 егзархиски куќи, а според бугарски податоци имало 840 патријаршиски и 2932 егзархиски куќи.[206] Во извештајот на Скопскиот патријаршиски митрополит Фирмилијан, од 1902 година имаме статистички податоци за бројот на куќите кои припаѓале на „српската" народност, односно на

---

[202] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, том прв, Илинденско востание, превод Иван Катарџиев, Скопје, 1983, 97.
[203] В. Д. Карамфилов, Дейността на сърбоманите в Куманово и околността..., 94.
[204] Х. Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, том прв..., 97.
[205] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 386.
[206] Исто.

патријаршијата. Па така, според овие податоци во Куманово имало 310 патријаршиски куќи. Во селата во Кумановската каза, најмногу патријаршиски куќи имало во Старо Нагоричане 141, а најмалку во Сушево 5. Вкупно во целата Кумановска каза имало 1674 патријаршиски односно „србомански" куќи.[207] Во извештајот не е наведен бројот на егзархиските куќи, поради што е тешко да се изврши споредба.

Според бугарските податоци, во 1896 година во Кратово имало 45 патријаршиски и 255 егзархиски куќи,[208] а според извештајот на Скопскиот патријаршиски митрополит Фирмилијан имало 53 патријаршиски куќи, но нема податок за егзархиските куќи.[209] И според овие податоци бројот на егзархиските куќи бил поголем.

Според бугарските податоци во 1896 година, во селата Злетово и Шталковица имало 63 патријаршиски, и 84 егзархиски куќи, а во другите села имало 2165 егзархиски куќи.[210] Според извештајот од Скопскиот патријаршиски митрополит Фирмилијан, во селата во Кратовската каза најмногу патријаршиски куќи имало во селата Шталковица и Рударе, по 40, додека најмалку во Горно Кратово – 15 куќи. Вкупно во целата Кратовска каза имало 248 патријаршиски куќи.[211] И овдека не е даден бројот на егзархиските куќи.

Според бугарските податоци во Крива Паланка во 1896 година, имало 6 патријаршиски и 245 егзархиски куќи.[212] Според извештајот од Скопскиот патријаршиски митрополит Фирмилијан во Крива Паланка имало само 3 патријаршиски куќи.[213] И тука не е наведен бројот на егзархиските куќи, но и според едните и според другите податоци, бројот на патријаршиските куќи во Крива Паланка бил многу мал, што значи дека српската пропаганда тука била многу послаба отколку во Куманово и Кратово.

---

[207] ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 1, АЕ 5/62-63.
[208] Исто.
[209] ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 1, АЕ 5/62-63.
[210] Љ. Доклестиќ, Српко-македонските односи..., 387
[211] ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 1, АЕ 5/62-63.
[212] Исто, 388.
[213] ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 1, АЕ 5/62-63.

Според бугарските податоци во селата Ранковце и Станче, во 1896 година имало 9 патријаршиски и 148 егзархиски куќи, а во другите села од казата имало 2711 егзархиски куќи. [214] Според извештајот на патријаршискиот Скопски митрополит Фирмилијан, во Ранковце имало 5, а во Станче 13 патријаршиски куќи, додека во целата Кривопаланечка каза имало вкупно 21 патријаршиска куќа.[215] До крајот на XIX и почетокот на XX век, српската пропаганда постигнала значајни резултати на сметка на бугарската во Скопската епархија, односно во Кумановската каза, каде што речиси половина од македонското православно население ја прифатило српската пропаганда, додека во Кривопаланечката и Кратовската каза, егзархијата успеала да го сочува мнозинството православни христијани на своја страна.[216]

## 3. Македонската револуционерна организација и српската пропаганда во североисточна Македонија (1894-1903)

На 23 октомври/4 ноември 1893 година, во Солун била формирана Македонската Револуционерна Организација (МРО). [217] Цел на МРО било извојување на политичка автономија на Македонија во нејзините географски граници. Во текот на 1894 и 1895 година започнале да се формираат комитети на МРО во внатрешноста на Македонија. Иако во „Илинденските сведоштва“ како година на формирање на комитетот на МРО во Куманово се наведува 1894, сепак најверојатно е дека истиот бил формиран во 1895 година, кога биле формирани и комитетите во Кратово и Крива Паланка. Иницијатори за формирање на комитетот биле кумановски интелектуалци, кои што се школувале во Солунската машка егзархиска гимназија, и работеле како учители во Куманово или во кумановските села. Притоа со своите активности посебно се истакнувале: Аксентиј Јованов-Борозанов, Христо Кипријанов, Димитар Бошков, Александар Крстев,

---

[214] Исто.
[215] ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 1, АЕ 5/62-63.
[216] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија...40.
[217] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 128; Х. Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 59; М. Митрова, Кралството Србија и Османлиска Македонија..., 60.

Евгенија Поп Арсова и Петре Давев.[218] Според кажувањето на Ѓорѓи Трајков-Ачпаловски, кој бил член на МРО, во комитетот на Организацијата во Куманово влегле: Ѓорѓи Ачпаловски, Атанас Крстев, Димчо Поп Арсов, Ангел Голамохов и Миле Стојманов-Камбанак.[219] Сите членови на комитетот положиле заклетва во куќата на егзархискиот архијерејски намесник во Куманово, Димитриј Бошков.[220] Од друга страна според Миодраг Арсовски-Болто, во овој период во Куманово пристигнал Димитар Мирасчиев, по потекло од Штип и учител во Крива Паланка, и тој во куќата на Ѓорѓи Јованов-Борозанов го формирал комитетот на МРО во Куманово.[221] Притоа во комитетот влегле: Ѓорѓи Караманов (претседател), Денко Пешев, Петко Костов-Думановски, Аксентиј Јованов-Борозанов и Диме Ќумбетчијата, кој бил избран за курир на комитетот. Крсто Лазаров тврди дека за основачи на МРО во Куманово се сметаат: Аксентиј Борозанов, Георгиев, Стојчо Чекров, Ангел Голомахов, Христо Кипријанов и др.[222] Во текот на 1895 година, се започнало со формирање на селски комитети на МРО во Кумановско. Селски комитети биле формирани најпрвин во источниот дел на Кумановската каза и тоа во селата: Пчиња, Винце, Градиште, К'шање и Живиње, а потоа во северниот дел на казата во селата: Облавце, Сув Ора Канарево,[223] Челопек и Младо Нагоричане.[224] Во јужните и западните делови на казата не биле формирани

---

[218] Димитар Масевски, Миодраг Арсовски-Болто, Куманово прилози за проучување на неговото минато од Праисторијата до денес, Куманово 1996, 166; Миодраг Арсовски-Болто, Кумановска Револуционерна Организација 1894, Куманово 2007, 20.
[219] Димитар Масевски, Миодраг Арсовски-Болто, Куманово..., 166; Миодраг Арсовски-Болто, Кумановска Револуционерна Организација..., 20; Илинденски сведоштва том I, дел I, ДАРМ, Скопје 2016, 368. Иако Болто како главни извори за формирањето на комитетот ги наведува Ѓорѓи Ачпаловски и Ѓорѓи Караманов, и двајцата активисти во МРО, сепак може да се констатира дека нивните тврдења околу тоа кој го формирал комитетот, и кои биле неговите први членови воопшто не се поклопуваат. Сепак ако се земе во предвид дека Илинденските сведоштва се пишувани по втората светска војна, од страна на преживеани членови на МРО, а со цел да земат пензија, истите треба да се земаат со резерва.
[220] Д. Масевски, М. Арсовски-Болто, Куманово..., 166, М. Арсовски-Болто, Кумановска Револуционерна Организација..., 20.
[221] Д. Масевски, М. Арсовски-Болто, Куманово..., 167.
[222] Премрежјата на македонското револицинерно движење, Спомени на Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Мирчо Кикиритков и Атанас Џолев, Скопје 2006, 141.
[223] Д. Масевски, М. Арсовски-Болто, Куманово..., 168.
[224] М. Арсовски-Болто, Кумановска Револуционерна Организација..., 30.

комитети на Организацијата, поради концентрација на турско и албанско население во овие делови.[225]

На чело на селскиот комитет во с. Пчиња бил поставен Милош Павков Костовски. Во комитетот покрај Костовски биле и Данко Георгиевски и Коце Пешев. Комитетот ги опфаќал селата Пчиња, Винце и Колицко.[226] Со комитетот во с. Живиње раководел Панзо Соколов.[227] Според кажувањата на Илија Димитриевски од С. Винце (Кумановско), член на МРО, во селскиот комитет во Винце влегле: поп Нико Стојанов, поп Симе Величков, Петко Стојков Трајковски и Николчо Наков.[228]

Комитетот на МРО во Кратово бил формиран во 1895 година.[229] Константин Манев, трговец од Кратово во 1895 година поминал низ Штип, при што се сретнал со Гоце Делчев, Даме Груев и Мише Развигоров, и тие му порачале да го испрати Јосиф Даскалов кај нив. Даскалов ја прифатил поканата, и по враќањето од Штип го формирал комитетот на МРО во Кратово.[230] За претседател на комитетот бил избран Јосиф Даскалов, а за членови: Костадин Монев трговец од Кратово, Ѓорѓи Атанасов трговец од Кратово, Глигор Манасиев учител од Кратово,[231] Трајко Бабедин, Мирко Секулички, поп Ефрем, Доне Јачев, (Кусо Доне) од Шлегово, и Игуемн Козма од Лесновскиот манастир. Сите членови положиле заклетва. По неколку дена нов член на МРО во Кратово станал и Васил Лесев од Кратово.[232]

Околу селата во Кратовската каза, имаме информации за селскиот комитет во Злетово. Меѓу првите луѓе што влегле во комитетот на МРО во Злетово биле: Кузман Зафиров учител во Злетово, Димитар Воденичаров од Велес, какои Зафир

---

[225] М. Арсовски-Болто, Кумановска Револуционерна Организација..., 30.
[226] Исто.
[227] Исто; Илинденски сведоштва том IV, дел I, Скопје 2016, 170.
[228] Илинденски сведоштва том I дел II, ДАРМ, Скопје, 2016, 1288.
[229] Стојан Насевски-Шлеговски, Кратовска област, Кратово 2015, 71; А. Апостолов, Злетовска област..., 318. Според А. Апостолов комитетот бил формиран кон крајот на 1894 или во 1895 година.
[230] А. Апостолов, Злетовска област..., 318.
[231] Исто; С. Н. Шлеговски, Кратовска област..., 71.
[232] С. Н. Шлеговски, Кратовска област..., 71. Насевски како член на МРО во Кратово го наведува и Павел Шатев, што не е точно, бидејќи тој бил дел од гемиџиите.

Пикалски и Тасе Милосав, кои биле курири на комитетот, кои преку писма комуницирале со Гоце Делчев.[233]

Кратовскиот револуционерен реон бил поделен на неколку помали пунктови, при што секој член добил по еден пункт, со определен број на села. Така Јосиф Даскалов бил задолжен за Кратово, со цел да прибира приврзаници на Организацијата. Трајко Бабедин бил задолжен за селата по течението на Крива Река, Доне Јачев за Шлегово, Приковци, Горни и Долни Стубол, Плашенци, Пробиштип и други. Поп Ефрем бил задолжен за Барбарево, Горна и Долна Секулица, Татомир, Стрезовци и други села до Свети Николе. [234] Околу формирањето на комитетот на МРО во Крива Паланка не располагаме со податоци. Со оглед на тоа дека го наоѓаме Димитар Мирасчиев како учител во Крива Паланка кој бил уапсен во Виничката провала, може да се претпостави дека тој го формирал комитетот на МРО во Крива Паланка. Раководител на месниот комитет на МРО во село Станче (Кривопаланечко) бил Станојко Јовев Петров.[235]

За време на Велигденската ваканција во 1896 година бил одржан конгресот на МРО во Солун.[236] Организацијата од овој конгрес излегла со ново име Тајна Македонско-Одринска револуционерна организација (ТМОРО). Во согласност со новата територијална реорганизација на Солунскиот конгрес, територијата на североисточна Македонија влегувала во составот на Скопскиот револуционерен округ.

МРО од своето формирање се изјаснила против туѓите пропаганди во Македонија, вклучително и против српската пропаганда, што било прокламирано и во Уставот од 1897 година. Српската пропаганда гледала сериозен противник во ТМОРО за остварување на своите интереси. Меѓутоа Србија не го согледувала самостојниот карактер на ТМОРО, и во неа гледала орудие на бугарската држава и бугарската пропаганда во Македонија.

---

[233] А. Апостолов, Злетовска област..., 319.
[234] Исто.
[235] Илинденски сведоштва том II дел II, Скопје, 2016, 860.
[236] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 215.

Во овој период со Скопскиот револуционерен округ, во чиј состав била територијата на североисточна Македонија раководел Христо Матов. Тој како егзархиски училишен директор, и организациски раководител неколку години живеел и работел во Скопје. Матов во извесна смисла одстапувал од самостојниот карактер на ТМОРО, и наместо на чисто револуционерна работа повеќе внимание посветил на борбата против српската пропаганда. Кога судирот меѓу двете пропаганди се заострил по прашањето за Фирмилијан, Матов напишал и објавил во Софија, две антисрпски статии.[237] За овие ставови, Организацијата често му приговарала на Матов.[238]

Иницијативата на бугарската влада за преговори меѓу Бугарија и Србија, за поделба на Македонија на сфери на влијанија, била пречекана со отпор во редовите на ТМОРО. Во 1897 година, Христо Матов во согласност со Организацијата, како претставник на Скопскиот округ заминал за Софија, да ги убедува и заплашува бугарските политичари да не дозволат такво нешто. Ѓорче Петров укажувал дека Организацијата ја сфатила опасноста од политички комбинации зад нејзиниот грб, што ја натерало да биде уште попретпазлива и посамостојна.[239] Бугарската влада сметала дека ТМОРО претставува опасност за бугарските интереси, и се обидувала истата да ја стави под своја контрола. Така во писмото на бугарското Министерство за надворешни работи и вероисповед до бугарските трговски агенти во Македонија од 3 септември 1898 година бугарскиот министер за надворешни работи пишува „Организацијата е еден факт, кој што може да има влијание врз самосознанието меѓу Бугарите во Македонија и врз нашата надворешна политика. Кога е така, должност на нашите трговски агенти е да се запознаат со таа Организација, да ги знаат нејзините дејствија и врз неа да стекнат такво влијание, така што таа да не може да прави ништо спротивно од погледите на бугарската влада“.[240] Во врска со ова Христо Матов на 27 септември 1898 година испратил писмо до бугарскиот премиер Константин Стоилов од името на ЦК на ТМОРО. Во писмото Матов пишува „Господине Претседателе, пред неколку дена

---

[237]Манол Пандевски, Националното прашање во македонското ослободително движење, (1893-1903), Култура, Скопје 1974, 117.
[238] Историја на македонскиот народ..., 214.
[239] Исто, 215.
[240] Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 поглед низ документи, Матица Македонска, Скопје 2013, 135.

К. Стоилов, во својство на министер за надворешни работи, преку свое окружно издал наредба на бугарските трговски агенти, од сега, па натаму да проповедаат на населението да се варди од Револуционерната организација, која не била ништо друго освен чета од „разбојници“. Тоа известување, навистина го изненади и зачуди Централниот македонско-Одрински революционерен комитет. Го зачуди и го изненади, зашто Комитетот никогаш не можеше да си помисли дека ќе се најде високо поставен Бугарин, кој би се дрзнал да квалификува едно дело, кое специјално си поставило за цел, да служи на најсветлиот идеал на неослободеното македонско-дринското население“.[241] Изјавата на Ѓорче и писмото на Матов, само го потврдува самостојниот карактер на ТМОРО, во однос на бугарската држава. Организацијата подеднакво гледала непријателски и кон едната и кон другата пропаганда, како и кон обидите на двете балкански држави да договараат поделба на Македонија зад нејзиниот грб.

Ноќта на 14/26 наспроти 15/27 ноември 1897 година, една разбојничка банда во состав од 15-16 члена, предводена од Коте Голчев од Берово, влегла во село Виница и го убила Ќазим ага.[242] Како последица од ова убиство, се создала првата провала во редовите на Организацијата, позната како Виничка провала. Виничката провала нанела сериозни последици по делувањето на ТМОРО во североисточна Македонија, и овозможила поголем пробив на српската пропаганда. Приврзаниците на српската пропаганда сакале Виничката провала да ја искористат во своја полза. Србоманите измислувале обвиненија и пласирале лажни докази против дејците на ТМОРО.[243] Исто така затворените дејци на ТМОРО во кумановскиот затвор, биле испитувани во присуство на србомански првенци. Истите првенци барале од нив да се пишат Срби, а за возврат ќе им биде простено и ќе бидат ослободени.[244] Овие предлози биле одбивани од страна на дејците на ТМОРО, со одговор дека „тие биле подготвени да принесат жртви за доброто на својот народ“. Во овој период српскиот конзул во Скопје успеал да ја придобие наклонетоста на на османлиските власти. Тогашниот Скопскиот валија

[241] Исто, 141.
[242] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов. Прилог кон проучување на македонското националослободително движење, Матица Македонска, Скопје 1997, 75.
[243] Британски Документи за историјата на Македонија..., 579.
[244] Исто, 97; В. Д. Карамфилов, Дейността на сърбоманите в Куманово и околността..., 94.

Хамзи паша, барал од егзархиските првенци во Куманово „ да ја убедат младината да се откаже од комитските работи, зошто во спротивно ќе им заповеда на сите Арнаути од кумановската околија, да влезат во Куманово и сите до еден да ги заколат“. Арнаутите биле подготвени да ја извршат оваа наредба. Егзархиските првенци му кажале на валијата да им каже на Арнаутите да не го предизвикуваат егзархиското население.[245]

Активистите на српската пропаганда ја искористиле Виничката провала за проширување на својата дејност. Тие се ставиле во служба на османската власт, и се обиделе да го разединат македонскиот народ, притоа успевајќи да убедат видни македонски трговци да се пишат како Срби.[246] Според Георги Гонев Андреев, активист на ТМОРО од Куманово, „било многу тешко да се развива Организацијата поради српските шпиуни“.[247]

По Виничката провала започнало обновување на мрежата на ТМОРО во североисточна Македонија. Учителите Борозанов, Георгиев, Голумахов, Крајчев, Кипријанов, и граѓаните Кучкаревски Стојче, Орде Сечков и други, ја обновиле мрежата на Организацијата во Куманово, и започнале со организациска работа.[248] Кон средината на 1898 година биле направени обиди за обновување на мрежата на ТМОРО во Кратовско. Во јуни 1898 година, Гоце Делчев го задолжил Кратовчанецот Мите Трте, да ги одведе од Штип во Кратово двете компромитирани личности пред османските власти, Ристоман и Коце, од село Дедино (Радовишко) и да му ги претстави на кратовскиот учител Глигор Манасиев.[249] Тие биле сместени во куќата на извесен Трајче од Кратово. Меѓутоа, српскиот архијерејски наместник во Кратово, Јован поп Георгиев, ги известил османлиските власти за престојот на двете „непознати лица“ во Кратово.[250] Ристоман и Коце биле уапсени, а покрај нив бил уапсени Глигор Манасиев, училишниот слуга Џицето, Мите Трте, Ѓорѓи Џацев

[245] В. Д. Карамфилов, Дейността на сърбоманите в Куманово и околността..., 95.
[246] Исто.
[247] Илинденски сведоштва том II, дел I, Скопје 2016, 6.
[248] В. Д. Карамфилов, Дейността на сърбоманите в Куманово и околността..., 97.
[249] А. Апостолов, Злетовска област..., 345.
[250] Исто.

и Трајчо, кај кого преноќиле двете лица.[251] Така како последица на дејствувањето на српската пропаганда, повторно била провалена мрежата на ТМОРО во Кратово.

Виничката провала придонела за промена на тактиката на борба на ТМОРО, и за создавање на Четничкиот институт, чиј творец бил Гоце Делчев. Во согласност со членот 11 од Уставот на ТМОРО и Окружното од 1898 година, Гоце Делчев и Ѓорче Петров во 1900 година изработиле правилник за четите на ТМОРО. Во член 8 од Правилникот стои дека четата ги преследува сите други чети на својата територија, кои не припаѓаат на ТМОРО.[252] Овој дел е особено важен поради фактот што по формирањето на Српската четничка организација, и уфрлувањето на српските чети во Македонија, ТМОРО со своите чети жестоко се спротивставувала на српските чети, и влегувала во судир со нив, од причина што според Правилникот за чети не било дозволено навлегување на туѓи чети на територијата под контрола на Организацијата. За ова ќе зборуваме во наредните поглавја.

Во овој период во Куманово била формирана реонска чета, а во одредени села и месни вооружени чети.[253] Пролетта 1901 година, била формирана реонска чета на ТМОРО во Кратовско. За војвода на четата бил поставен Атанас Бабата, кој бил реонски војвода, а негов помошник бил Јордан Спасев наречен „Стар Јордан“.[254]

Набрзо по формирањето, четите на ТМОРО започнале со ликвидација на истакнати србомански првенци. Така на 19 октомври 1899 година, од страна на чета на ТМОРО бил убиен Јован Максимовиќ, србоман од Кратово.[255] Во декември 1900 година, бил убиен Ѓорѓи Јовановиќ од село Никуљане (Кумановско). Истиот

---

[251] Исто.
[252] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 280; В. Ѓорѓиев ВМРО 1893-1903 поглед низ документи..., 182.
[253] Д. Масевски, М. Арсовски-Болто, Куманово..., 166.
[254] С. Н. Шлеговски, Кратовска област...75; А. Апостолов, Злетовска област..., 349.
[255] ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 5, АЕ 200/416-539; Станислав Краков, Пламен четничштва..., 64. Според Станислав Краков убиството на Максимовиќ се случило во 1901 година.

месец во 1900 година, од страна на чета на ТМОРО бил убиен некој селанец, србоман од село Челопек (Кумановско).[256]

Во 1900 година ТМОРО во Кумановско била засегната од нова провала. Притоа биле уапсени видни дејци на Организацијата од Кумановско, а еден дел побегнале во Бугарија.[257] Србоманите од Куманово и во ова провала гледале шанса да ја прошират дејноста на српската пропаганда. Бидејќи голем дел од уапсените активисти на ТМОРО се нашле во во скопскиот затвор, србоманите сметале дека со последната провала Организацијата во Кумановско била парализирана, а со тоа дека се создала поволна почва за засилување на српската пропаганда. Меѓутоа, во 1901 година организациона мрежа во Кумановско повторно почнала да се зацврстува.[258]

Назначувањето на Фирмилијан за српски митрополит во Скопската епархија го зголемил револтот на македонското револуционерно движење кон српската пропаганда. Така во писмото од Марис де Бунсен, вршител на должноста британски амбасадор во Цариград, до маркизот Ленсдаун, од 11 јануари 1901 година, пишува дека една чета на Македонскиот комитет навлегла од Бугарија, при што се судрила со 100 османлиски војници. Како причина за судирот се наведува назначувањето на Фирмилијан за Скопски митрополит. Понатаму во извештајот се наведува дека 50 „Бугари" биле затворени во Куманово и биле испратени во Штип и во Скопје.[259] Најверојатно станува збор за приврзаници на ТМОРО од Куманово, кои британските дипломати гиословувале како „Бугари". Очигледно е дека и Велика Британија, како и останатите големи сили и балкански држави го сметала македонското население како бугарско, водејќи се според османскиот милет систем, кој тие не го разбирале, бидејќи терминот милет иако во буквална смисла значел народ, сепак симболизирал црковна, а не етничка припадност.

---

[256] ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија...кутија 5, АЕ 200/416-539.
[257] В. Д. Карамфилов, Дейността на сърбоманите в Куманово и околността..., 97.
[258] Исто, 98.
[259] Британски документи за историјата на Македонија..., 100-101.

Во јули 1902 година избила нова провала во Куманово. Притоа биле уапсени 24 дејци на ТМОРО од градот.[260] И овој пат србоманите од Куманово започнале разоткривање на водачите и раководителите на ТМОРО во Кумановско, и нивно предавање на османлиските власти. Од друга страна, кумановскиот јузбашија за возврат вршел притисок врз дел од уапсените да се изјаснат како Срби, притоа ветувајќи им дека во присуство на српскиот архијерејски наместник ќе ги ослободи од затворот. Некои од уапсените за да се спасат ги признале делата. Од уапсените останале 11, а другите биле ослободени. Осудените биле затворени во скопскиот затвор Куршумли Ан, но биле амнестирани на 20 февруари 1903 година, со општа амнестија за сите затвореници од Османската Империја.[261]

Српската пропаганда во североисточна Македонија со своето делување нанела извесни удари на македонското револуционерно движење во овој регион. Поради тоа главната активност на ТМОРО во североисточна Македонија, вклучително и целиот Скопски револуционерен округ била насочена во борба против српската пропаганда, поради што револуционерната дејност помалку затаила. Ситуацијата се сменила по доаѓањето на Никола Пушкаров од Бугарија, есента 1902 година. Тој бил испратен од страна на Гоце Делчев, „за да се зафати со чисто револуционерна работа" а „србоманското прашање" да го остави настрана.[262] По доаѓањето на Пушкаров на чело на Скопскиот револуционерен округ, дошло до масовизирање на движењето врз платформата за вклучување на сите незадоволни елементи во Организацијата.[263] Но атентатите врз истакнати србомански првенци продолжиле. Така на 27 март 1903 година, во село Шталковица (Кратовско) биле убиени србоманите Марко Краљевиќ и Ѓорѓе Костиќ.[264]

---

[260] В.Д. Карамфилов, Дейността на сърбоманите в Куманово и околността..., 98.
[261] Исто.
[262] М. Пандевски, Националното прашање..., 118.
[263] Исто.
[264] ДАРМ Фонд: МНР на Кралството Србија...кутија 5, АЕ 200/416-539.

# Глава III

# Српската пропаганда во североисточна Македонија за време на Илинденското востание

## 1. Ставот на Србија во врска со Илинденското востание

Во јануари 1903 година, на конгресот во Солун била донесена одлука за востание во Македонија. Востанието било кренато на 2 август (Илинден) 1903 година, поради што е наречено Илинденско востание. Политиката на Србија за време на востанието, била дека таа треба да се воздржи од уфрлување на свои чети во Македонија.[265] За ваквата политика на Србија биле пресудни 2 моменти: малубројноста на приврзаниците на српската пропаганда, и фактот што македонското население не било преокупирано со прашањето за цркви и училишта, туку со идејата за ослободување од османлиската власт. Поради тоа српското МНР им давало инструкции на своите конзуларни претставници во Османлиската Империја, како и на другите носители на српската пропаганда во Македонија, дека македонското прашање е меѓународно искомплицирано, и се уште не е зрело за решавање. Поради тоа се барало од приврзаниците на српската пропаганда, да не земаат учество во македонското револуционерно движење.[266] Исто така, на српските агенти во Македонија им било сугерирано да се однесуваат „резервирано и неутрално“ кон ТМОРО, но така да не изгледа како непријателски.[267]

Српскиот пратеник во Цариград, Сава Груиќ, во својот извештај до МНР, известува дека од страна на Ферид паша му била дадена примедба поради формирањето на комитети и одржување на митинзи, на кои се зборувало против Османлиската Империја, и подготовки за сојуз со Бугарија. Исто така Ферид паша му кажал дека има сознанија дека во Македонија и „Стара Србија“ започнале да се појавуваат српски четници, кои наоѓале прибежиште кај српските учители и

[265] Манол Пандевски, Илинденското востание во Македонија, ИНИ, Скопје 1978, 96.
[266] Исто, 97.
[267] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 22.

свештеници. На ова Груиќ му одговорил дека нема никаква промена во српската политика кон Македонија, и дека српската влада, очекува Портата да заведе ред што побргу.[268]

Српската влада се обидувала организирањето на четите да и го препише на Бугарија. Така во едно писмо на српското МНР до претставништвото во Цариград пишува „кралската влада направила се што може да го спречи организирањето на некои бугарски агенти, кои ги поттикнувале овие Македонци да организираат чети, и да им притекнат на помош на своите сонародници во Македонија и „Стара Србија". На крајот се наведува дека владата ги протерала овие агенти, и дека на Македонците им рекла дека нема да дозволи формирање на чети, бидејќи Србија не наоѓала никаков интерес да го помага востанието.[269]

Сепак и покрај официјалната политика на Србија во однос на востанието, српските чети продолжиле да навлегуваат во Македонија. Така Љубомир Калевиќ, од српското МНР, во едно писмо од 14 септември 1903, го известува српскиот конзулат во Цариград дека српската влада не била во можност да ја сопре струјата која завладеала во земјата, по вестите за насилствата на османските власти во Скопскиот вилает, која ги предизвикала Македонците од разни краишта во Србија да заминат да им помогнат на своите браќа.[270] Сепак, Србија продолжила да ја убедува Портата дека таа не стои зад навлегувањето на српските чети во Македонија. На средбата што српскиот пратеник во Цариград, Сава Груиќ ја имал со Великиот везир, тој му кажал дека Србија не стои зад влегувањето на чети од Србија во Македонија. Великиот везир бил задоволен од одговорот, и дал ветување дека ќе се реши прашањето за признавање на српската народност во Македонија.[271]

Очигледно е дека Србија тактизирала. На една страна се обидувала да ги сочува добрите односи со Османлиската Империја, со цел да ги сочува позициите

---

[268]Документи о спољној политици Краљевине Србије, т.1, к.1, мај 1903 фебруар 1904, приредио Андрија Радениќ, Београд , 1991, 263.
[269] Исто.
[270] Исто, 273.
[271] Исто, 279.

на српската пропаганда во Македонија. Од друга страна преку јавното мнение се обидувала да создаде атмосфера за поддршка на ТМОРО.

## 2. Формирањето на првата српска чета во Македонија и нејзината соработката со ТМОРО за време на Илинденскотото востание

Во почетокот на 1901 година, се родила идејата во Србија да се формира едно тело по урнек на ТМОРО. Носители на овие идеи биле Д-р Милорад Гоѓевац, Лука Ѓелевиќ, Голуб Јаниќ, Живоин Рафајловиќ, Никола Спасиќ, Љубомир Ковачевиќ и Љубомир Давидовиќ.[272] Гоѓевац вршел инспекциски надзор по белградските пекари и бурекчилници, кои биле во сопственост на луѓе од Македонија и „Стара Србија".[273] Создавањето на Српскиот Комитет започнал со еден разговор на Гоѓевац со фурнаџијата Димче.[274] Подоцна им се придружиле и други луѓе од Македонија, кои ја поминале зимата во Србија. Меѓи нив имало четници и војводи на ТМОРО. Во 1901 година, 10 души од Македонија, четници на ТМОРО ја минале османско-српската граница и влегле во Србија. Тие биле поделени во 2 чети со по 5 члена. На чело на првата бил Наки Јанев, од Кичевско, а на втората војводата Стојан Донски, од Леринско.[275] Кон крајот на 1901 година, Гоѓевац, стапил во контакт со Леринскиот војвода на ТМОРО, Стојан Донски. Гоѓевац го довел Донски во куќата на фурнаџијата Димче. Донски го запознал Гоѓевац со методите и уставот на ТМОРО.[276] Притоа Донски му кажал на Гоѓевац дека Организацијата вршела ликвидација на водачите на српската пропаганда во селата, но во своите редови го примала србоманското население, под услов да положи заклетва. Донски исто така потенцирал „јас не се борам за Бугари, јас сум Македонец и се борам за Македонија".[277] Од кажаното на Донски јасно се гледа самостојниот карактер на ТМОРО и нејзината борба за автономна Македонија, и

---

[272] Д. Вукашин, Рад Србије..., 610.
[273] Исто, 613; Владимир Илиќ, Српска четничка акција 1903-1912, Библиотека оделења за историју, Филозофски факултет, Универзитет у Београду, Београд 2006, 21.
[274] Станислав Краков, Пламен четништва, Београд 1990, 62.
[275] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 36. Според Светлозар Елдеров Донски бил војвода во Битолско, што не е точно, бидејќи тој дејствувал во Леринско.
[276] Д. Вукашин, Рад Србије..., 613; В. Илиќ, Српска четничка акција..., 21.
[277] С. Краков, Пламен четништва..., 63.

јасната македонска национална свест на војводата, што било спротивно на перцепцијата на Србија за ТМОРО.

По разговорот меѓу Гоѓевац и Донски созреала идејата за формирање на Српскиот Комитет. Зимата 1901 година д-р Гоѓевац решил со своите идеи да го запознае Лука Ѓелевиќ,[278] претседател на „Белградска задруга". Ѓелевиќ бил воодушевен од оваа идеја. Покрај Ѓелевиќ, Гоѓевац за оваа идеја успеал да го придобие и Васа Јовановиќ - член на масонската ложа „Побратимство". Тој успеал да ги привлече Стефан Недиќ Гела, Михајло Каранфиловиќ,[279] Живоин Рафајловиќ, активен пешадиски мајор, Никола Спасиќ - трговец и Љубомир Ковачевиќ - професор на Великата школа во Белград.[280]

Мајскиот преврат во Србија, од 1903 година, го забрзал процесот на формирање на Српкиот комитет. Д-р Гоќевац, Лука Ѓеловиќ и Васа Јовановиќ, излегле од затвор, и се зафатиле со формирање на првата српска чета, која требала да замине за Македонија.[281] За војвода на четата бил одреден Илија Славев, калдрмџија од Белград, со потекло од Македонија. Во споменатава четата влегле и Анѓелко Алексиќ од гостиварско, Илија Вујановиќ од Бања Лука, и жандармерискиот поднаредник Војо Карач.[282] Четниците пристигнале до Врањска Бања, а оттаму до Буштрњ, на границата со Османлиската Империја, кај што биле пречекани од водичот, како и од Гоѓевац, Јовановиќ, Ѓелевиќ и капетанот Рафајловиќ. По преминувањето на границата, Вујановиќ го нападнал Илија и го ранил, и побегнал преку границата. Илија бил вратен во Врање, а за нов војвода бил избран Анѓелко Алексиќ. Четата преминала преку Пчиња, а оттаму кон Вардар, со главна цел Порече.[283]

На 16 август 1903 година, четата пристигнала кај Ѓуришкиот манастир.[284] Според извештајот на српскиот генерален конзулат во Скопје од 24 јули/6 август

[278] Исто, 64; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 39.
[279] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 21; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 39.
[280] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 39; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 108.
[281] С. Краков, Пламен четништва..., 89.
[282] Исто, Д. Вукашин, Рад Србије..., 619.
[283] Д. Вукашин, Рад Србије..., 619.
[284] С. Краков, Пламен четништва..., 98

1903 година, четата броела 7-8 четници.[285] Притоа членовите на четата слушнала истрели и забележале вооружени луѓе. Тука се наоѓала скопско-кумановската чета на ТМОРО, на чело со Никола Пушкаров. Четата на Пушкаров ја опколила српската чета на Алексиќ. Последниов истакнал дека четата дошла во Македонија да ја поддржи Внатрешната организација во борбата против Османлиите.[286] Потоа неговата чета пристапила на помош на четата на Пушкаров, која имала судир со аскерот.[287] Во текот на денот аскерот добил засилување од селото Иванковци Велешко, јуручкото село Торбанци во близина на Штип [288] и од Куманово.[289] Борбата траела до 9 часот вечерта. Од страна на четниците загинал падарот Мирасчиев од Штип, а имало и троца ранети.[290]

По завршувањето на дејствијата, Анѓелко му предложил на Пушкаров и на неговите четници да пребегнат во Србија.[291] Четниците се извлекле и се повлекле кон село Дивље, скопско, а потоа заминале кон манастирот Св. Прохор Пчински, од каде што се префрлиле во Србија.[292] Тие на 20 август 1903 година, пристигнале во Врање.[293] Четниците отседнале во еден манастир во близина на османско-српската граница. Притоа Пушкаров имал средба со капетанот Рафајловиќ, на кој му се заблагодарил за помошта на српските четници, и го замолил за гостопримство, ден-два, а потоа да се префрлат за Бугарија. После една недела престој во Врање, Пушкаров и неговите четници заминале за Бугарија.[294] Ова бил единствен пример на соработка меѓу четниците на ТМОРО и српските четници.

---

[285] Документи о спољној политици Краљевине Србије, књига 2, додатак 1, Организација Српска Одбрана 1903-1905 године, Београд 2008, 121; Движението отсамъ Вардара и борбата съ Върховиститѣ, по спомени на Яне Сандански, Черньо Пѣевъ, Сава Михайловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасовъ Гърчето, Петъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ, София 1927, 192; С. Елдъров, Сръбската вьор-ъжена пропаганда..., 45. Според Никола Пушкаров четата броела 7 души, од кои 3 Срби и 4 Македонци.
[286] Х. Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 396; Движението отсамь Вардара..., 192.
[287] Крсто Лазаров, Спомени..., 99; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда...,45.
[288] Исто, 102; Х. Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 396.
[289] Движението отсамь Вардара..., 192; М. Пандевски, Илинденското востание..., 334.
[290] Движението отсамь Вардара..., 192; М. Пандевски, Илинденското востание..., 334; К. Лазаров, Спомени..., 102; Турски документи за оружените борби во Македонија, ДАРМ, Скопје 2007, 75. Според турските документи од страна на ТМОРО имало 13 загинати, а од страна на аскерот имало 4 загинати и 7 ранети.
[291] С. Краков, Пламен четништва..., 99.
[292] Крсто Лазаров, Спомени..., 102.
[293] Движението отсамь Вардара..., 193.
[294] Исто.

## 3.Мирцштегските реформи како повод за започнување на српската вооружена пропаганда

Илинденското востание го актуализирало македонското прашање на дипломатски план.[295] Тоа довело до нови иницијативи за реформи во Османската Империја. Главни иницијатори за нови реформи во Империјата биле рускиот цар Николај II и Австро-унгарскиот император Франц Јосиф I.[296]

Од 30 септември до 3 октомври 1903 година, се одржала средбата во Мирцштег.[297] На средбата, од руска страна присуствувале рускиот цар Николај II и министерот за надворешни работи Ламздроф, а од Австро-унгарска страна Австро-унгарскиот император Франц Јозеф и министерот за надворешни работи Голумховски.[298] На 2 октомври 1903 година бил донесен документот наречен Мирцштегски реформи.[299]

Мирцштегските реформи биле засновани врз Февруарските реформи,[300] од февруари 1903 година. Со Мирцштегските реформи било предвидено: покрај генералниот инспектор Хилми паша, да се назначат двајца цивилни агенти, еден од Австро-Унгарија, и еден од Русија, реорганизација на жандармеријата, откако ќе се воспостави смирување во земјата, по смирувањето на земјата да се спроведе нова територијална поделба заради групирање на националностите и друго.[301]

Посебно опасна и штетна била третата точка од реформите, која предвидувала нова територијална поделба заради посоодветно групирање на националностите. Тоа довело до засилување на туѓите пропаганди во Македонија, кои сега добиле вооружен карактер.[302] Во тој контекст и српската пропаганда, која претходно се водела преку црквата и училиштата добила вооружен карактер. Во

---

[295] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 22.
[296] Ванчо Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, Сто години од Балканските војни, Прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 2012 година, Скопје, МАНУ, Скопје 2013, 115.
[297] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 22.
[298] В. Ѓорѓиев, Реформи за мир...;115.
[299] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 25; В. Илиќ, Српска четничка акција..., 17; Г. Тодоровски, Србија и реформите во Македонија..., 149.
[300] В. Ѓорѓиев, Реформи за мир..., 115.
[301] Исто; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 25-26; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 75-76.
[302] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 26.

Белград на ова гледале како можност за поделба на Македонија на свери на влијанија.[303]

Оваа точка довела до неформална граѓанска војна во Македонија.[304] Одредбата, ги поттикнала соседните држави да организираат и испраќаат чети во Македонија, со цел преку силата на оружјето да го принудат населението да се изјасни во прилог на соодветните националности. Соседните балкански држави, во рамките на веќе покажаните територијални претензии кон Македонија, покажале максимална заинтересираност за сите детали и фази на Мирцштегските реформи.[305] Таквата политика била поддржувана од Русија, која што работела на српско-бугарско зближување, со цел да се спротивстави на Австро-унгарските претензии кон југ.[306]

---

303 С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 46.
304 В. Ѓорѓиев, Реформи за мир..., 116.
305 М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 77.
306 В. Ѓорѓиев, Реформи за мир..., 117.

# Глава IV

# Српската вооружена пропаганда во североисточна Македонија (1903-1905)

## 1.Српската политика кон Македонија 1903-1905

Илинденското востание од 1903 година, претставувало пресвртница во однос на македонското прашање. Тоа го свртело вниманието на големите сили кон Македонија. Од друга страна, истото предизвикало голема вознемиреност кај балканските држави, пред се Србија, Бугарија и Грција, кои сфатиле дека настаните во Македонија можат да тргнат по еден друг тек, и да дојде до создавање на автономна македонска држава. Тоа не одело во прилог на нивните интереси, бидејќи секоја од нив имала територијални претензии кон Македонија.

Донесувањето на Мирцштегските реформи било прифатливо за Србија.[307] За тоа говори и изјавата на српскиот министер за надворешни работи, Андреа Николиќ: „ Во интерес на Србија е да се спроведе Мирцштегскиот договор, за да ја извлече таа несреќна провинција од постојани вознемирувања и да се создаде состојба што на Македонците од сите националности ќе им овозможи достоен човечки живот. Доколку таа цел не би можела да се постигне, тогаш на мое големо жалење, не би можела да се избегне активност на Србија, односно не би можело да се спречи активно дејствување на српските чети“.[308] И додека од една страна Србија водела коректна меѓународна политика која предвидувала добри односи со Османлиската Империја, преку османско-српската граница започнале да навлегуваат српските чети. Причина за ова било и постоењето на различни сфаќања на српските политичари за решавање на македонското прашање. Во врска со ова, австрискиот пратеник во Белград фон Фолтов, во својот извештај од 18 јануари 1904 година, пишува дека во Србија постојат 3 струи по однос на македонското прашање. Според него „Првата струја ја сочинуваат најсериозните политчари како што е господинот А. Николиќ, кои се надеваат на пацификација

---

[307] Д. Вукашин, Рад Србије..., 570.
[308] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 77-78.

на Македонија преку спроведувањето на Мирцштегскиот договор. Втората струја не гледа можност да ја добие оваа територија и да ја приклучи кон својата земја преку вооружено востание. Тие се убедени дека секоја поенергична српска влада би била во состојба во погоден момент да спречи секакво востаничко движење во Македонија. Третата струја е на мислење дека Русија ја предала српската држава на Австро-Унгарија и затоа се зависи од волјата на моќниот сосед. Овој страв на политичарите од првата струја може добро да и дојде на српската влада, затоа што во конкретниот случај, ќе и помогне да ја одржи неутралноста на Србија".[309] Во врска со Мирцштегските реформи, ПП при МНР во своето писмо до Кралското српско пратеништво во Лондон, известува за средбата помеѓу српскиот пратеник во Цариград, Света Симиќ, со рускиот помошник на Хилми паша, Демерик, со бугарскиот дипломатски претставник, Начович, и со Австро-унгарскиот амбасадор во Цариград, Kaличе. Притоа, Демерик истакнал дека дошло до голема надеж во врска со реформите во Македонија, Kaличе бил резервиран во врска со реформите, а Начович истакнал дека Бугарија ќе води мирољубива политика во однос на македонското прашање.[310] Сепак во однос на реформите Србија била подготвена да даде поддршка до одредена граница, односно тие да не доведат до автономија на Македонија.[311]

Србија сакала да ја искористи положбата за легализирање на српските интереси и пропаганда во Македонија. На средбата што српскиот пратеник во Цариград, Христиќ ја имал со Велиот везир на 24 септември/7 октомври 1903 година, истиот му кажал на везирот дека на местото на Петар Костиќ треба да биде поставен нов член на комисијата, Никола Х. Костиќ, кој бил „Србин". Христиќ барал од везирот да интервенира кај генералниот конзул во Скопје, тој да бара од Хилми паша да го прифати српското барање. Христиќ исто така разговарал со везирот за Ирадето за признавањето на српската народност во Османската Империја. Исто така барал измена на нуфуските книги и во нив да се додадат рубриките „вера и народност". Според тоа, за „Србите" во рубриката вера би стоело

[309] Исто, 78-79.
[310] ДАРМ, фонд: Српско пратеништво во Лондон, Кутија 1, AE 3/9-13.
[311] Г. Тодоровски, Србија и реформите во Македонија..., 163; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 79.

православна, а во рубриката народност „српска". Великиот везир му кажал дека се работи на тоа прашање.[312]

Кон крајот на јануари 1904 година, Србија им дала упатство на своите конзули во Османлиската Империја, како со своето однесување да го придобијат словенското население, кое во нив требало да гледа свои претставници и заштитници на своите интереси.[313] Како што може да се види од приложеното, македонското словенско население се именува како словенско, а не како српско, што повторно укажува на тоа дека Србија иако била свесна за посебноста на македонското словенско население, поради своите претензии кон Македонија, таа сакала истото да го асимилира и да го претвори во српско.

Српскиот дипломатски претставник во Рим, Милован Миловановиќ, во писмото до премиерот Никола Пашиќ, истакнувал дека „треба да се сконцентрира целата сила на народот со единствена цел, да се брани самостојноста и опстојувањето на Србија".[314] Активноста на српската дипломатија била насочена кон запирање на Австро-унгарскиот продор кон „Стара Србија" и Македонија. Србија во координација со Црна Гора се обидувала да ги убеди големите сили, да не дозволат Скопскиот санџак да биде доделен на Австро-унгарските офицери.[315] Во врска со ова, српскиот пратеник во Цариград Ѓорѓе Симиќ, во својата телеграма до МНР од 3 февруари 1904 година, пишува дека на австроунгарскиот сектор ќе му припаднат токму оние територии на Косовскиот вилает кон кои Србија имала претензии, и кои што спаѓале во нејзината интересна сфера. Тоа биле областите на Куманово, Кратово, Крива Паланка и Скопје.[316] Поради тоа, српското МНР испратило писмо до сите претставништва на Кралството Србија во странство, во кое се наведува дека Србија била принудена да го попречува планот на Австро-Унгарија, за не спроведување на реформите во западниот дел на Косовскиот вилает и нивно спроведување само во источниот, односно во казите: Скопска,

---

[312] Документи о спољној политици..., 323.
[313] Д. Вукашин, Рад Србије..., 572; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 80.
[314] Д. Вукашин, Рад Србије..., 574; Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 1, свеска 2, 15/28 фебруар 1904-31 децембар 1904/13 јануар 1905, Београд 1998, 109.
[315] Д. Вукашин, Рад Србије..., 572; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 81.
[316] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 84.

Кумановска, Кратовска и Кривопаланечка.[317] Исто така Србија правела напори да ја спречи Австро-Унгарија во нејзините обиди таа да добие право да ја реформира жандармеријата во Скопскиот вилает. Србија била на став дека „Ако Австро-Унгарија се зацврсти во Стара Србија, ќе одѕвони не само на српското обединување, туку и на словенството на Балканскиот Полуостров. Денеска, од политичка гледна точка нема поважен предел од Стара Србија и затоа се повикани сите заинтересирани да се спротивстават на австриското влијание и ширење на пангерманизмот на Блаканот и преку него во Мала Азија".[318] За овие свои чекори Србија се обидувала да добие поддршка од рускиот, италијанскиот и францускиот амбасадор во Цариград.[319]

Од друга страна во исто време Србија започнала да се приближува кон Бугарија. Заедничкиот страв од Австро-Унгарија бил причина за српско-бугарско зближување.[320] Со оглед на тоа дека не успеала да се спогоди со Османлиската Империја, Бугарија се свртела кон Србија, очекувајќи полесна спогодба. Од друга страна, во услови кога Србија била загрозена од Австро-Унгарија, а Бугарија од Османлиската Империја, а интересите на двете држави биле загрозени од евентуален австриски продор кон Солун, српските владеачки кругови сметале дека може да дојде до зближување со Бугарија. Во почетокот во Софија гледале скептично на оваа идеја, но кога по започнувањето на руско-јапонската војна 1904 година, Османлиите започнале со провокации на границата со Бугарија, тоа било причина Бугарија да започне преговори со Србија. [321] Иницијативата за зближување на Србија и Бугарија доаѓала од Русија. Од друга страна, црногорскиот кнез Никола сметал дека со паѓањето на династијата Обреновиќ од власт се создале услови за зближување на јужнословенските земји.[322]

На средбата помеѓу српскиот крал Петар I Караѓорѓевиќ со бугарскиот воен претставник во Белград, Христо Хесапчиев, српскиот крал ја искажал „големата

---

[317] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, книга 1, свеска 2..., 98-99.
[318] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 84.
[319] Документи о спољној политици..., 99.
[320] Д. Вукашин, Рад Србије..., 580.
[321] Исто.
[322] История на българската дипломатия..., 325.

желба" за постигнување на српско-бугарски договор.[323] По враќањето во Софија Хесапчиев за овој српски предлог го известил кнезот Фердинад, со напомена дека доколку се сметало дека било во интерес на Бугарија да биде склучена привремена спогода со Србија, моментот бил најпогоден и сите поволни услови биле присутни за еден дипломатски успех.[324]

За свои преговарачи со Србија, Бугарија во февруари 1904 година, ги одредила Христифор Хесапчиев и Димитар Ризов.[325] Преговорите помеѓу Србија и Бугарија започнале во март 1904 година во Белград. Српско-бугарските преговори содржеле таен и јавен дел. Во јавниот дел се преговарало за елементарно-административни теми. Се зборувало за отворање на границите, за склучување на царински сојуз и друго.[326] И двете страни се сложиле дека ќе работат на спроведувањето на Мирцштегските реформи.[327] Во тајниот дел се разговарало за сфери на влијанија во Македонија. Околу ова прашање настанало несогласување. Бугарија од тактички причини, барала автономија за Македонија, Одринско и Косово, на чело со генерал-губернатор, поставен од големите сили.[328] Од друга страна Србија предлагала поделба на Македонија на сфери на влијанија.[329] Во таа насока српскиот премиер Никола Пашиќ истакнал „Не признавам дека има трет словенски народ освен Срби и Бугари на Балканот, па затоа не треба со сила да се создаваат Македонски Словени. Тие се или Срби, или пак Бугари. Затоа сметам дека би можела да се стави една праведна граница ако би се почитувал мојот став. На крај сметам дека за правилен развој на балканските држави не е потребно или оправдано да се создава уште и четврта словенска држава. Но со оглед на изменетите прилики откако големите сили го зеле во свои раце решавањето на тоа прашање и работат на реформи, и јас ја прифатив таа идеја, но под извесни

[323] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 93.
[324] Исто, 93-94.
[325] Исто, 94; История на българската дипломатия..., 329; Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, книга 1, свеска 2..., 182.
[326] Д. Вукашин, Рад Србије..., 588.
[327] История на българската дипломатия..., 334; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 96.
[328] История на българската дипломатия..., 333.
[329] Д. Вукашин, Рад Србије..., 588.

услови. Новата словенска држава не смее да биде на штета на српската држава".[330] Пашиќ исто така предлагал да се определат границите на автономна Македонија. Тој барал целиот Косовски вилает со центар во Скопје да влезе во „Стара Србија". Тука спаѓала територијата на Скопскиот санџак со казите: Скопска, Кумановска, Штипска, Прешевска, Кривопаланечка, Кратовска, Кочанска, Малешевска и Радовишка, односно се што е јужно од Шар Планина и Скопска Црна Гора.[331] На ова се спротивставил бугарскиот претставник Димитар Ризов, кој истакнал „Македонија не е Стара Србија и дека Бугарија не ја прифаќа нејзината поделба".[332] Поради тоа дошло до извесен прекин на преговорите, но тоа било само привремено. Истите биле обновени на 19 февруари 1904 година.[333]

Српско-бугарскиот договор бил потпишан на 12 април 1904 година.[334] Договорот содржил економски и политички дел. Со економскиот дел од договорот било предвидено: отворање на границите за увоз и извоз на производите од двете страни, создавање на царински сојуз, олеснување на транзитот меѓу двете земји,[335] укинување на пограничните пасоши, склучување на судска конвенција за взаемно извршување на граѓанските пресуди и склучување на монетарна конвенција со која би се утврдила слободна циркулација на српските и бугарските монети во двете земји.[336] Со политичкиот дел било предвидено: Србија и Бугарија да ги помагаат реформите во трите вилаети, да ги бранат заедничките интереси со сите средства, и дека ќе се спротивстават со сите сили и средства, на непријателска акција од било која трета држава.[337] Договорот имал важност 5 години, и можел да подлегне на ревизија по неговото истекување, доколку за тоа има согласност од двете страни.[338]

---

[330] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 96.
[331] История на българската дипломатия..., 334.
[332] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 97.
[333] Исто, 98.
[334] История на българската дипломатия...336; Д. Вукашин, Рад Србије..., 590; М. Миноски, Македонија во билатералните..., 133.
[335] М. Миноски, Македонија во билатералните...133.
[336] Исто, 134.
[337] Д. Вукашин, Рад Србије..., 591; История на българската дипломатия..., 337-338; Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, книга 1, свеска 2..., 245-247.
[338] История на българската дипломатия..., 338, Документи о спољној политици..., 245-247.

Додека траеле преговорите со Бугарија, Србија се обидувала да издејствува подобра позиција за српската пропаганда на теренот. Во телеграмата на српското МНР до сите Кралски претставништва, од 14/27 март 1904 година, им наложува да го сондираат мислењето на големите сили, за тоа дали Косовскиот вилает бил населен со Срби, и спаѓа во сферата на српските интереси, и дали доколку дојде до автономија на „Стара Србија“ и Македонија, првата ќе има српски, а втората српско-бугарски карактер. Во одговорот од српското Претставништво во Рим, до српското МНР од 15/28 март 1904 година, се вели дека прашањето за автономија на Македонија и „Стара Србија“ се уште не било на дневен ред, и дека нема изгледи за тоа прашање за брзо време да се донесе одлука.[339] Бугарските преговарачи истакнале дека „не можат да ја прифатат забелешката за определувањето на границите на „Стара Србија“ и Македонија“.[340] Во врска со ова Австрискиот цивилен агент, Милер, во својот извештај од 10 јули 1904 година до министерот за надворешни работи Голховски пишува „Црковните и националните организации, кои го делат населението на егзархисти и патријаршисти, а потоа пак посебно на Грци, Бугари, Срби и Власи...премногу се раскарани за да покажат подготвеност за поблиско договарање. Во поголем број случаи се работи за цели на еднострана пропаганда, која настојува колку е можно повеќе да му одземе на противникот од теренот, и тој терен да го придобие за себе“.[341]

Во меѓувреме дошло до зближување меѓу Србија и Црна Гора. Во договорот помеѓу овие две земји, потпишан во Белград на 5 април 1904 година, било нагласено дека Косовскиот вилает во никој случај не може да се спои со Битолскиот и Солунскиот во единствена автономна македонска област.[342] Според ова очигледно е дека Србија никако не прифаќала создавање на единствена автономна област од трите вилаети, што всушност значи дека нејзината политика била против интересите на ТМОРО, иако од друга страна се обидувала со неа до воспостави соработка, под изговор дека ја подржува девизата „Македонија на

---

[339] Документи о спољној политици..., 194-198.
[340] История на българската дипломатија..., 336.
[341] В. Ѓорѓиев, Реформи за мир..., 117.
[342] Документи о спољној политици..., 257-258.

Македонците". Со овој договор и Црна Гора и дала поддршка на Србија по однос на нејзините ставови во врска со македонското прашање.

На 4 мај 1904 година, дошло до средба меѓу српскиот крал Петар Караѓорѓевиќ и бугарскиот кнез Фердинанд Саркскобурговски.[343] На средбата се зборувало за иднината на Балканот. Било констатирано дека во односите помеѓу Србија и Бугарија, и нивните интереси во Македонија имало доволно материјал за приближување меѓу двете земји.[344] Бугарија енергично се спротивставила на српската иницијатива за поделба на Македонија.[345] Така пропаднал и овој обид за српско-бугарско зближување. Средбата меѓу кралот Петар и кнезот Фердинанд била пречекана со негодување во Грција. Во извештајот на српското пратеништво во Атина, до српското МНР, од 06/19 мај 1904 година, се наведува дека според грчките весници цел на оваа посета било уредување на српско-бугарските односи и утврдување на план за заедничка работа по однос на македонското прашање.[346]

Сепак делувањето на српската вооружена пропаганда довело до влошување на српско-бугарските односи. Германскиот претставник од Белград, Хејхкинг во својот извештај до државниот канцелар фон Билов од 16 октомври 1904 година, наведува дека весникот „Реформи" од Софија ја обвинувал српската влада дека им дала упатство на српските чети во Македонија „да поведат борба за уништување на Бугарите". Српскиот премиер Никола Пашиќ го убедувал германскиот претставник дека српските чети само пружале отпор на „тероризмот на Бугарите".[347] Контактите меѓу српските и бугарските дипломатски претставници продолжиле. Во извештајот на Српското Кралско пратеништво во Рим до српското МНР од 07/20 ноември 1904 година, се известува за средбата што ја имал српскиот дипломатски агент во Рим, Милован Миловановиќ со бугарскиот дипломатски агент Минчович. На средбата Минчович истакнал дека единствен спас гледа во договор меѓу Србија и Бугарија.[348] Миловановиќ истакнал дека секој бугарски

343 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 45.
344 Документи о спољној политици..., 341.
345 В. Илиќ, српска четничка акција..., 45.
346 Документи о спољној политици..., 342.
347 Германски документи за политиката на Германија и европските сили во Македонија (1904-1910), Скопје, 2005, 103.
348 Документи о спољној политици..., 816-817.

предлог со кој би се признавале српските права и интереси во Македонија, би наишол на срдечен одзив во Србија. Српскиот дипломатски претставник во Софија, во својот извештај до МНР од 07/20 ноември 1904, известува за средбите што ги имал српскиот претставник со бугарските трговски агенти во Скопје и Битола како и со кнезот Фердинанд. На средбите се разговарало за тоа дека српските и бугарските агенти во Македонија треба да работат во правец на помирување меѓу приврзаниците на двете пропаганди во Македонија. Притоа, Тошев истакнал дека Србија и Бугарија би можеле лесно да се спогодат во врска со Македонија, доколку не се водело сметка за ТМОРО, „која што со досегашната работа се докажала како фактор чие влијание не може да се потцени, и дека Организацијата би се спротивставила на секој српско-бугарски договор со кој би се одело против принципот Македонија на Македонците, чија реализација може да биде изведена само со автономија на Македонија“.[349]

Србија се обидувала пред големите сили да ја оправда српската вооружена пропаганда во Македонија. Во писмото од српското МНР до сите српски дипломатски претставници во странство, од 22 ноември/5 декември 1904 година, се наведува дека „според начелото Македонија на Македонците српските, бугарските и грчките чети биле рамноправни и секоја има право да го брани своето племе во краевите кај што е населено“.[350]

Сепак, Србија ја сменила политика во однос на Македонија. Српската влада започнала директно да се ангажира во формирањето, финансирањето и раководењето на српските чети во Македонија.[351] На 10 октомври 1904 година, Државниот совет на Кралството Србија, по указ на кралот Петар I Караѓорѓевиќ, одобрил кредит од 200 000 динари во злато, на име „важни и неодложни потреби“.[352] Финансирањето на СЧО се вршело тајно преку посебни фондови. Тоа биле фондовите на највисоките државни органи. Во тој контекст на прво место

---

[349] Исто, 820.
[350] Исто, 876.
[351] Д. Вукашин, Рад Србије..., 642.
[352] Драган Велков, Финансирањето и вооружувањето на оперативните сили на српската четничка организација во Македонија во периодот од 1904 до 1908 година, Годишен зборник на Филозофски Факултет на Универзитетот-Скопје, книга II, том 37, Скопје, 1984.

стоело Министерството за надворешни работи, кое што водело статистичи прегледи за сите издатоци на Организацијата.[353]

## 2. Формирањето, целите и организационата структура на Српската четничка организација

Летото 1903 година, во Белград, дошло до средба меѓу Гоѓевац и Атанацковиќ. Притоа било констатирано дека треба да се формира конкретна организација. На 3 август 1903, во Белград бил одржан основачкиот состанок на Српскиот Комитет.[354] На состанокот присуствувале: Љуба Давидовиќ, мајорот Петар Пешиќ, Милутин Степановиќ и Светозар Стефановиќ.[355] Притоа било констатирано дека треба да се работи со четите, и дека работата мора да се крие од Министерството за надворешни работи, бидејќи истото било за образовна и црковна, а не за вооружена пропаганда.[356] Исто така било договорено да се формира пошироко комитет, кој ќе управува со акцијата за создавање на чети.

Формалното конституирање на Српскиот Комитет се случило неколу дена подоцна. Во состав на комитетот имало 3 секции: револуционерна, пропагандна, и информациска. Членови на Комитетот станале: Јован Атанацковиќ, Милорад Гоѓевац, Лука Ѓелевиќ и други.[357] За први членови на Централниот одбор биле избрани: Генерал Јован Атанацковиќ, д-р Милорад Гоѓевац, Љубомир Давидовиќ, Лука Ѓелиќ, службеникот во МНР, Милутин Стефановиќ и други.[358] За претседател на ЦО бил избран генерал Атанацковиќ, а за секретар и благајник

---

353 Исто.

354 Д. Вукашин, Рад Србије..., 616; С. Краков, Пламен четништва..., 92; Димитар Масевски, Борба за Македонија, Корени бр. 43/44, Куманово 2013; М. Митрова, Кралството Србија и осмалиска Македонија... 107; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 39. Според М. Митрева и С. Елдеров есента 1902 година бил основан Главен одбор на СЧО, што не е точно бидејќи иако имало обиди за формирање на Српска четничка организација уште 1901, сепак главните активности околу нејзиното формирање започнуваат по Масјкиот преврат во 1903.

355 С. Краков, Пламен четништва..., 92.

356 Исто; Д. Вукашин, Рад Србије..., 616. Според Дедовиќ, на состанокот бил формиран Одбор за помагање на четничките акции во Македонија и „Стара Србија“.

357 С. Краков, Пламен четништва..., 93; В. Илиќ, Српска четничка акција..., 21; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 107-108; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 39. Според М. Митрова, Комитетот најпрвин дејствувал под името „Београдска задруга“, а неговото седиште било во куќата на Лука Ѓелевиќ.

358 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 21-22.

Милутин Степановиќ.[359] Наскоро бил формиран и Извршен одбор во кој влегле: Живоин Рафајловиќ, Михајло Стефановиќ-Цупара, Милан Граовац, Тома Ѓуревиќ, Сима Златачанин и Панта Јовановиќ, кој бил избран за благајник.[360]

Тогаш бил изработен и првиот устав на Српскиот Комитет. Уставот бил наречен „Устројство на Тајното Србо-Македонско Здружение".[361] Уставот имал 11 членови. Според членовите 1 и 2 задача за здружението била борба со сите средства за ослободување и обединување, и борба против „бугарското насилство и пропаганда". Овде се мисли на борба против бугарската пропаганда, но и против ТМОРО, која српската пропаганда ја гледала како орудие на бугарската пропаганда. Имено познато е дека ТМОРО зазела негативен став кон туѓите пропаганди во Македонија, вклучително и против српската пропаганда. Во таа насока треба да се споменат и ликвидациите на некои од челниците на српската пропаганда во Македонија, кои српската пропаганда сакала да ги искористи во своја полза, под изговор дека се врши насилство врз „српското население" во Македонија. Според членовите 3 и 4, Здружението било составено од Месни одбори во секое место во Скопскиот, Битолскиот и Солунскиот вилает. Член на Здружението можел да биде секој кој ќе се согласи да работи во корист на Здружението, и ќе положи заклетва. Членовите на месниот одбор, помеѓу себе избирале претседател, помошник претседател, благајник и неколку советници. Месните одбори во рамки на една каза сочинувале Сресни одбор, а сите Сресни одбори избирале Вилаетски одбор. Вилаетските одбори го бирале Главниот одбор на Тајното Србо-македонско здружение. Главниот Одбор бил биран од страна на делегати од Сресните и Вилаетските одбори еднаш годишно. Главниот одбор во договор со Вилаетските одбори, го одредувал местото на изборот. Главниот одбор бил составен од: претседател, помошник претседател, секретар и благајник. Секој одбор имал Тајна полиција, која вршела надзор на членовите.[362] Еден срес имал една или повеќе чети. Здружението имало свој печат со грб, на кој имало двоглав

---

[359] Исто.
[360] М. Митрова, Кралството Србија и осмалиска Македонија..., 109.
[361] Исто; Документи о спољној политици Краљевине Србије, књига 2, додатак 1, Организација Српска Одбрана 1903-1905 године, Београд 2008, 129.
[362] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 24; Документи о спољној политици Краљевине Србије, књига 2, додатак 1..., 130.

орел со круна. Финансирањето на Здружението се вршело преку доброволни прилози, и подароци добиени од други страни. Секој кој ќе му наштети на Здружението, без разлика дали е член или не, бил казнуван. Казната ја извршувал Срескиот одбор, по одобрување на Вилаетскиот. Казните се состоеле од: опомена, глоба и смрт. Смртната казна се изречувала за случаи како предавство, или убиство на член на Здружението.[363]

Задачи на ЦО биле: да води револуционерна акција, да врши пропаганда, да ги именува членовите на Главните штабови и војводите, да ги формира четите и да обезбедува финансиски и материјални средства. Задачи на Извршниот одбор биле: да врши префрлување на чети, и да обезбедува нивно враќање во Србија, да овозможи пренос на оружје муниција и други материјали, да обезбедува сигурност на постоечките и да формира нови канали, да создава способни водачи, и да информира за други потреби.[364]

Со членот 11 од Уставот било предвидено Главниот одбор, во договор со Вилаетските одбори да изработи правилници.[365] Ако се согледа Уставот на Здружението, може да се заклучи дека истото по својата организациона структура наликувала на ТМОРО. Не знаеме дали творците на уставот на ТСМЗ го имале пред себе Уставот на ТМОРО, но очигледно е дека има многу сличности.

Набргу по формирањето на Централниот и Извршниот одбор, биле формирани пододбори, чија задача била да пропагираат акција, и да собираат парична и материјана помош.[366] Била создадена мрежа од одбори и пододбори, чија задача била формирање на чети и нивно испраќање во Македонија.[367] За таа цел, по извесно време биле формирани пододбори во Лесковац и Ниш.[368] На територијата на Македонија биле формирани пододбори во: Куманово, Скопје и Битола.[369]

---

[363] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 25; Документи о спољној политици..., 130.
[364] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 25.
[365] Д. Вукашин, Рад Србије..., 628.
[366] Д. Вукашин, Рад Србије..., 629; М. Митрова, Кралството Србија и Осмалиска Македонија..., 109.
[367] М. Митрова, Кралството Србија и Осмалиска Македонија..., 109.
[368] М. Митрова, Кралството Србија и Осмалиска Македонија..., 109.
[369] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 26.

## 3. Обидите за соработка помеѓу ТМОРО и СЧО по Илинденското востание

Неуспехот на Илинденското востание, бил искористен од претставниците на српската пропаганда. Тие преку Задграничните претставници на ТМОРО и понудиле „секакви морални и материјални олеснувања“.[370] Притоа, Милорад Гоѓевац ја повикал ТМОРО да испрати свои претставници во Белград на преговори.[371] Христо Татарчев, во едно свое писмо до Христо Матов од 20 август 1903 година, му соопштувал дека „од Србија предлагале секаква морална и материјална поткрепа, и барале еден од нив двајца да замине во Србија за да се договорат“.[372] Во октомври 1903 година, во куќата на Иван Генов во Скопје,[373] се одржала средба меѓу претставници на ТМОРО и СЧО.[374]

Тогаш од српска страна на средбата присуствувале Светозар Томиќ, Василие Трбиќ и Михајло Манчиќ,[375] а од страна на ТМОРО присуствувале 15 претставници, меѓу кои и сите членови на месниот комитет во Скопје, потоа Милан Војнацалиев и Петар Поп Арсов.[376] Притоа, меѓу другото, било расправано за причината за неуспехот на Илинденското востание. Притоа било констатирано дека причина за неуспехот била слабата пропаганда меѓу населението. Во поглед

---

[370] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 93.
[371] Д. Вукашин, Рад Србије..., 641, Ј. Смилјаниќ, околности на почетку српске четничке акције..., 7.
[372] Љубен Лапе, Документи за положбата во Македонија и Организацијата во првата половина од 1904 година, ГИНИ V/2, Скопје 1961, 250; В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 93; Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република. Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Тримакс, Скопје, 2011, 365-366.
[373] Д. Вукашин, Рад Србије..., 629; В. Илиќ, Српска четничка акција..., 37; Јован Смилјаниќ, Околности на почетку српске четничке акција. Неки покушаји сарадње и сукоба четника и комита у Македонији, Баштина-Приштина Лепосавиќ, Београд 2008, 6; Блаже Ристевски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник во Софија во 1905 година, Зб. Даме Груев истражување и материјали (1871-1906), Друштво за наука и уметност-Битола, Битола 1981, 43.
[374] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 37; Ј. Смилјаниќ, Околности на почетку српске четничке акције..., 6; С. Краков, Пламен четништва..., 111, В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 94. Српските историчари се обидуваат на средбата да и дадат значење на Конгрес. Но за да има Конгрес треба да има делегати. Од друга страна, не може да има Конгрес на две различни организации со различни цели. Очигледно е дека станува збор за средба меѓу претставници на двете организации.
[375] В. Ѓорѓиев, Патар Поп Арсов..., 94; В. Илиќ, Српска четничка акција..., 37; Ј. Смилјаниќ, Околности на почетку српске четничке акције..., 6.
[376] В. Ѓорѓиев, Патар Поп Арсов..., 94; М. Митрова, Кралството Србија и осмалиска Македонија..., 65. Српските автори тврдат дека на средбата присуствувал и Даме Груев, што не е точно, бидејќи тој во овој период бил во Смилево. Исто така како присутен на средбата го посочуваат и Христо Матов, што исто така не е точно, бидејќи Матов во овој период бил во Софија. Види: В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 94-95.

на идната соработка, Василие Трбиќ нагласил дека „публикациите што ги издава ЦК со каква и да е содржина, ќе можат да ги растураат по српските села само доколку бидат напишани на чисто српски јазик“. Покрај тоа Трбиќ и Томиќ предложиле поделба на Македонија на сфери на интереси, српска и бугарска.[377] До компромис меѓу двете страни не дошло.[378] Српските претставници ја напуштиле средбата.

Во октомври 1903 година од страна на Матов и Татарчев во Белград бил испратен Иван Хаџи Николов.[379] Притоа Хаџи Ников имал средба со Света Симиќ, српски дипломатски претставник во Софија. За време на преговорите, од страна на Хаџи Николов биле поставени следните прашања до С. Симиќ: колку и какви пушки Србија може да и даде на Организацијата, колку чети би биле испратени на теренот, каде би дејствувале тие, каков би бил нивниот однос кон ЦК, и друго. Од своја страна, Хаџи Николов барал да добие 4000 пушки, а српските четници да не дејствуваат во Македонија туку во Одринско.[380] Ваквиот предлог не бил во согласност со вистинските намери на Србија во однос на Македонија. Поради тоа, преговорите пропаднале.[381]

Српската четничка организација паралелно започнала преговори и со Борис Сарафов за заедничко делување на српските чети и четите на ТМОРО против Османлиите. Задграничното претставништво на ТМОРО во Софија, во своето писмо од 26 ноември 1903 година ги ополномоштило Борис Сарафов и Михаил Герџиков да ја претставуваат Организацијата во Англија и Франција, но прво требало да заминат за Белград и да стапат во преговори со официјални српски претставници.[382] Меѓутоа, Сарафов претходно на своја рака во Белград го испратил Матеј Геров, да подготви терен за неговата мисија. Така улогата на

[377] Д. Вукашин, Рад Србије..., 629; М. Митрова, Кралството Србија и осмалиска Македонија..., 65.
[378] Б. Ристесвски, Даме Груев во извештаите..., 43; М. Митрова, Кралството Србија и осмалиска Македонија..., 65.
[379] Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија..., 250; Б. Ристесвски, Даме Груев во извештаите..., 43.
[380] М. Митрова, Кралството Србија и осмалиска Македонија..., 64; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 53.
[381] М. Митрова, Кралството Србија и осмалиска Македонија..., 64;
[382] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903...471; В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 367; Христо Силянов, Освободителните борби на Македония, том втори след Илинденското въстание, София, 1943, 282.

Михаил Герџиков била само во својство на набљудувач.[383] Притоа Геров барал од Герџиков да издејствува од Задграничното претставништво во Софија да му дадат полномошто да остане претставник на Организаијата во Бугарија. Геџиков го одбил Геров, бидејќи му оставил лош впечаток, а за тоа ги известил Матов и Татарчев.[384]

На 27 ноември 1903 година, Сарафов пристигнал во Белград, при што имал средба со македонски студенти и емигранти, пред кои одржал и говор. [385] Покрај тоа Сарафов имал средба со Света Симиќ, Живоин Белуџиќ и со некои српски офицери. На овие средби присуствувал и Михаил Герџиков, но на 29 ноември 1903 година, „со еден мал маневар" Сарафов успеал да се сокрие од Герџиков и да разговара без сведоци.[386] На 30 ноември 1903 година, Сарафов заминал за Виена, а преговорите ги водел Матеј Геров, кој бил ополномоштен од Сарафов. За време на преговорите, претставниците на Српската четничка организација и српските политичари, му предложиле на Геров целиот Скопски и северната половина на Битоскиот вилает да бидат испразнети од страна на ТМОРО, или истите да бидат потчинети на СЧО.[387] Геров го отфрлил српскиот предлог.

Во јануари 1904 година, од страна на ЦК во Белград биле испратени Михаил Николов и Сава Михајлов.[388] За време на преговорите, од српска страна излегле со програма, која според нив претставувала гаранција дека идната автономна Македонија нема да се спои со Бугарија. Исто така било предвидено создавање на два мешани одбори во Софија и Белград, чија што задача би била да управуваат со административните внатрешни области. Понатаму се предвидувало разграничување на реоните помеѓу двата одбора, кои би биле раководени од генерален штаб со пропорционална застапеност , при што секој од нив би пишувал

---

[383] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 367; Спомени, Иван Хаџи Николов, Даме Груев, Борис Сарафов, Јане Сандански Михаил Герџиков и Христо Татарчев, Култура, Скопје, 1995, 300.
[384] Спомени на Михаил Герџиков..., 300.
[385] Исто; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 56;
[386] М. Митрова, Кралството Србија и осмалиска Македонија..., 67.
[387] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 58.
[388] Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија и Организа-цијата..., 252; Ј. Смилјаниќ, Околности на почетку српске четничке акције..., 7.

на својот дијалект во реонот каде што делувал.[389] Стојеќи на позициите за неделивост на Македонија и суверенотo право на Организацијата за дејствување во нејзините територии, Николов одбил да разговара за поделба на Македонија на сфери на влијанија.[390] Во текот на преговорите како клучен проблем било поставено прашањето за јазикот. Повторно не дошло до договор поради што преговорите пропаднале.[391] Очигледно е дека не можело да дојде до договор помеѓу Србија и ТМОРО. Тоа го потврдува и српскиот дипломатски претставник во Софија во едно писмо од 22 јуни 1904 година. Во него меѓу другото се вели: „Матов и Татарчев отворено кажуваат дека од Србија нема веќе на што да се надеваат".[392]

Откако претставниците на СЧО увиделе дека не можат да ги наметнат своите ставови на ТМОРО, тие повторно се свртеле кон Борис Сарафов, кој се покажал како најподатлива врска.[393] На 16/29 март 1904 година, дошло до средба на Борис Сарафов со српскиот претставник во Виена. Тогаш Сарафов потенцирал дека негова цел била автономна Македонија, и дека за да се реализира таа цел треба да помагаат и Србија и Бугарија, но дека и едните и другите сакаат дел од Македонија. Понатаму нагласил дека Организацијата сака автономна Македонија и не сака Македонија да биде под ниту една од балканските земји. Запрашан, дали доколку Македонија добие автономија, би можело да дојде до нејзино обединување со Бугарија, како што бил случајот со Источна Румелија, Сарафов одговорил дека тоа не е можно, и дека доколку Македонија добие автономија, таа ќе работи на создавање на сојуз на сите јужни Словени, во една балканска федерација, и дека тогаш Македонија би станала сила која ќе може да се одбрани од нападите.[394] Во април 1904 година, Борис Сарафов се поврзал со Света Симиќ и го убедувал да ги обноват преговорите. Доколку од српска страна пристигнал позитивен одговор, веднаш да испрати свој претставник во Белград.[395] Летото

[389] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 68; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..60-61.
[390] Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија и Организацијата..., 252.
[391] Д. Вукашин, Рад Србије..., 641; Ј. Смилјаниќ, Околности на почетку српске четничке акције..., 7.
[392] Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија и Организацијата..., 252.
[393] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 62.
[394] Документи о спољној политици..., 200.
[395] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 69.

1904 година, пред заминувањето на Михаил Николв од Белград, пристигнал новиот посредник на Борис Сарафов, Апостол Димитров.[396] Притоа Симиќ, му понудил на Димитров 40 000 динари, со цел да прифати логистичка за навлегување на српска чета во Македонија, која што требало да му ја предаде на Сарафов.[397] Првата рата од 20 000 динари на Сарафов му била исплатена на 19, а втората на 23 август 1904 година.[398] Така Сарафов за 40 000 динари прифатил да го поддржи влегување на првата српска чета во Македонија. Потегот на Борис Сарафов предизвикал голема штета на македонското револуционерно движење и овозможил пробив на српската вооружена пропаганда во Македонија.

### 4.Појавата на Српската четничка организација во североисточна Македонија и изградба на организациона структура

По формирањето на главните тела и двата пододбори на СЧО во Лесковац и во Ниш, српската вооружена пропаганда ја засилила својата дејност во Македонија.[399] Од крајот на 1903 година, СЧО започнала со изградба на своја организациона структура во Македонија. [400] Откако извршиле анализа на дотогашната дејност, раководителите на СЧО дошле до заклучок дека колку и да се ангажираат во Србија, нема да имаат реални успеси, доколку не располагаат со сопствена структура во Македонија. До тој заклучок дошле поради фактот што дотогашните обиди за испраќање на чети во Македонија, кои без канали, без водичи, и главно без организација на теренот, или завршувале со преминување на нивни четници на страна на ТМОРО, или пак разбиени се враќале во Србија. Па така „лишена од народносна база, СЧО во Македонија била градена врз основа на

[396] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 62.
[397] Христо Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, том втори след Илинденското въстание, София, 1943., 288; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 70; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 62.
[398] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..62.
[399] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 110.
[400] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 73.

органите на училишно-црковната пропаганда, и од нејзините членови: конзули, учители, училишни инспектори и други платени агенти".[401]

Од крајот на 1903 до јули 1904 година, СЧО формирала свои селски, кази и санџаци со свои одбори во Македонија. Почетна и клучна ќелија на СЧО било селото, на чие чело стоел месниот (селски) одбор. Селскиот одбор го сочинувале: претседател, секретар, благајник и војвода.[402] Селото имало тајна селска чета, со селски војвода.[403] Селото било поделено на маала, при што секое маало имало свој подвојвода, или десетар.[404] Селските одбори имале и свои курири. Должности на секој селски одбор биле, сите жители на селото да ги воведе во Организацијата и да ги обучи за служба на реонските чети. Исто така вршел локална и судска власт врз членовите од селото. Секое село имало своја благајна, така наречена „металичка каса", во која влегувале парите од глобата која била изречена од месните судови, како и мали месечни прилози. Со благајната раководел благајникот на месниот одбор, а трошењето го контролирал реонскиот војвода.[405] Авторитетот на месните одбори се спроведувал преку селските и реонските чети, кои претставувале нивна извршна власт.[406] Исто така селските одбори ја презеле и судската власт, и ги разрешувале споровите меѓу населението. Во османските судови можело да се оди само во случај на спорови меѓу христијани и муслимани, а во спротивно следувало парична казна. Судовите биле тристепени, при што селските судови претставувале првостепени судови, реонските војводи второстепени, а Горскиот штаб претставувал касација, односно третостепен суд. Селските одбори суделе според обичајното и канонското право, но и според „правдата и здравиот разум". Месните судови се занимавале со поделба на имотот, наследно право, деликвенција, а понекогаш ја земале јурисдикцијата на црковниот суд. Организациониот суд се занимавал со бракоразводни парници, донесувал казни за прељуба, а понекогаш на свештениците им забранувале да

---

401 Исто.
402 Шешум Урош, Српска Четничка Организација у Старој Србији 1903-1908. Теренска организација, Српске студие 2, Београд, 2011, 248.
403 Шешум Урош, Војводе Српке Четничке Организације 1903-1908, Краљево, 137.
404 Ш. Урош, Српска Четничка Организација у Старој Србији...., 249.
405 Исто.
406 Исто, 250.

венчаваат малолетници. [407] СЧО организирала своја милиција, во која ги мобилизирала жителите на србоманските села.[408]

Во април и јули 1904 година, биле формирани вилаетските одбори во Скопје и Битола.[409] Пододбори имало во Куманово, Тетово, Кратово и Бујановац.[410] Во кумановскиот пододбор од 4 јули 1905 година влегувале: Прота Атанасие Петровиќ, Анастасие Тодоровиќ, Лазар Бошковиќ, Анѓелко Ристиќ, Стојан Стојиќ, Јован Тасиќ, Јован Цивковиќ, Илија Тасиќ, Коле Гребеноровиќ и други.[411] Емисар на Главниот одбор на СЧО, за овој дел на Македонија бил поранешениот калуѓер на Света Гора, Василие Трбиќ, кој при крајот на 1903 и почетокот на 1904 година, извршил обиколка на србоманските села во Кумановската каза.[412]Организирањето на СЧО во Македонија, не било насекаде спроведувано на ист начин, и не секаде успеало правилно да профункционира. Некои организатори не успеале да се наметнат како авторитет кај населението.[413]

Откако СЧО ја засилило својата мрежа во Македонија, се започнало со вооружување. Оружјето се префрлувало од Србија, често во дипломатски пакети преку конзулите. Вооружувањето го вршеле Извршниот и Работниот одбор во Врање, кои секогаш добивале оружје од воените магацини на Кралството Србија, и истото го складирале во складови што се наоѓале на османско-српската граница во околината на Врање.[414] Во почетокот префрлувањето на првите српски чети во Македонија било вршено преку приватни лица, но Србија тајно ја водела акцијата преку Министерството за одбрана, офицерите и Министерството за надворешни работи. Оружјето и муницијата било набавувано директно од војската, или преку стрелачките дружини. Првата непосредна помош била извршена преку резервниот генерал Михајло Срећковиќ, претседател на сојузот на српските

---

[407] Исто.

[408] Алманах на българските национални движения след 1878 г. Академия и издателство Марин Дринов ", София, 2005, 572.

[409] Ш. Урош, Српска Четничка Организација у Старој Србији..., 254.

[410] Документи о спољној политици краљевине Србије, Књига 1, свеска 4/2..., 749; В. Илиќ, Српска четничка акција..., 26.

[411] В. Илиќ, Српска четничка акција...., 26; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 112; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 75.

[412] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 112.

[413] Ш. Урош, Српска Четничка Организација..., 248.

[414] Д. Велков, финансирањето и вооружувањето на оперативните..., 14.

дружини.[415] Министерот за одбрана донесувал прописи за намалување на цената на муницијата, за стрелачките дружини, а првите пушки биле испратени од оружаната на армијата, и биле продавани на приватни лица, по 5 динари за парче. Биле доставувани нови пушки, од кои претходно биле симнати српските државни симболи. Симнувањето на државните српски симболи се вршело поради опасностите што можеле да настанат во случај да се открие потеклото на оружјето, од страна на странските дипломатски претставници.[416] Покрај од Србија, било набавувано оружје и од Австро-Унгарија, Германија, Белгија и Франција. Ова оружје било набавувано преку трговци-шпекуланти, кои биле ставени во служба на српската државна политика и биле специјализирани за работи од овој тип.[417]

Во 1904 година, Василие Танкосиќ (српски офицер), ги воспоставил првите канали за пренос на оружје и муниција од Србија во Македонија.[418] Акцијата, опремувањето и уфрлувањто на доброволци од Србија во Македонија се финансирало преку доверливи кредити на Народното Собрание.[419]

Српските чети биле формирани во Белград, Врање, Лесковац и Ниш, а потоа биле испраќани во Македонија.[420] Притоа, манастирот Св. Прохор Пчински станал база за дејствувањето на српските чети во Кумановско.[421] Преку него биле воспоставени врски со Врање. Игуменот на манастирот, Владимир, и неговиот епитраф Неделко Ковачевиќ, го известувале Горскиот штаб за движењето на четите на ТМОРО и османските чети.[422]

Летото 1904 година, по препорака на Борис Сарафов, скопскиот војвода на ТМОРО Боби Стојчев,[423] пропуштил неколку мали чети составени од месни македонски четници, да навлезат во северните предели на Македонија (Скопско и

[415] Д. Вукашин, Рад Србије..., 660.
[416] Д. Велков, финансирањето и вооружувањето на оперативните..., 15.
[417] Исто, 14.
[418] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 49.
[419] Милорад Белиќ, Комитски војвода Василие Танкосиќ живот и деловање у периоду 1903-1908, Ваљевска гимназија, Ваљево 2005, 37.
[420] Д. Вукашин, Рад Србије..., 659.
[421] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 112.
[422] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 49; Ш. Урош, Војводе Српке Четничке Организације..., 137.
[423] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 367.

Кумановско).[424] Во текот на 1904 година СЧО изградила организациона структура во Кумановската, Кривопаланечката (по долината на Крива Река), и Кратовската каза. Организацијата била создадена по урнек на ТМОРО.[425]

До крајот на 1904 година, српските чети претежно биле составени од поранешни четници на ТМОРО, кои биле исфрлени од Организацијата. Од нивните редови излегле првите „српски" војводи. Оваа група на четници иако била малубројна, била многу опасна, затоа што поседувала големо искуство, го познавала теренот во Македонија, населението и ТМОРО.[426] Покрај нив имало и македонски емигранти, кои биле на печалба во Србија.[427] Војводи во Источното Повардарие, (во кое спаѓала и североисточна Македонија), биле Петко Илиќ-Нагорички, Павле Младеновиќ-Јачински, Тодор Крстиќ-Алгуњски, Крсто Ковачевиќ-Трговишки и Ристо Стефановиќ-Старачки. [428] Во Кумановско и Кратовско првите српски чети биле формирани од страна на Павле Младеновиќ-Крајчевиќ, од с. Јачинце (Кумановско), и Јован Станојковиќ, од село Довезенце (Кумановско), познат како Јован Довезенски, [429] Крсте од Прешево, Вангел Скопјанецот и др. [430] Павле Младеновиќ формирал чета составена од своите синови и соседи, и со нивна одлука станал војвода.[431] Војвода во Кривопаланчеко станал Спасе Гарда.[432]

Српската вооружена пропаганда земала се поголем замав во Кумановско и Скопско, во текот на летото 1904 година. Покрај со вооружени методи, српската пропаганда се служела и со други методи. Така во извештајот на бугарското трговско агентство до министерот за надворешни работи на Бугарија, Д. Петков, од 5 септември 1904 година, се известува дека српската пропаганда за „ширењето на србизмот во Скопско формирала земјоделски здруженија, чија цел била да се

---

[424] Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, том трети, Мисла, Скопје, 1987, 148.
[425] Исто.
[426] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 125.
[427] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 87.
[428] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 52.
[429] Исто; 40; Документи о спољној политици краљевине Србије, Књига 1, свеска 4/2..., 750.
[430] Документи о спољној политици краљевине Србије, Књига 1, свеска 4/2..., 750.
[431] Ш. Урош, Војводе Српке Четничке Организацие 1903-1908, Краљево, 137.
[432] Исто.

подигне земјоделието во земјата“.[433] За постигнување на таа цел, членовите за здруженијата внесувале во касата по 6 гроша месечно. Такво здружение имало во Куманово, во кое што биле поканети и егзархисти.[434]

Од друга страна османските власти го олеснувале делувањето на српската вооружена пропаганда. Во извештајот на бугарското трговско агентство до бугарскиот министер за надворешни работи, се тврди дека „Фехти паша им се продал на Србите“. Покрај тоа, српската пропаганда ги користела и Арнаутите во борба против егзархистите. Така во Куманово имало некој Мехмед ефенди, по потекло од Лесковец, кој што земал плата од 80 лева месечно. Тој од време на време добивал инструкции од привржаниците на српската пропаганда.[435]

Во декември 1904 година се зголемил бројот на српските чети во Македонија. Во писмото од Кнежевскиот дипломатски агент во Белград до бугарскиот министер за надворешни работи од 8 декември 1904 година пишува дека студент од Вишото училиште во Белград, Симиќ, земал од бугарското министерство за надворешни работи 2500 лева, кои ги однел во Кратово за основање на фонд за потребите на српската вооружена пропаганда. Такви фондови било планирано да се формираат во Куманово, Кочани и Крива Паланка.[436]

Студентот Јован Алексиќ, по потекло од Куманово на 21 ноември 1904 година заминал за Белград, со цел да собира финансиска помош за четите. Тој кажувал дека парите ги собирал за оружје и други потреби на четниците, „кои дејствувале против бугарашите“.[437] Во селото Малотино (Кумановско), српскиот војвода Ѓорѓи Скопјанчето формирал своја организација. Во соседните села Станче и Жегљане, тамошните србомани барале и таму да се формира српска организација.[438]

---

433 Г.Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганда в Македония..., 340.
434 Исто.
435 Исто, 341.
436 Исто, 346.
437 Исто.
438 Д. Вукашин, Рад Србије..., 658.

Кумановскиот прота Ташко, се жалел на тешката состојба во Куманово, и барал 200-250 пушки со муниција, и што побргу да дојде чета од 10 до 15 луѓе во Кумановската каза.[439] Во писмото од началникот на Врањскиот округ Драгиќ Павловиќ до Бацето од 16/29 ноември 1904 година пишува „утре или задутре ќе добијам 400 пушки со муниција и 250 револвери за Куманово и Велес".[440] Набргу биле донесени 12 товари пушки во Канарево, 3 во Стрезовце, а во Дренак, Длабочица, Бајловце и Секулјани биле поделени околу 200 пушки. Во едно друго писмо од Драгиќ до Бацето од 18 ноември/1 декември 1904 година пишува „синоќа преку граница му ја испратив последната експедиција од 30 пушки мартинки и 3000 куршуми на Јован Станојковиќ". Во писмото на Драгиќ до шефот на конзуларното одделение на МНР, Јован М. Јовановиќ од 22 ноември/5 декември 1904 година, пишува „на Јован Станојковиќ му соопштив да тргне кон Кратово за Шталковица, Злетово, Рударе и околината, да ги вооружа и организира. Тој синоќа се сретнал со Темелко Бајрактаревиќ во Мгленце, и му пратил луѓе за оружје. Ноќеска му пренеле околу 150 пушки".[441]

Српските чети биле сместени во манастирите во с. Старец и во Св. Прохор Пчински и во србоманските села Пелинце, Драгоманце, Довезенце и други. Четите во Кумановско имале своја селска милиција, составена од месното население од србоманските села, која сама се снабдувала со оружје. Со особена жестокост се истакнувал учителот Јован Довезенски, со својата чета.[442]

На 29 март 1905 година, на железницата во Битола пристигнал мајорот Ѓорѓе Трифуновиќ. Тој бил испратен во Македонија за да организира одбори на СЧО. Тој ги организрал одборите во Куманово и Солун, а потоа се вратил во Србија.[443]

---

[439] Исто, 691.
[440] Документи о спољној политици краљевине Србије, Књига 2, Додатак 1..., 211
[441] Исто, 216.
[442] Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, том втори..., 304.
[443] Документи о спољној политици..., 355-357.

Пролетта 1905 година, биле формирани Горски штабови за Источното и Западното Повардарие.[444] Прв Горски штаб за Источното Повардарие бил формиран на Козјак. Шефови на Горските штабови во Источното Повардарие биле: Илија Јовановиќ-Пчински, Аксентиј Бацетовиќ-Бацето, Воин Поповиќ-Вук, Михајло Ристиќ-Џервинец, Алимпие Марјановиќ-Овчеполски, Александар Благоевиќ-Кочански, и Светозар Ранковиќ-Тозо.[445] Шефот на Горскиот штаб одредувал застапник кој ќе го заменува во негово отсуство. Во тој случај застапникот ја извршувал функцијата шеф на штабот. Шефовите на Горските Штабови ги потврдувале месните и реонските војводи, ги разгледувале жалбите за нивно самоволие, пресудувале во споровите, вршеле ревизија на селското и четното оружје, и воделе сметка за сите аспекти на општествениот живот во својот реон.[446] Шефовите на Штабовите од страна на населението биле нарекувани голеомити, или офицероти. Од страна на СЧО за војвода единствено бил сметан Воин Поповиќ-Вук, кој претходно бил водач на чета. Ист став кон него имало и населението.[447] Војводите биле поставувани од страна на ЦО. За војводи биле поставувани луѓе од различни професии, и со различно образование. Според професијата војводите се делеле во 5 групи и тоа: офицери, подофицери, учители, селани и останати. Војводата на четата одлучувал за движењето на четата, ја носел благајната на четата, и се грижел за облеката, храната, хигиената, и здравјето на своите четници. Исто така војводата носел пари од Србија за изградба и поправка на училишта и цркви. На селаните им давал лекови, кои тие требале да им ги даваат на четниците, кога тоа било потребно.[448]

[444] Ш. Урош, Српска Четничка Организација..., 248; Ш. Урош, Војводе Српке Четничке Организације..., 137; Алманах на българските национални движения след 1878 г..., 572; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 123.
[445] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 51; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 88.
[446] Ш. Урош, Српска Четничка Организација..., 255
[447] Ш. Урош, Војводе Српке Четничке Организације..., 137.
[448] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 49.

## 5.Вооружени судири помеѓу четите на СЧО со Османлиите во североисточна Македонија 1904-1905

Во 1904 година српските чети започнале да навлегуваат во Македонија. Српската вооружена пропаганда била најсилна во Кумановско, Кривопаланечко, Кратовско, Прилепско, Бродско и Кичевско.[449]

Во почетокот на 1904 година, ЦО на СЧО ја испратил во Македонија првата српска чета, предвидена за Поречје. За војвода на четата бил определен Анѓелко Алексиќ, за негов заменик Ѓорѓе Цветковиќ, а за водач на патот Василие Трбиќ.[450] Според официјалните српски документи и според Дедовиќ Вукашин таа броела 22 члена.[451] Четата ја преминала османско-српската граница на 10/23 мај 1904 година, кај село Буштрањ.[452] На 12/25 мај 1904 година, четата влегла во судир со аскерот кај врвот Шупли Камен,[453] близу селото Четирце (Кумановско).[454] Притоа, во судирот загинале сите четници, освен војводата Анѓелко.[455] Османскиот командант Хамди паша наредил Анѓелко да биде фатен жив. Тогаш Анѓелко кон аскерот ги фрлил пушката и револверот, и преостанатите бомби и на крајот се самоубил.[456] Според официјалните турски документи, во судирот загинале 4 заптии и 3 жандарми.[457]

---

449 Јован Донев, Македонија во британско-руските односи 1907-1908, Скопје, 1994, 69.
450 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 40; Д. Вукашин, Рад Србије..., 643, С. Краков, Пламен четништва..., 153, Х. Силханов, Освободителните борби на Македония, том втори..., 305.
451 Документи о спољној политици Краљевине Србије, Књига 2, Додатак 1..., 152; Д. Вукашин, Рад Србије..., 643; В. Илиќ, Српска четничка акција..., 40; Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, том втори..., 305. Според Владимир Илиќ четата броела 23 души, а според Христо Силјанов 24 души.
452 Д. Вукашин, Рад Србије..., 643; В. Илиќ, Српска четничка акција..., 40. Владимир Илиќ настанот го датира еден ден порано на 9/22 мај 1904 година.
453 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 41; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 113; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 76.
454 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 41; Д. Вукашин, Рад Србије..., 643. Х. Силянов Освободителните борби на Македония, том втори..., 305. Х. Силјанов како место на судирот го наведува реонот меѓу селата Пчиња и Орашец. Тука се наоѓа селото Шупли Камен, но нема никаков врв. Очигледно е дека Силјанов ги измешал врвот Шупли Камен со истоименото село.
455 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 41; Д. Вукашин, Рад Србије..., 643; Документи о спољној политици Краљевине Србије, Књига 2, Додатак 1..., 157.
456 В. Илиќ, Српска четничка акција...4; Документи о спољној политици..., 157.
457 Турски документи за оружените борби во Македонија..., 145; Д. Вукашин, Рад Србије..., 644; Документи о спољној политици..., 156. Според еден извештај на генералот Атанацковиќ до Вукашин Петровиќ, истиот тврди дека од страна на Османлиите имало 52 загинати, додека во еден друг извештај истиот тврди дека од османска страна имало 80 загинати и 100 ранети. Ниту едно

Во текот на 1905 година се одиграле следните судири помеѓу четите на СЧО и аскерот: кај Четирце, кај Шупли Камен, кај Табановце, кај Бељаковце, на врвот Вуксан кај манастирот во с. Матејче, кај врвот Китка, кај Гуглин, кај Дреновец, кај Малеш, кај Купов Камен, кај Голема Хоча, кај Петралица и кај Бочварска коса.[458]

Пролетта 1905 година, една српска чета на чело со војводата Владимир Ковачевиќ, требала да замине за Поречје.[459] Според извештајот на началникот на Врањскиот округ четата броела 30 члена.[460] Четата ја преминала османско-српската граница кај село Буштрање. Утрото на 19 март/01 април 1905 година четата пристигнала во село Табановце (Кумановско).[461] Војводата ја поделил четата на тој начин што 6 четници предводени од Веселиновиќ ги испратил во куќата на Стамен, на спротивниот крај од селото, а останатите се сметиле во куќата на тројцата браќа Денковиќ, Стојан, Ѓорѓе и Димитрија.[462] Четите биле забележани и бил известен кумановскиот гарнизон. Од Куманово тргнал аскер. Била опколена куќата во која се наоѓала групата на Веселиновиќ. Бидејќи четниците не можеле да даваат отпор, тие истакнале бело шамивче, во знак дека се предаваат. Аскерот ги разоружил и ги спровел во Куманово.[463] Околу 15 часот, дошло до борба меѓу групата на Ковачевиќ и аскерот. Во судирот загинале војводата Протиќ, Витко Врањанец и четникот Никола Јабланиќ, а потпоручникот Васиљевиќ, војводата Ковачевиќ и Стојан Ристиќ-Гниламски биле ранети.[464] Борбата траела до доцна во ноќта, кога аскерот се повлекол.[465]

---

ниту друго тврдење не може да биде точно, ако се има предвид бројноста на четниците во однос на бројноста на загинатите војници. Исто така треба да се има во предвид дека извештаите што ги даваат турските документи, се официјални документи на османската армија, која што не може да си дозволи да ги сокрива жртвите, за разлика од извештаите на четниците кои овие ивештаи ги прават за пропаганди цели.

[458] Д. Вукашин, Рад Србије..., 669.

[459] Исто, 673.

[460] Документи о спољној политици..., 346-347; Д. Вукашин, Рад Србије..., 673; С. Краков, Пламен четништва..., 239; Турски документи за оружените борби во Македонија..., 178. Според Вукашин Дедовиќ и Стансилав Краков четата броела 27 души, додека спред турските документи таа броела 11 души.

[461] Д. Вукашин, Рад Србије..., 673; Турски документи за оружените борби во Македонија..., 178; В. Илиќ, српска четничка акција..., 52. Според Владимир Илиќ четата влегла во селото на 27 март.

[462] С. Краков, Пламен четништва..., 240.

[463] Д. Вукашин, Рад Србије..., 674; С. Краков, Пламен четништва..., 245.

[464] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 53.

Војводата Владимир Ковачевиќ со останатите четници, успеал да се пробие и се повлекол кон српската граница.[466] Потпоручникот Васиљевиќ кој бил ранет при повлекувањето, во меѓувреме им подлегнал на повредите. Бил погребан во селото Коинце (Кумановско). Единаесет четници побегнале во Буштрање. [467] Според официјалните турски документи во борбата загинале 4, а биле заробени 7 четници.[468]

Седумината заробеници биле спроведени во општинската куќа (Беледија) во Куманово.[469] Отаму требало да бидат спроведени во затвор. Во меѓувреме биле испрашувани, но ништо не признале. Претходно на плоштадот пред општината заробениците биле пречекани од маса фанатизирани муслимани. Притоа еден Турчин со стап го удрил Веселин по лицето. Во истовреме другите биле масакрирани од насобраната толпа,[470] која им ги разбила главите со чекани, а потоа нивните безживотни тела ги масакрирале со секири и ножеви.[471] Притоа биле масакрирани 8 лица, од кои 5 биле од Србија, 1 од Крива Паланка и 1 од Куманово.[472] Муслиманите биле револтирани од прикажувањето на донесените трупови на османските војници во градот. Во врска со овој случај, биле уапсени 2 лица по име Муарем и Маскуд. [473] Во градот настанала паника, при што населението се затворило по своите куќи. Пристигнало глас дека 1000 вооружени Албанци се подготвувале да го нападнат Куманово.[474] За да ги смират страстите на кумановските србомани, османските власти дозволиле четниците да бидат свечено погребани. Овој настан предизвикал огорченост не само кај србоманите, туку и

---

[465] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 53; Д. Вукашин, Рад Србије..., 674. Началникот на Врањскиот округ како загинати ги наведува: Стојан Протиќ, Трајко Ѓорѓевиќ, Давид Петковиќ, Сава Јовановиќ, Веселин Веселиновиќ, Никола Митиќ, Арса Арсиќ.
[466] Д. Вукашин, Рад Србије..., 674; С. Краков, Пламен четништва..., 245; Документи о спољној политици...327.
[467] Д. Вукаши, н, Рад Србије...675.
[468] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 178; Документи о спољној политици..., 345.
[469] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 178.
[470] С. Краков, Пламен четништва..., 246; Документи о спољној политици..., 327.
[471] В. Илиќ, српска четничка акција..., 53.
[472] Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 38.
[473] Исто.
[474] Д. Вукашин, Рад Србије..., 675.

егзархистите во Куманово, кои што масовно изразувале сочувство и присуствувале на погребот на четниците.[475]

Во меѓувреме во Врање се подготвувале нови чети. Кај поручникот Сретен Рајковиќ доаѓале нови офицери. Тој успеал да собере 25 офицери од Ниш, Белград и Кргауевац.[476] Притоа, кај него во Врање пристигнал неговиот млад другар Савковиќ, кој исто така ја напуштил армијата. Така била формирана чета од 35 луѓе.[477] Четата тргнала од Врање и ја преминала османско-српската граница кај Буштрање, на 25 март 1905 година.[478] Кај Гулиновац, на Козјак, Сретен Рајковиќ се сретнал со Илија Пчински. Последниов ги спремил конаците за четниците и пратил гласници кај учителите. Во селото Канарево ги пречекале Павле Младеновиќ и Љуба Јездиќ-Развигор, со своите 10 Црногорци. Во меѓувреме пристигнал курир од Куманово, со вест дека биле откриени, и дека аскерот доаѓал натаму. Јездиќ со своите Црногорци тргнал кон Довезенце со цел да го нападне аскерот од зад грб. Тодор Алгуњски бил одреден за водич.[479] Четниците се сокриле во куќата на една баба. Во меѓувреме повторно пристигнал курир кој кажал дека во село Јачинце (Кумановско) имало аскер, и дека војводата Јован Бабунски барал помош.

На 28 март 1905 година, било нападнато селото Облавце (Кумановско).[480] Српските четници откако пристигнале во селото, била опколена куќата на извесен Величко, а потоа биле од страна на војската биле испукани неколку истрели. На тоа опколените четници во куќата возвратиле со оган, се додека четниците не ја запалиле куќата.[481] Потоа четниците се упатиле кон Крива Паланка. На патот за Крива Паланка ги пресретнала потера, при што започнала престрелка. Во престрелката загинал извесен Спепановиќ од село Ранковце, а Спиро жител на селото Облавце бил ранет.[482]Утредента кога Јездиќ ги броел четниците во село

[475] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 53.
[476] С. Краков, Пламен четништва..., 247.
[477] Исто, 248.
[478] Исто.
[479] Исто, 249.
[480] Исто, 250. Документи о спољној политици..., 372.
[481] Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 59.
[482] Исто.

Стрновац (Кумановско), забележал дека двајца фалат. Тие биле ранети во битката со Османлиите и се сокриле во воденица во село Канарево.[483] Според официјалните турски и австриски документи, судирот се случил на 22 април 1905 година. Српската чета броела 20 луѓе, при што во судирот загинале 2 четници, 1 бил ранет и 2 биле заробени.[484]

Во април 1905 година, дошло до судир помеѓу една српска чета и аскерот. Во битката загинале 4 српски офицери, а 8 биле ранети.[485] На 28 април 1905 година, во селото Длабочица (Кривопаланечко) влегле две српски чети, Крагуевачката и Белградската. Тие биле пречекани од страна на поручникот Илија Јовановиќ.[486] Крагуевачката чета била предводена од капетан Борислав Петковиќ. Оваа чета го завзела централниот дел на врвот Челопек. На чело на Белградската чета стоел Акцентиј Бацетовиќ-Бацето.[487] По кратко договарање четите ги зазеле договорените позиции. На 29 април 1905 година, четата предводена од Ѓорѓи Скопјанчето пристигнала во селото Пелинце (Кумановско).[488] Заедно со него биле и членовите на Горскиот штаб на Источното Повардарие предводени од Бацето.[489] Утрото на 29 април 1905 година, чета од 130 луѓе, предводена од чичо Павле Младеновиќ пристигнала во селото Никуљане (Кумановско), каде била опколена од Османлиите. Тогаш Саватие издал наредба четниците да се повлечат кон Челопек. Белградските студенти со кои што командувал Воислав Танкосиќ се повлекле кон Челопек. Качувајќи се кон врвот, во близина на Челопек, биле пречекани од Арнаутите од селата Алгуња, Млтово и Сушево. Во борбата загинале потпоручник Петар Тодоровиќ и наредникот Раде Косовец, а Милан Гавриловиќ

---

[483] Исто; Документи о спољној политици..., 372. Според автриските документи, еден од четниците загинал во судирот зад еден воденички камен, а другиот бил убиен кај село Алинце (кумановско), додека според извештајот на Бацето, еден четник загинал во селото а друг кај селото Дренак (кумановско).

[484] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 186; Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 59.

[485] Д. Вукашин, Рад Србије..., 675.

[486] Исто; В. Илиќ, српска четничка акција..., 54; Споменица двадесетпетгодишњице ослобоѓења Јужне Србије..., 289.

[487] Д. Вукашин, Рад Србије..., 675; В. Илиќ, Српска четничка акција..., 54; Споменица двадесетпетгодишњице ослобоѓења Јужне Србије..., 289; Документи о спољној политици..., 413.

[488] Д. Вукашин, Рад Србије..., 675; В. Илиќ, српска четничка акција..., 55.

[489] В. Илиќ, српска четничка акција..., 55.

бил ранет.[490] Од страна на Османлиите загинал 1 жандарм, а 6 биле ранети.[491] Околу 15 часот, на врвот пристигнале Горскиот штаб предводен од Бацето и четата на Ѓорѓи Скопјанчето. Четниците ги нападнале Османлиите од зад грб, поради што Османлиите и група Арнаути се разбегале.[492] По оваа битка, четниците предвидени за Поречје се повлекле во Србија, а на терен останале Горскиот штаб, четата на чичо Павле Младеновиќ, и четата на Скопјанчето.[493] Утредента на 30 април 1905 година, дошло до судир помеѓу една српска чета и аскерот. Четата била предводена од некој српски офицер, и броела 60 луѓе. Во судирот загинале 2 четници и 6 жандарми.[494]

Спремајќи се за Скопска Црна Гора, Саватие Милошевиќ го повикал Пеќанец да го сочека кај манастирот во с. Матејче (Кумановско), и да му донесе храна за 100 четници. Пеќанец со себе водел 35 четници.[495] На 1 мај 1905 година,[496] четата била опколена од аскерот кај манастирот во село Матејче.[497] Според официјалните турски и австриски документи четата броела 7 члена.[498] Во борбата загинале четниците: Јован Ѓорѓевиќ, Алекса Шаговиќ, Трајко Зафировиќ и Петар Сарачанин, а 3 четници биле ранети.[499] Борбата траела до доцна во ноќта, а Пеќанец успеал да се пробие со четата.[500] На 13 мај 1905 година, во околината на манастирот кај селото Старец (Кумановско), дошло до судир помеѓу една српска чета и аскерот. Четата броела 10 души. Во судирот загинале 7 четници и 10 жандарми, а 6 жандарми биле ранети.[501]

---

490 Исто, Д. Вукашин, Рад Србије..., 675.
491 Турски документи за оружените борби во Македонија..., 187.
492 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 55; Д. Вукашин, Рад Србије..., 675; С. Краков, Пламен четништва..., 268.
493 Споменица двадесетпетгодишњице ослобоѓења Јужне Србије..., 289.
494 Турски документи за оружените борби во Македонија..., 187.
495 С. Краков, пламен четништва..., 272.
496 Турски документи за оружените борби во Македонија..., 188.
497 С. Краков, пламен четништва..., 272.
498 Турски документи за оружените борби во Македонија..., 188, Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 59. Според официјалните австриски документи судирот се случил на 30 април.
499 С. Краков, Пламен четништва..., 273.
500 Исто.
501 Турски документи за оружените борби во Македонија..., 189

По битката кај Челопек војводата Петко Илиќ се сокрил во манастирот Св. Прохор Пчински.[502] Петко се обидел да ги поведе своите четници кон врвот Китка, на планината Козјак. Во овој период бројни османски потери постојано крстареле низ Кумановската каза. Особено биле вршени претреси на планината Козјак. На 30 мај 1905 година, османска потера со околу 100 војници ја опколила осум члена српска чета предводена од војводата Петко Илиќ-Нагорички, на врвот Китка.[503] Започнала борба, откако им снемало муниција, четниците се собрале околу последната бомба и ја активирале. Од експлозијата загинале 4 четници.[504] Четникот Божин од с. Опила бил тешко ранет, додека силната експлозија го отфрлила четникот Коце Јанковиќ кон реката. Единствен неповреден бил четникот Петко, од кого Божин барал да го убие, за да не падне жив во рацете на Османлиите. Петко го убил Божин, а потоа си пукал во стомакот. Но за среќа успеал да преживее. Притоа еден овчар го видел и го спасил.[505] Следната ноќ овчарите го пренеле Петко преку османско-српската граница. Одборот го сместил Петко во Врањска Бања, кај што бил лекуван од доктор Кутуциќ.[506] По 15 дена заминал кај Рафајловиќ и барал да го вратат на Козјак. Рафајловиќ се сложил, и Петко повторно се вратил на Козјак. Тогаш го добил прекарот млад Сингелиќ.[507]

Ноќта меѓу 12 и 13 јуни 1905 година, два баталјона аскер, го опколиле селото Петралица кај што се криела четата на Ѓорѓи Скопјанчето.[508] Ѓорѓи еден ден претходно заминал за селото Радибуш со 2-ца четници. Во селото останале 18 четници. Војводата ја поделил четата на 2 одделенија. Со едното командувал војводата Брана, а со другото војводата Богдан. Во 10 часот наутро, Османлиите го изненадиле стражарот од одделението на Брана, на начин што му го пресекле патот кон куќата. Притоа дошло до судир. Според официјалните турски

---

[502] С. Краков, пламен четништва..., 282.
[503] Д. Вукашин, Рад Србије..., 680.
[504] В. Илиќ, српска четничка акција..., 55.
[505] С. Краков, пламен четништва..., 285.
[506] Исто.
[507] В. Илиќ, српска четничка акција..., 56
[508] Исто, 61.

документи, во битката кај Петралица загинале 9 османски жандарми и 23 заптии, а 11 жандарми биле ранети, во четата имало 40 четници, при што сите загинале.[509]

На 16 јуни 1905 година, петчлена српска чета предводена од војводата чичо Павле Младеновиќ и Бацето, пристигнала во село Бељаковце (Кумановско). Четата била опколена од аскерот. Во обидот да се пробијат, 7 четници загинале.[510] Од османска страна загинал еден жандарм.[511] Во битката загинала групата на чело со чичо Павле, додека Бацето со својата група се сокрил во една шума близу црквата. Во тој момент, тука поминувала една османска потера. Бацето со еден четник отворил оган кон Османлиите, но притоа и двајцата загинале.[512]

## 6.Нападите на српските чети врз егзархиските села во североисточна Македонија и судирите со ТМОРО 1904-1905

Српската вооружена пропаганда користела различни методи, за да да го принуди егзархиското население да се откаже од Егзархијата и да премине под Патријаршијата. Тие методи се состоеле од напади на егзархиските села, опожарување на куќите и убиства.[513]

Набргу по битката кај Шупли Камен, на 22 јули/4 август 1904 година,[514] нова српска чета, предводена од Алекса Каменовиќ-Херцеговец, (српски жандармериски наредник), ја преминала османско-српската граница. Четата броела 40 луѓе.[515] Во селото Старец четниците зборувале пред селаните дека „Србија ќе ги ослободи сите христијани без разлика на народност". Притоа двајца селани од селото биле поставени за водачи и го принудувале населението да

---

[509] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 195; В. Илиќ, Српска четничка акција..., 62. Според Владимир Илиќ во битката од страна на Османлиите загинале 2 офицери и 50 војници а преку 70 биле ранети. Сепак, ако се има во предвид бројот на српските четници, со бројот на османските војници, може да се заклучи дека српските извори го преувеличуваат бројот на загинатите војници заради пропаганди цели.

[510] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 63.

[511] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 202.

[512] В. Илиќ, српска четничка акција..., 63.

[513] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 108.

[514] Д. Вукашин, Рад Србије..., 650.

[515] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 43.

извикува „Живела Србија“.[516] Четниците се судриле со четниците на ТМОРО, кај с. Бељаковце (Кумановско). Српските четниците успеале да се извлечат благодарение на свештеникот Јован Алексиќ и учителот Јован Цакиќ. По ова битка четниците го смениле Каменовиќ и за нов војвода го избрале Јован Станојковиќ-Довезенски.[517]

Во меѓувреме, ТМОРО започнало со борба против српската пропаганда и се обидувала селата кои ја прифатиле истата да ги врати под Егзархијата. Во периодот од март до септември 1904 година, чети на ТМОРО, извршиле повеќе убиства на истакнати србомани од повеќе села во Кумановската, Кратовската и Кривопаланечката каза. Таков бил случајот со убиствата во селата: Пчиња (Кумановско), Аљинце (Кумановско), Рударе (Кратовско), Герман (Кривопаланечко), Табановце (Кумановско), Татомир (Кратовско) и Кокошиње (Кумановско).[518]

Комитетот на ТМОРО од Кратово ги осудил на смрт србоманите од селото Кокошиње, свештеникот Јован Алексиќ и учителот Дане Стојановиќ. Задачата да ја изврши пресудата ја добил војводата Атанас Бабата. [519] Четата на Атанас Бабата ја преминала османско-бугарската граница кај рудникот Саса, и пристигнала во селото Пезово (Кумановско).[520] На 6 август 1904 година, четата навлегла во селото Кокошиње.[521] Притоа пристигнала пред куќата на србоманскиот свештеник Јован Алексиќ. Во куќата покрај свештеникот се наоѓале и учителот Јован Цветковиќ, како и внукот на свештеникот Милан Поп Петрушиновиќ, и слугата Михајло Миладиновиќ. Војводата Атанас Бабата барал од Алексиќ да се откаже од србството и да се врати под Егзархијата. Јовановиќ одбил да го стори тоа. Поради тоа Јовановиќ бил убиен, а со него биле убиени и Гиле Костиќ,[522] селскиот учител Јован Цветковиќ-Кумановец, внукот на прота Милан, селскиот кмет Трајко цар,

---

[516] Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, том втори..., 305
[517] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 43.
[518] За овие убиства поделтално: ДАРМ, ф. МНР на Кралството Србија, кутија 5, АЕ 200/416-539 .
[519] Милан Ж. Трајковиќ, Деловање ВМРО у Кумановској кази Скопског санџака 1904/1905 године, Универзитет у Нишу, Филозофски факултет, Ниш, 85.
[520] Ангел Динев, Илинденска епопеја книга втора, Мисла, Скопје, 1995, 95.
[521] ДАРМ, фонд: МНР на Кралството Србија, кутија 5, АЕ 200/416-539; Д. Вукашин, Рад Србије..., 651; С. Краков, Пламен четништва..., 168; М. Ж. Трајковиќ, Деловање ВМРО у Кумановској..., 85.
[522] ДАРМ, фонд: МНР на Кралството Србија, кутија 5, АЕ 200/416-539.

Митре Прж, неговите син и внук Гроздан и Јован Ивановиќ-Чекеренда.[523] Тешко бил ранет Благое Миневиќ.[524] На излезот од селото бил убиен српскиот учител Доне Стојановиќ, осуден на смрт од страна на ТМОРО.[525] Според Дедовиќ Вукашин вкупно биле убиени 53 луѓе.[526] Во врска со убиствата во Кокошиње, Даме Груев во интервјуто за „Новое времја“ за „морален виновник“ го посочува српскиот архијерејски намесник во Куманово прота Ташко (поради кого во летото 1903 година од страна на аскерот била ликвидирана чета на ТМОРО).[527] Во знак на одмазда за убиствата во Кокошиње четата на Јован Довезенски го нападнала селото Бељаковце, при што биле убиени истакнати раководители на ТМОРО од ова село.[528]

Четата на Јордан Спасев на 11/24 август 1904 година, влегла во селото Шопско Рударе (Кратовско). Притоа го ликвидирала семејството Дунковиќ, осудено на смрт од страна на Организацијата.[529] Четата најпрвин ја опколила воденицата на Нешо Дунковиќ во село Вакв (Кратовско). Притоа го убиле и го врзале Нешо Дунковиќ.[530] Потоа се упатиле кон селото Шопско Рударе. Таму биле убиени зетот на Нешо, Младен Чизмаковиќ, неговата жена Сребра,[531] братот Димитрија со неговата жена Трајанка, како и синот Кузман и неговата жена.[532] Исто така бил ранет Блажо, синот на Јован Гроздановиќ, од село Кокошиње

---

[523] Д. Вукашин, Рад Србије..., 651; С. Краков, Пламен четништва..., 168; Документи о спољној политици краљевине Србије, књига 1, свеска 4/1..., 317. Во српските документи како датум за убситвото се наведува 3 септември.
[524] ДАРМ, фонд: МНР на Кралството Србија, кутија 5, АЕ 200/416-539; Документи о спољној политици краљевине Србије, књига 1, свеска 4/1..., 317.
[525] ДАРМ, фонд: МНР на Кралството Србија, кутија 5, АЕ 200/416-539; Документи о спољној политици краљевине Србије..., 317; М. Ж. Трајковиќ, Деловање ВМРО у Кумановској кази..., 85.
[526] Д. Вукашин, Рад Србије..., 651; М. Ж. Трајковиќ, Деловање ВМРО у Кумановској кази..., 85. Според Милан Трајковиќ биле убиени 45 луѓе.
[527] Спомени, Даме Груев, Иван Хаџи Николов, Борис Сарафов, Јане Сандански, Михаил Герџиков, Христо Татарчев, редакција Иван Катарџиев, Скопје, 1995, 115. Споменатото интервју не е дел спомените на Даме Груев, но истото е поместено како прилог од страна на редакторот.
[528] Д. Вукашин, Рад Србије..., 652.
[529] Исто, 653; Документи о спољној политици..., 989.
[530] С. Краков, Пламен четништва..., 171.
[531] ДАРМ, фонд: МНР на Кралството Србија, кутија 5, АЕ 200/416-539; Документи о спољној политици..., 317.
[532] ДАРМ, фонд: МНР на Кралството Србија, кутија 5, АЕ 200/416-539; Документи о спољној политици..., 317; Дедовиќ Вукашин, Рад Србије..., 653, С. Краков, Пламен четништва..., 171.

(Кумановско).[533] Причина за убиството било прифаќањето на Патријаршијата од страна на ова семејство.

На 6 септември 1904 година, чета на ТМОРО го убила србоманот Наце Кипријановиќ од Куманово.[534] Во средината на септември 1904 година, било извршено ново убиство на србомани, од страна ТМОРО во селото Кокошиње. Мише Развигоров со неговата чета влегол во селото, и притоа убил 8 луѓе, блиски до србоманскиот свештеник Петруш и неговиот брат.[535] Петруш бил осуден на смрт од страна на ТМОРО. Тој во текот на ноќта пребегнал во Куманово [536]

Српската вооружена пропаганда започнала со нападите врз егзархиските села. Првичниот притисок бил најсилен во Кумановско, каде што дејствувале четите на Јован Довезенски, Петре Белјаковски, Павле Младенов, Денко Бајловски, Темелко Бајрактаров и Крсто Георгиев.[537] Во текот на ноќта помеѓу 22 и 23 октомври 1904 година во селото Бељаковце (Кумановско) од страна на српска чета предводена од Јован Довезенски биле убиени учителот Тодор Шилјаков и селските првенци Кузман Миланов и Петко Радев, а исто така биле затворени и жената и децата на Петко Радев.[538]

Во меѓувреме, српските чети започнале да се симнуваат кон пониските села. Селаните барале пушки за да се одбранат од српските чети, но не ги добиле. Една група селани од селата Орах и Канарево, заминале за Бугарија за да добијат пушки, но и таму добиле негативен одговор.[539] Српската пропаганда откако завладеела со планинските села, започнале да продира во рамничарските. Биле завладеани следните села: Канарево, Цвиланце, Младо и Старо Нагоричане.[540] До јануари 1905 година, српската вооружена пропаганда успеала да завладее 7

---

533 ДАРМ, фонд: МНР на Кралството Србија, кутија 5, АЕ 200/416-539; Документи о спољној политици..., 317.
534 ДАРМ, фонд: МНР на Кралството Србија...кутија 5, АЕ 200/416-539.
535 Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, том втори..., 309; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 169. Светлозар Елдеров извршувањето на убиството го датира на 3 септември 1904 година.
536 Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, книга 1, свеска 2..., 989.
537 М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 135.
538 ДАРМ, фонд: МНР на Кралството Србија, кутија 5, АЕ 200/416-539; В. Дедовиќ, Рад Србије..., 654; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 130.
539 Спомени, Крсто Лазаров..., 108.
540 Исто, 109.

егзархиски села во Кумановската каза, во февруари нивниот број се зголемил на 14, а во мај на 27.[541] Во врска со ова, англискиот вице-конзул Сатов во својот извештај од 6 април 1905 година пишува „Ја имам честа да Ве информирам за активноста на српските банди која се зголеми многу за време на минатите шест недели... Бугарите од следните села: Четирце, Челопек, Доброшане, Малотино, Бајловци и Младо Нагоричане, биле принудени да испратат писмени молби со признание дека преминуваат кон патријаршистите. Нивното преобразување во друга вера, е резултат на напорите на српските банди кои работеле на ова подрачје многу одамна.“ [542] Но завладувањето на овие села предизвикало потешкотии, бидејќи селаните давале отпор. Српските чети ја заземале планината Козјак, и воспоставиле контрола на патот Куманово-Крива Паланка, и на тој начин ја изолирале Крива Паланка од Скопје. Српските четници ги убивале и ограбувале патниците кои минувале низ овој пат. Оваа ситуација траела месец-два, се додека кумановската околија била без чета на ТМОРО.

Додека српската вооружена пропаганда имала успех во Кумановската каза, ситуацијата во Кратовската каза била поинаква. Под влијание на дејствувањето на четите на ТМОРО во целата  каза населението ја напуштало Патријаршијата и започнало да се се враќа под Егзархијата. Таков бил случајот со следните села: Татомир, Шопско Рударе, Туралево, Живалево, Горно Кратово и Шталковица. Слична ситуација била и во Кривопаланечката каза. [543] Во извештајот од архијерејскиот наместник од Крива Паланка, од 6 април 1904 година се наведува дека селата Станче и Ранковце (Кривопаланечко), се откажале од Патријаршијата, и се вратиле под Егзархијата. Во еден друг извештај од 15 јуни  1904 година се наведува дека селото Станче имало 23 егзархиски, а во Ранковце 123 егзархиски куќи.[544] Бројот на патријаршиските куќи не е наведен, така што не може да се направи соодветна анализа за тоа дали имало повеќе егзархиски или патријаршиски куќи. Во Кумановската каза во периодот од февруари до 16 јули

541 М. Митрова, Кралството Србија и османслиска Македонија..., 135.
542 Исто.
543 Д. Вукашин, Рад Србије..., 656.
544 ДАРМ, фонд: Скопска Митрополија 1890-1913, кутија 1, АЕ 31/81-82.

1904 година, под Егзархијата преминале следните села: Кокошиње, Кшање, Доброшане, Скачковце и Кучкарево.[545]

Српската вооружена пропаганда кон крајот на 1904 година се обидувала да навлезе во Кривопаланечаката каза. Но тука се соочила со отпор на околиската чета на ТМОРО. На 13 декември 1904 година, кај селото Шопско Рудари (Кратовско) четата на Атанас Бабата ја разбила четата на Јован Довезенски. Следниот ден, четата на војводата Боби Стојчев, го опколила манастирот кај селото Бељаковце (Кумановско), кај што се наоѓал остатокот од четата на Довезенски и целата чета била наполно уништена.[546]

Во меѓувреме, Довезенски во содејство со други српски војводи продолжил со своите дејствија во Кумановската каза. Така Австрискиот конзул во Скопје Бохумил Пара, во својот извештај до грофот Фон Голуховски, пишува дека на 26 декември 1904 година се соединиле српските чети на капетан Јован Довезенски, Темелко Бајрактаревиќ и извесен Цветко од Велес, во селото Рамно (Кумановско), кои го принудиле тамошното население да премине кон Патријаршијата.[547]

Попот Петруш заедно со извесен Денко, од село Бајловце (Кумановско) зел една српска чета, и со неа ги обиколувал селата: Стрезовце, Бајловце, Канарево и Цвиланци, и се обидел истите да ги србизира. Српкиот поп Наце од Куманово, со двајца српски учители, (Јован и Ване Скаков), за селото Градиште (Кумановско), и со помош на османските власти изнудил затварање на егзархиското училиште во ова село, и протерување на егзархискиот учител Трипко Иванов, од Куманово. Од Градиште и Малино, егзархиските учители пребегнале во Куманово.[548]

Во декември 1904 година во Србија бил убиен легалниот работник на ТМОРО, Солтир Поп Андонов, од Куманово. Тој на 6 октомври 1904 година, заедно со секретарот на околискиот комитет на ТМОРО во Куманово, заминале за

---

545 Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, том втори..., 126.
546 М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 135; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 169.
547 Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906, том I, Скопје, 1977, 10.
548 Исто.

Бугарија.[549] Истиот бил уапсен од страна на српската полиција кај Ристовец, а потоа предаден на српските четници. Тој бил предаден од страна на српскиот архијерејски наместник во Куманово прота Ташко.[550] Во едно писмо од Врање, кое паднало во рацете на Организацијата, прота Ташко се известувал за смртта на Поп Андонов.[551] Поради тоа Организацијата му изрекла смртна пресуда на прота Ташко.[552]

Во комитетот на ТМОРО во Куманово во почетокот на 1905 година се наоѓале: Атанас Левков - управник на егзархиското училиште,[553] секретарот на митрополитскиот егзархиски наместник во Куманово, Трајче Митев, егзархискиот свештеник Андон, неговиот син Солтир Поп Андонов, учителот Зафир Тасев, трговецот Ангел и други.[554] На чело на СЧО во Куманово се наоѓале прота Ташко Петровиќ, Лазар Бошковиќ и учителот Шарпланинец.[555] Била влечена ждрепка за тоа кој да го убие прота Ташко. Задачата му била доверена на Крсто Лазаров - Коњушки.[556] Крсто се преоблекол и влегол во Куманово. За намерата на Организацијата бил известен и српскиот конзул во Скопје, Михајло Ристиќ. Тој сакал да го премести Ташко, но овој одбил мислејќи дека тоа се само закани.[557] На 1/14 јануари 1905 година, Ташко на куќниот праг пронашол куршум.[558] Османските власти во Куманово пред куќата на Ташко поставиле оддление од 10 до 15 војници за да го чуваат.[559] Секогаш кога излегувал од дома, Ташко бил придружуван од 5 до 6 војници. Во меѓувреме во Куманово пристигнал уште еден

---

549 Х. Силянов, Освободителнитъ борби на Македония, том втори..., 309.
550 Спомени, Крсто Лазаров..., 105.
551 Х. Силханов, Освободителните борби на Македония, том втори...309.
552 Исто; Спомени Крсто Лазаров..., 105.
553 М. Ж. Трајковиќ, Деловање ВМРО у Кумановској кази..., 86; Д. Масевски, Убиството на Прота Ташко Петровиќ 1905 г, Корени-истражување..., 5897.
554 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 48; Д. Масевски, Убиството на Прота Ташко Петровиќ 1905 г, Корени-истражување..., 5897.
555 Д. Масевски, Убиството на Прота Ташко Петровиќ 1905 г, Корени-истражување..., 5897.
556 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 48.
557 Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 1, свеска3/1..., 478; Исто књига 2 додатак 1..., 250.
558 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 48; М. Ж. Трајковиќ, Деловање ВМРО у Кумановској кази..., 86.
559 Спомени Крсто Лазаров..., 105; Х. Силянов, Освободителнитъ борби на Македония, том втори..., 310.

четник на ТМОРО за да му помогне на Крсто во ликвидацијата.[560] Ликвидацијата на прота Ташко требала да се изврши на Нова година. За таа цел четниците се сместиле во една куќа, во близина на црквата Св. Троица. Протата бил придружуван од ѓаконот Стојан Сеиќ, Србин од село Сеница (Новопазарско).[561] Прота Ташко бил погоден во грбот, но успеал да избега, а ѓаконот Сеиќ извадил револвер и почнал да пука. Комитите пукале во него, при што го раниле, но и тој успеал да побегне.[562] По пукањето комитите се сокриле во градот. Аскерот го опколил Куманово, но не успеал да ги пронајде учесниците во инцидентот.

Откако дознал за ранувањето на прота Ташко, српскиот генерален конзул во Скопје Михајло Ристиќ ги испратил во Куманово лекарите Шушљаковиќ и Креј. Тие им укажале лекарска помош на прота и ѓаконот, но биле на мислење дека тие нема да преживеат. Прота Ташко починал 2 дена по атентатот, а Ѓаконот останал жив.[563] Пред да почине, прота кажал дека сака во знак на одмазда да бидат убиени егзархискиот прота и претседателот на комитетот на ТМОРО во Куманово, Атанас Левков.[564]

Според началникот на Врањскиот округ, Драгиќ Павловиќ, во врска со убиството на Прота Ташко биле уапсени 20 лица.[565] Од уапсените 4 биле задржани, а останатите биле ослободени.[566] Главен осомничен бил Трајче Митев, писар на егзархискиот архијерејски намесник. Тој бил фатен од еден оџа при обидот да прескокне еден ѕид. Во револверот на Трајче биле пронајдени 2

[560] Спомени Крсто Лазаров..., 105; Х. Силханов, Освободителните борби на Македония, том втори..., 310; Димитар Масевски, Убиството на Прота Ташко..., 5895.
[561] Спомени Крсто Лазаров..., 105; Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, том втори...310; Документи о спољној политици...250.
[562] Спомени Крсто Лазаров..., 105; Димитар Масевски, Убиството на Прота Ташко..., 5895; Документи о спољној политици..., 250; М. Ж. Трајковиќ, Деловање ВМРО у Кумановској кази..., 86.
[563] Спомени Крсто Лазаров..., 105.
[564] М. Ж. Трајковиќ, Деловање ВМРО у Кумановској кази..., 87.
[565] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2 Додатак 1..., 247; В. Илиќ, Српска четничка акција..., 48; М. Ж. Трајковиќ, Деловање ВМРО у Кумановској кази..., 87; А. Динев, Илинденска епопеја книга втора..., 97. Според Владимир Илиќ и Милан Трајковиќ во врска со убиството на протата османските власти уапсиле 11 лица, додека според Ангел Динев, во врска со убиството османските власти затвориле околу 200 души од Куманово и селата. Сепак извештајот на Павловиќ може да се смета за релевантен извор, бидејќи станува збор за официјален извештај на српските државни органи, што не значи дека податоците што ги дава тој се точни, бидејќи не знаеме на што ги темели информациите. Сепак во недостаток на други официјални извори, ни останува да се повикуваме на него.
[566] М. Ж. Трајковиќ, Деловање ВМРО у Кумановској кази..., 87.

испалени чаури. Иако учествувал во убиството, Трјаче наредниот ден бил ослободен како невин.[567] Истрагата за убиството ја водел реформскиот офицер Милан Туриќ.[568] На судењето во Скопје, обвинетите за убиството, Левков и Митев биле осудени на 5 години затвор.[569] Казна ја издржувале во затворот Куршумли ан во Скопје.

Четириесет дена по убиството на прота Ташко, бил убиен егзархискиот свештеник прота Александар. Тој бил убиен од страна на српскиот учител во Куманово Јован Цаниќ, во период кога бил држен парастосот на прота Ташко.[570] Тој бил пречекан пред црквата од двајца луѓе облечени во арнаутска облека, кои пукале во него.[571] Во врска со убиството османските власти ги уапсиле учителот Јован Цакиќ, школскиот слуга Јован Баевиќ, управителот на училиштето Лазар Божовиќ и двајца Арнаути. Кај едниот од Аранутите бил пронајден револвер, а кај другиот ништо. Уапсените на првото сослушување кажале дека го убиле прота поради тоа што им биле ветени 30 турски лири, додека на второто негирале се.[572] Убиството на егзархискиот прота Александар предизвикало голем револт кај егзархиското население. Во Куманово започнал бојкот на егзархиските трговци. На многу егзархиски села од Прешевската каза им било забрането да купуваат кај егзархиските трговци.[573]

Под притисок на српската вооружена пропаганда, голем број на села во североисточна Македонија преминале од Егзархијата под Патријаршијата. На 2 јануари 1905 година, селото Гуглин (Кривопаланечко) поднело молба до османските власти дека сака да се откаже од Егзархијата. На 3 јануари истата година и селото Станче (Кривопаланечко) поднело молба да помине под Патријаршијата.[574]

---

[567] Исто.
[568] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 48.
[569] М. Ж. Трајковиќ, Деловање ВМРО у Кумановској кази..., 87.
[570] Исто.
[571] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, книга 1, свеска3/1, 1/14 јануар-3/1 март/13 април 1905 године, Београд, 2014, 472.
[572] Исто, 473.
[573] Исто.
[574] Документи о спољној политици..., 471.

Во меѓувреме започнала иницијатива за помирување помеѓу српските чети и четите на ТМОРО. Во извештајот од Бугарското трговско агентство-Скопје до премиерот Рачо Петров од 5 јануари 1905 година, се наведува дека извесен војвода Јордан Георгиев, од селото Граница (Ќустендилско), во своето писмо до српскиот конзул во Скопје Михајло Ристиќ, предлагал помирување меѓу четите. Слична работа предлагал и српскиот свештеник Стефан, од село Глухово.[575]

Во јануари 1905 година, во селото Кнежево (Кратовско), се одржал окружниот конгрес на Скопскиот револуционерен округ. На конгресот, меѓу другото било одлучено дека „ТМОРО ќе ги преследува сите Срби и србомани, кои што дејствуваат против неа, како и против сите внатрешни и надворешни организации како и одделни личности кои не се потчинуваат на нејзините статути и решенија". [576] Во духот на решенијата на конгресот, четите на ТМОРО продолжиле со борбата против српската пропаганда во селата, и обиди истите да ја отфрлат Патријаршијата и да се вратат кон Егзархијата. Во декември 1904 година, ТМОРО им издала упатство на селаните како да се борат против српските чети.[577] Во текот на јануари 1905 година, чета на ТМОРО извршиле напад врз селата: Облавце, Табановце и Пелинце (Кумановско), Станче и Гуглин (Кривопаланечко), и Злетово (Кратовско). [578] Притоа биле убиени повеќе приврзаници на српската пропаганда од овие села. На вратата на србоманскиот свештеник Аритон Џавиќ од Злетово била најдена порака која гласела „Шпиону, работи и постапувај правилно, затоа што ќе отидеш при поп Ташко". [579] Се претпоставува дека пораката ја испратил комитетот на ТМОРО.

И во текот на февруари 1905 година, продолжиле нападите врз србоманските села. Во овој период од страна на чети на ТМОРО биле нападнати селата Кшање (Кумановско) и Туралево, Живалево и Железнец (Кратовско),[580] при што биле убиени приврзаници на српската пропаганда во овие села. Според

[575] Г. Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганда в Македония..., 347.
[576] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 170; В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 400-401.
[577] М. Ж. Трајковиќ, Деловање ВМРО у Кумановској кази..., 88.
[578] Документи о спољној политици..., 476.
[579] Исто, 477.
[580] ДАРМ, фонд: МНР на Кралството Србија, кутија 5, АЕ 200/416-539.

извештајот на конзуларното одделение на МНР до Српскиот генерален конзулат-Скопје од 21 февруари/6 март 1905 година, извесен Г. Б. Денковиќ пристигнал во М'ство и кажал дека нема да се врати во Куманово бидејќи „бугарашите го осудиле на смрт и ќе го убијат доколку се врати“.[581] Очигледно е дека истиот бил осуден на смрт од страна на ТМОРО, која од приврзаниците на српската пропаганда, како и од страна на Србија била сметана за „бугарска организација“.

Борис Сарафов, кој што претходно земал пари од српската влада за да дозволи навлегување на српски чети во Македонија, започнал да зема пари и од бугарската влада. Притоа успеал да врбува незадоволни војводи на ТМОРО, кои во тој момент се наоѓале во Бугарија и да га испраќа како свои четници во Македонија. Така дошло до поделба во редовите на ТМОРО на централисти и сарафисти. Во почетокот на 1905 година, Борис Сарафов во Кумановско префрлил една поголема чета составена од 50 четници, на чело со Панајот Бајчев и извесен Шуманов.[582] Четниците пристигнале во Кумановско со цел да ја одвојат кумановската околија од рацете на ТМОРО.[583] На истите им било наредено да постигнат договор со српските чети, а откако ќе се постигне тоа, четата да се подели на две чети, при што секоја би зела еден реон.[584] Четата со себе имала два комплета бугарски генерал-штабни карти на: Кумановската, Скопската, Велешката, Прешевската, Кратовската, Кочанската и Кривопаланечката околина, кои припаѓале на бугарското Министерство за одбрана.[585] Ова укажува на тоа дека Бугарија му давала логистичка поддршка на Сарафов во инфилтрирање на своите чети во Македонија, со што требало да се продлабочи расколот во ТМОРО. Од друга страна расколот во редовите на ТМОРО само го овозможувал пробивот на српската вооружена пропаганда. Панајот Бајчев, откако претходно зел 150 турски лири од касата на комитетот на ТМОРО во Куманово, кои наводно биле наменети

[581] Документи о спољној политици..., 271.
[582] М. Пандевски, Македонското ослободително дело, том трети...,154; Х. Силханов, Освободителните борби на Македония, том втори..., 311; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда.., 170-171; Документи о спољној политици..., 971; А. Динев, Илинденска епопеја книга втора...97. Според Ангел Динев четниците на Бајчев и Шуманов броеле 52 души.
[583] М. Пандевски, Македонското ослободително дело том трети....154; Х. Силханов, Освободителните борби на Македония, том втори..., 311.
[584] Документи о спољној политици..., 971.
[585] Исто, 972.

за купување на оружје, се вратил во Бугарија, се одметнал од ТМОРО, и му се придружил на Сарафов.[586] Во меѓувреме во Кумановско била формирана нова чета на ТМОРО, предводена од Коста Нунков.[587] Четата на Нунков имала цел да се бори против србоманските чети, но и против сарафистите. Крсто Лазаров, кој што дошол да преговара со Бајчев и Шуманов, бил разоруеан како „централист“.[588] Поделбата во редовите на ТМОРО на централисти и сарафисти, само го олеснило продорот на српската вооружена пропаганда.

На 10 февруари 1905 година, чета на ТМОРО предводена од Коста Нунков го убила Петар Јовановиќ-Петруш, србомански свештеник од селото Кшање.[589] Петруш бил осуден на смрт од страна на Организацијата, доколку не се откаже од србството. По убиството на Петруш, четата на Нунков се повлекла кон Пезово. Во близина на кумановското село Кутли бег, четата била опколена од аскерот[590] Во меѓувреме пристигнал аскер од селата Градиште, Довезенце и Клечовце.[591] Четниците отвориле оган, при што убиле двајца војници, а потоа побегнале. Меѓутоа повторно биле опколени кај селото Пезовски плач, и кај село Пезово (Кумановско).[592] Започнала борба во која загинал војводата Нунков со своите четници. Во битката загинале 13-14 четници, а само еден успеал да се спаси. Во овој период во селото Павлешенце се наоѓала четата на војводата Бајчев, која не им пружила никаква помош на четниците на Нунков.[593] Како одмазда за смртта на Коста Нунков, чета на ТМОРО ги убила жената и ќерката на Петруш, а неговиот син не смеел да се врати во селото.[594] По загинувањето на Нунков, Бајчев и Шуманов заминале за Бугарија.

---

586 Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, том втори..., 311.
587 Исто.
588 Исто; А. Динев, Илинденска епопеја, книга втора..., 101.
589 ДАРМ, фонд: МНР на Кралството Србија, кутија 5, АЕ 200/416-539; Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, книга 1, свеска3/1..., 477. Документи о спољној политици краљевине Србије, Книга 1, свеска 4/1..., 318.
590 Спомени, Крсто Лазаров..., 108; А. Динев, Илинденска епопеја книга втора..., 101.
591 Х. Силханов, Освободителните борби на Македония, том втори..., 311.
592 Спомени, Крсто Лазаров..., 108; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда.., 171.
593 А. Динев, Илинденска епопеја, книга втора..., 101, Х. Силханов, Освободителните борби на Македония, том втори..., 312.
594 Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, книга 1, свеска3/1...477, Исто, Књига 1, свеска 4/1..., 318.

По загинувањето на Коста Нунков, српските чети продолжиле да навлегуваат во североисточна Македонија. Српските чети успеале да го завладеат манастирот Св. Прохор Пчински, а потоа и селата: Малотино, Арбанашко, Длабочица, Рамно, [595] Враготурце, Карловце, Коин-це, Жегљане, Степанце, Кокино, Дејловце, Осиче, Бајловце, Жељувино, Аљинце, Брешко, Дренак, Вражогринци, Свиланци, Орах и Кучкарево, во Кумановската каза. Во Кривопаланечката каза биле завладеани следните села: Станче, Гулинци, Отошница, Радибуш, Ранковце, Милутинци, Глобочица, Петралица, Гиновце и уште некои.[596] Дел од егзархистите од кумановските села пребегнале во Куманово, а тие што не успеале да побегнат биле грабнати и однесени во Врање. Така во селото Арбанашко бил грабнат учителот Караманов, во Кокино бил грабнат Цветко Заков, во Бељаковце бил убиен Теодосиј Шолаков, во Младо Нагоричане Славејко Граматиков, во Челопек учителот Величко,[597] во Бајловце учителот Зајков, како и учители од селата Рамно, Живиње и др.[598] Во писмото од бугарското Министерство за надворешни работи од 30 март 1905 година, се известува за киднапирањето на егзархискиот учител Н. Христов, од страна на една српска чета, и неговото носење во Врање.[599] Бугарското трговско агентство-Скопје, во својот извештај до премиерот Рачо Петров, пишува дека „четите на српската пропаганда продолжиле да ги тероризираат бугарските села во Кумановско“. Понатаму се наведува дека бројот на српските чети се зголемува. Во Куманово имало 3 српски чети командувани од српски офицери. Најмногубројната чета се наоѓала во селото Довезенце.[600]

Сепак наметнувањето на српската свест и принудувањето на егзархиското население да се откаже од Егзархијата и да ја прифати Патријаршијата не одело така лесно како што сакале приврзаниците на српската пропаганда. Така во извештајот на поручникот Илија Јовановиќ и Часлав Пчински-Дренак до Изврш-

[595] Документи о спољној политици краљевине Србије, књига 1, свеска 4/2..., 750.
[596] Исто, 750-751.
[597] Спомени, Крсто Лазаров..., 108.
[598] Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, том втори..., 312.
[599] ДАРМ, фонд: Бугарско трговско агентство Скопје (1901-1910), кутија 1, АЕ 1/1.
[600] Г. Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганди в Македония..., 349.

ниот одбор во Врање се наведува дека „скоро ниту едно село не може со убаво да се убеди на отстапување од Егзархијата и да признаат дека се Срби“.[601]

Четата на Бајчев не давала никаков отпор кон српските чети, и заради тоа ја навлекла омразата кај населението.[602] Поради тоа четата била принудена да се врати во Бугарија. Кумановската околија 2 месеци останала без чета на ТМОРО, што и оставило простор на српската пропаганда да го засили своето дејствување.[603] Во едно писмо од секретарот на штипската чета до војводата Стефан Димитров пишува дека Кумановско било сосема празно, „сите Сарафовци, Бајчевци и Шумановци го напуштиле, и целосно го оставиле на располагање на српските чети“.[604]

Пролетта 1905 година, за војвода на ТМОРО во Кумановско бил назначен Михаил Чаков.[605] Четата на Чаков броела 10 луѓе, и обиколила 30 села.[606] Чаков бил поставен со цел да стави ред во кумановскиот реон.[607] По еден месец, Чаков се разболел и заминал за Бугарија. Нов кумановски војвода станал Крсто Лазаров-Коњушки.[608] Под влијание на Коњушки под Егзархијата се вратиле следните села: Орах, Канарево, Цвиланце, Степанце, Жегљане, Коинце и делови од Старо Нагоричане и Четирце. Исто така бил ослободен патот Крива Паланка-Куманово.[609] Во писмото од австрискиот конзул во Скопје, Бохумил Пара, од 21 февруари 1905 година, се наведува дека Скопскиот валија известувал за судир помеѓу една српска чета и чета на ТМОРО, кај селото Бајловце (Кумановско). Во овој крај се слушнал истрел, но кога пристигнал еден одред аскер, не наишол на никаква чета, туку на 400-500 испукани патрони, од најразлични системи. Шакир паша сметал дека можеби станува збор за забава на комитска чета, бидејќи не биле пронајдени никакви траги од борба и од испуканите патрони немало барем

---

601 Документи о спољној политици Краљевине Србије књига 2 додатак 1..., 284.
602 Спомени, Крсто Лазаров..., 108.
603 М. Пандевски, Македонското ослободително дело том трети..., 154; Х. Силханов, Освободителните борби на Македония, том втори..., 312. Според Манол Пандевски и Христо Силјанов реонот бил 3 месеци без чета на ТМОРО.
604 М. Пандевски, Македонското ослободително дело том трети..., 161.
605 Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, том втори..., 312.
606 Спомени, Крсто Лазаров..., 109.
607 А. Динев, Илинденска епопеја, книга втора..., 102.
608 Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, том втори..., 312.
609 Спомени, Крсто Лазаров..., 109.

на 2 различни места, туку биле распоредени само на 1 место.[610] Во едно друго негово писмо до грофот Голуховски, од 24 март 1905 година, се наведува дека „состојбата во кумановската околија била се позастрашувачка, поради дејноста на српските чети и четите на ТМОРО“. Исто така се наведува дека српските четници под заштита на српскиот конзул во Скопје, со месеци ги тероризирале егзархиските села и ги принудувале да се србизираат. Па така според Пара „во последните недели биле принудени 20 населби комплетно, а 5 делумно да поминат на српска страна. Осмаснките власти мирно ја набљудувале оваа дејност.[611] Очигледно дека османските власти водејќи се од принципот „раздели па владеј“, намерно го толерирале навлегувањето на српските чети во Македонија, нивниот терор врз егзархиското население, и вооружените судири помеѓу истите и четите на ТМОРО. Австрискиот конзулат во едно писмо од 26 март 1905 година, известува дека дошло до смирување на дејствувањето на четите, за што како причина се наведува дека српските чети ја чекале разврската на разните обиди за помирување меѓу централистите и врховистите од една, и Србите и Бугарите од друга страна.[612] Во извештајот на поручникот Илија Јовановиќ до Извршниот одбор во Врање од 10/23 март 1905 година, пишува дека не дошло до договор меѓу српските чети и ТМОРО, бидејќи војводата Мише Развигоров одбивал да го отстапи реонот кај Крива Река.[613]

На 26 март 1905 година, една српска чета по трет пат го нападнала селото Дренак (Кумановско). Селото не било во состојба да даде отпор и целото преминало на страна на Патријаршијата.[614] Српската вооружена пропаганда преку насилство и терор ги принудувала селаните од егзархиските села да ја прифатат Патријаршијата и да се пишат како „Срби“. Тоа може да се види и од едно писмо од српскиот војвода Павле до селаните од село Мургаш (Кумановско) во кое пишува „познато е дека пред некое време сте биле Срби и дека пред некое време сте преминале на страна на Егзархијата. Денес е дојдено времето да се покаете и да се вратите на старо, затоа ви препорачувам тоа да го сторите со добро, како што го

[610] Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 28.
[611] Исто, 35.
[612] Исто, 37.
[613] Документи о спољној политици Краљевине Србије књига 2, додатак 1..., 310-311.
[614] Г. Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганда в Македония..., 349.

сторија сите од оваа страна на реката. Доколку не сторите како што ви препорачувам, ќе го сторам тоа што го сторив во Канарево и Нагоричане".[615] Јасно е дека под притисок на вооружените пропаганди македонското население било принудено да ја менува својата „народност", и дека нивното изјавување како „Срби" или „Бугари" не било резултат на нивната национална свест, туку изјаснување под принуда.

На 7 наспроти 8 април 1905 година, една српска чета повторно го нападнала селото Облавце. Притоа била запалена куќата на Ангел Станков. Меѓу четниците биле забележани поп Зафир од србоманското село Макреш, игуменот Спасе и поп Симеон од србоманското село Стрезовце. Аскерот кој што во тој момент се наоѓал во селата Ругинце и Карпино дури наредниот ден испратил одделение за прогонување на четата. Четата била откриена кај селото Канарево. Притоа бил убиен еден четник и воденичарот Спиро Спасев од истото село, а четата се дала во бегство.[616] Во меѓувреме српската вооружена пропаганда успеала да завладее дел од селата покрај Крива Река. Во извештајот на поручникот Илија Пчински до ИО во Врање од 2/15 април 1905 година, се наведува „ ви јавувам дека Дренак е наш и дека по крштението го доби името „Отпор", сега ви јавувам дека и Орах е наш и дека по крштението доби ново име „Суша" -заслуга на Крива Река. Врагогрнце наскоро ќе биде наше се до Крива Река".[617]

На 3/16 април 1905 година Аксентиј Бацетовиќ-Рујанец ја преминал османско-српската граница.[618] На 16 април 1905 година, една српска чета од 45 луѓе влегла во селото Јачинце (Кумановско). Четата била предводена од Павле Јачински и извесен Јован учител од велешко и поручник Рајковиќ од Белград.[619] Триесет и двајца четници предводени од војводата Јован и офицерот Рајковиќ го напуштиле селото. На 20 Април 1905 година, четата предводена од Павле

---

[615] Исто, 350.
[616] Исто, 351.
[617] Документи о спољној политици Краљевине Србије књига 2 додатак 1..., 362.
[618] Исто, 369.
[619] Г. Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганда в Македония..., 351.

Јачински го нападнала селото Младо Нагоричане. Притоа заробила еден учител и еден селанец и ги извела надвор од селото и ги убила.[620]

Во овој период, благодарение на дејствувањето на српските чети, голем број на села од Кумановската каза преминале од Егзархијата кон Патријаршијата. Во извештајот на австрискиот конзул во Скопје, Пара, до грофот Голуховски од 20 мај 1905 година, пишува дека српската пропаганда со помош на проширениот тероризам од страна на српските чети успеала некои егзархиски села од Кумановската каза да ги присили да преминат на страната на Патријаршијата.[621]

Исто така и ТМОРО продолжила со борбата против српската пропаганда и обидите дел од патријаршиските села да ги врати под Егзархијата. Во текот на мај 1905 година, четите на ТМОРО извршиле напади на селата Длабочица (Кривопаланечко) и Кучкарево (Кумановско).[622] Притоа биле убиени приврзаници на српската пропаганда од овие села. На 28 мај 1905 година, чета на ТМОРО влегла во Крива Паланка и го убила полицаецот Живко Милошевиќ.[623] Најверојатно станува збор за србоман кој се вклучил во османската жандармерија. Треба да се има во предвид дека Србија го поддржувала спроведувањето на Мирцштегските реформи, па оттаму се претпоставува дека србоманското население ги прифатило реформите и се приклучувало кон жандармиријата.

До мај 1905 година, во целата Кумановска каза српската пропаганда придобила на своја страна 1033, а бугарската 248 куќи.[624] И во наредниот период ТМОРО продолжила со убиствата на истакнати србомани од Кумановско. Така на 6 јуни 1905 година, чета на ТМОРО го убила Крсто Димковиќ, од село Живиње (Кумановско).[625]

---

620 Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 1, свеска3/1..., 473.
621 Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 62.
622 ДАРМ Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 5, АЕ 200/416-539.
623 Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 1, свеска4/1..., 318.
624 Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 63.
625ДАРМ Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 5, АЕ 200/416-539.

# Глава V

# Српската вооружена пропаганда во североисточна Македонија (1905-1907)

## 1. Српската политика кон Македонија 1905-1907

Кон крајот на 1904 година, српската влада решила директно да се вмеша во активностите на СЧО. За таа цел, кон крајот на октомври 1904 година се одржал состанок свикан од страна на министерот за надворешни работи Никола Пашиќ. На состанокот присуствувале српските конзули од Македонија и српскиот претставник во Софија, Света Симиќ. Притоа на состанокот било оценето дека ЦО под претседателство на генералот Јован Атанацковиќ, станал претерано транспарентен во јавноста и поради тоа бил искомпромитиран. Самиот генерал Атанацковиќ бил окарактеризиран како „крајно своеглав човек". Исто така, основна стратегија на српската политика била „да се слушнел гласот на српскиот народ во Македонија". Но тоа било невозможно да се изведе преку ЦО во Белград, на чие чело стоел Атанацковиќ. Поради тоа, било одлучено да се распушти ЦО и раководството на српската вооружена пропаганда да премине во рацете на Министерството за надворешни работи.[626]

Во март 1905 година, српската влада одлучила да го преземе фондот од кој се финансирала Српската четничка организација, и на тој начин да ги прекине нејзините активности. Таа ги ставила под контрола сите српски организации кои делувале на територијата на Србија. Надзорот над овие организации бил доделен на Јован Јовановиќ, шеф на конзуларното одделение на српското Министерство за надворешни работи.[627] Со ова српската влада ја преземала одговорноста за идните акции на овие организации, за да не ја предизвика Австро-Унгарија да навлезе во Македонија поради неодговорните потези на луѓето од СЧО. Поради тоа, српскиот премиер и член на Главниот одбор на српскиот комитет Љубомир Стојановиќ,

[626] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 78; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 115.
[627] Д. Вукашин, Рад Србије..., 682.

веднаш по формирањето на новата влада на 16/29 мај 1905 година, одлучил Министерството за надворешни работи да ја преземе контролата над СЧО. Бил формиран Врховен комитет кој го сочинувале министерот и секретарот на министерството за надворешни работи, шефот на конзуларното одделение Јован Јовановиќ, српскиот генерален конзул во Скопје Михајло Ристиќ и шефот на Горскиот штаб на Источното Повардарие, Илија Јовановиќ.[628]

Според извештајот за периодот од 8 мај 1905 до 13 август 1906 година, Работниот и Извршниот одбор на СЧО од Министерството за надворешни работи, примиле сума од 99 500 динари во злато.[629] Подоцна оваа сума била зголемена за 498 динари и 60 пари, од кои 391 динар и 30 пари биле добиени во вид на прилози, а 107 динари и 30 пари биле земени во вид на данок во висина од 5 % од кафециите во Врање, кај кои најчесто престојувале четите пред да бидат уфрлени во Македонија. Министерството за надворешни работи на 28 февруари 1905 година испратило сума од 18 200 динари, од фондот „за вонредни потреби". Од нив Главниот одбор во Скопје добил 10 000, а Битолскиот 8200 динари.[630]

Во меѓувреме продолжила политиката на зближување со Бугарија. Во извештајот од српскиот дипломатски претставник во Софија, Света Симиќ, премиерот и министер за надворешни работи Никола Пашиќ, се наведува дека Бугарија ја поддржувала идејата за автономија на Македонија како алка за зближување меѓу Србија и Бугарија и формирање српско-бугарски сојуз. Од друга страна, Србија сметала дека со автономија на Македонија би дошло до нејзино присоединување со Бугарија.[631] На средбата на српскиот премиер Никола Пашиќ, со бугарскиот претставник во Србија, Хесапчиев, на 19 февруари/4 март 1905 последниов му кажал на Пашиќ дека се плаши од Австро-Унгарија која би можела со интриги да го осуети српско-бугарскиот договор.[632] Во врска со договорот, Српското дипломатско застапништво во Софија во извештајот до премиерот Никола Пашиќ, од 23 февруари/8 март 1905 година, известува дека бугарската

628 Исто, 683.
629 Д. Велков, финансирањето и вооружувањето на оперативните..., 8.
630 Исто.
631 ДАРМ фонд: МНР на Кралството Србија...кутија 6, АЕ 205/587-614.
632 Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, книга 1 свеска 3/1..., 362.

влада изразила согласност да го продолжи српско-бугарскиот договор за уште 6 месеци.[633]

Србија продолжила со поддршката на реформите во Македонија. Српскиот дипломатски претставник во Цариград во извештајот до српското МНР, известува дека Великиот везир му пишал дека не може да даде конкретен одговор во врска со реформите, бидејќи не знаеле кави мерки и реформи ќе спроведе Портата.[634] Во врска со ова, Српското Кралско пратеништво во Цариград во својот извештај до премиерот Никола Пашиќ, од 10/23 март 1905 година, пишува дека османската влада се труди со сите сили да го отежне спроведувањето на реформите.[635]

Србија ги зајакнала своите односи со Црна Гора. Со договорот меѓу двете земји од 1905 година било договорено дека ќе се залагаат за зачувување на status quo на балканот и спроведување на Мирцштегските реформи. Понатмау двете земји се обврзале дека ќе работат со сите сили и средства, на тоа „Стара Србија," во чии граници требало да влезе Косовскиот вилает да добие српски карактер, и да не може да биде споена во една автономна област со Македонија.[636]

Освен тоа, Србија барала од Портата, да биде признаена српската народност во Османлиската Империја. Во извештајот на Српското пратеништво во Цариград, до премиерот Никола Пашиќ, од 24 април/8 мај 1905 година, се наведува дека на средбата што српскиот пратеник ја имал со Великиот везир, побарал од него за време на пописот во Косовскиот вилает, „Србите" да не бидат запишувани како православни Бошњаци или Арнаути, туку како „Срби".[637] Великиот везир ветил дека ќе го стори тоа.

Додека Србија се обидувала да го оправда навлегувањето на српските чети во Македонија, на тоа се спротивставиле големите сили. На средбата што српскиот претставник во Виена ја имал со Голуховски, од страна на истиот му било пренесено дека Кралската Влада треба да застане на патот на навлегувањето на

---

633 Исто, 380.
634 ДАРМ, Фонд: Кралско српско пратеништво во Лондон, кутија 2, АЕ 3/3-4.
635 Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, книга 1 свеска 3/1..., 446.
636 Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, книга 1, свеска 3/2, 1/14 април-30 јуни/13 јули 1905 године, Београд, 2014, 622.
637 Исто, 683.

четите во Македонија. Српскиот претставник одговорил дека Србија прави се да го спречи навлегувањето на четите, но дека бара од големите сили „на српското население во Стара Србија и Македонија да му се осигура опстанокот“.[638]

За остварување на своите цели, Србија започнала да бара поддршка и од други големи сили покрај Русија, како што била Италија. Српскиот пратеник во Рим на средбата што ја имал со Министерот за надворешни работи на Италија, Титони, му пренел на министерот дека бара од Италија да води сметка за желбите и барањата на Србија кои се засновале на „неоспорните народни и историски права на србството“. Титони истакнал дека Србија може да смета на симпатиите и пријателството на Италија.[639]

И покрај залагањето на Србија за признавање на српската народност, Османлиската Империја одлучила на претстојниот попис да не дозволи изјаснување на населението според народност, туку само според религијата, односно дека нема да има изјаснување како Србин, Бугарин, Грк, туку само како христијанин, муслиман, Евреин и др.[640]

Во меѓувреме, Србија работела на подобрување на односите со Бугарија. Српскиот дипломатски застапник во Софија во неговиот извештај до министерот за надворешни работи, Василиј Антониќ за периодот од 6/19 до 12/25 септември 1905 година, известува за средбата што ја имал со бугарскиот Егзарх Јосиф. На средбата Егзархот истакнал дека српскиот и бугарскиот народ се многу блиски и треба да се држат заедно. Српскиот застапник му кажал дека македонското прашање било камен на сопнување во српско-бугарскиот договор. Тој сметал дека македонското прашање треба да се реши со спогодба меѓу Србија, Бугарија и Црна Гора, притоа исклучувајќи ја автономијата како решение.[641]

Идејата за поделба на Македонија, на сфери на влијанија ја подржувала и Франиција. На средбата на српскиот застапник во Софија, Света Симиќ, со

---

[638] Исто, 706.
[639] Исто, 794.
[640] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 1 свеска4/1, 1/14 јули-30 септембар/13 октомбар 1905 године, 265.
[641] Исто.

францускиот дипломатски агент Ализе, од страна на истиот му било кажано дека српско-бугарскиот договор може да послужи како трајна и праведна основа за поделба на Македонија на сфери на влијанија. Дури и ако Македонија добиела автономија, таа поделба на сфера на влијанија би била потребна како гаранција. „Доколку автономијата не послужи од Македонија да се создаде посебна политичка единица, во тој случај анексијата би била неизбежна, и секоја држава би добила дел, на кој мислела дека има право."[642] Со ова Франција и дала до знаење на Србија, дека доколку би дошло до промена на status quo состојбата на Балканот, таа би поддржала поделба на територијата на Македонија. На ова, Симиќ истакнал дека во Србија немаат ништо против договор за сфери на влијанија, но против таков договор била Бугарија.[643]

Србија продолжила со своите напори пред големите сили да го оправда делувањето на српските чети во Македонија. Така на средбата што ја имал српскиот пратеник во Рим со италијанскиот Министер за надворешни работи Титони, на 5/18 декември 1905 година, истиот му кажал на Титони дека србоманите во Македонија во однос на егзархистите се наоѓале во положба на законска одбрана, а како доказ за тоа го наведувал фактот дека најпрвин се појавиле „бугарските" а потоа српските чети. Под „бугарски" чети пратеникот ги подразбирал четите на ТМОРО, која Србија ги сметала за бугарски. На ова Титони му одговорил дека ја признава основаноста на српските интереси во Македонија, како и нивните залагања „српските интереси да не бидат запоставени".[644]

И во текот на 1906 година, српската влада продолжила со финансирањето на СЧО. Во средината на 1906 година, на Главниот одбор во Скопје му биле исплатени 20 000 динари, на име „заштита на србството од бугарштината".[645] Во втората половина од годината Народното собрание на Кралството Србија одобрило кредит од 300 000 динари за потребите на СЧО.[646]

---

[642] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 1 свеска4/2, 1/14 октомбар-21 децембар 1905/13 јануар 1906 године, Београд, 2014, 405.
[643] Исто, 406.
[644] Исто, 414.
[645] Д. Велков, финансирањето и вооружувањето на оперативните..., 9.
[646] Исто.

На 5 март 1906 година, бил одржан состанок на кој присуствувале Министерот за надворешни работи, В. Антониќ, дипломатскиот агент во Софија, Света Симиќ, генералниот конзул во Скопје, Михајло Ристиќ, пратениците Љубомир Давидовиќ и В. Кариќ, и шефот на Конзуларното одделение, Јован М. Јовановиќ. Притоа било одлучено оружјето од Прешево да се испрати во Кумановската каза, да се испраќаат мали чети до 10 луѓе и главната работа да се насочи кон Крива Паланка, Кратово, Кочани и Малеш.[647]

Односите помеѓу Србија и Бугарија не биле на посакуваното ниво. Српскиот дипломатски претставник во Лондон во извештајот до министерот за надворешни работи од 18 февруари 1907 година известува дека во разговорите што ги водел со Лордот Фриц му го образложил непријателскиот однос на Бугарија кон Србија, и дека Бугарија не се придржувала кон српско-бугарскиот договор.[648]

## 2.Промени во организационата структура на СЧО и нејзино преименување во Тајно здружение „Српска Одбрана“

Неуспехот на српските чети да продрат во Поречје, како и поразот во битките кај Челопек, Табановце, Петралица и Бељаковце, го довело до опасност по делувањето на СЧО во Источното Повардарие.[649] Поради тоа, по иницијатива на претседателот на Врховниот одбор, бил одржан состанок во Белград. На состанокот присуствувале: претседателот на Врховниот одбор, неговиот помошник, шефот на конзуларното одделение, генералниот конзул на Србија во Скопје и шефот на Горскиот штаб на Источното Повардарие. Министерот за надворешни работи бил избран за претседател на Врховниот одбор, а секретарот на министерството за надворешни работи бил избран за негов помошник.[650] По дводневно договарање Врховниот одбор на 21 јуни /04 јули 1905 година донел одлука за „одредување на први луѓе кои ќе работат за ослободување на

[647] Документи о спољној политици Краљевине Србије, књига 1, свеска 4/2..., 167-168.
[648] ДАРМ, Фонд: Кралско српско пратеништво во Лондон, кутија 2 АЕ 47/54-56.
[649] В. Илиќ, српска четничка акција..., 64; Д. Вукашин, Рад Србије..., 683.
[650] В. Илиќ, српска четничка акција..., 64.

потчинетите браќа во Македонија и Стара Србија“.[651] Било донесено решение, според кое организирањето и испраќањето на чети било изземено од сите дотогашни одбори и пододбори и преминало во рацете на новосоздадениот Централен одбор со седиште во Белград. Старите одбори и пододбори и понатаму продолжиле да постојат, но само како помошни органи, кои имале надлежност за собирање на пари и материјали. Во системот на СЧО останал да функционира само Врањскиот одбор.[652] Била предвидена нова структура на СЧО, која била поделена на внатрешна и надворешна. Внатрешната организација била врзана за Србија, а надворешната за Македонија и „Стара Србија“.[653] Во Србија се формирале три одбора: Главен одбор во Белград, Работен одбор во Врање и Извршен одбор во Врање.[654] Од 16 октомври 1905 година, Главниот одбор бил преименуван во Централен одбор.[655] Врховниот одбор бил највисок орган на СЧО, и истовремено работен орган на Министерството за надворешни работи, задолжен за стратегија српската вооружена пропаганда во Македонија. Неговото седиште било во зградата на МНР, и сите акти донесени од страна на ВО, стапувале во сила откако ќе бидат потпишани од страна на секретарот на МНР.[656] Шефот на конзуларното одделение бил претседател на Врховниот одбор, кој бил надреден на Централниот одбор. Највлијтелна фигура во ВО бил Јован Јовановиќ (Пижон), кој што бил началник на конзуларното одделение при МНР.[657]

Во текот на 1905 година во Србија постоел Средишен одбор на СЧО.[658] Во одборот покрај непартиски личности учествувале и претставници на политичките партии во Србија. Претседателот на одборот им поставил барање на лидерите на СЧО, секоја партија да има свој претставник во секој месен одбор. Но лидерите на СЧО го одбиле овој предлог. Главна причина за одбивањето било тоа што работата

[651] Д. Вукашин, Рад Србије..., 683.
[652] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 115.
[653] Д. Вукашин, Рад Србије..., 683, В. Илиќ, Српска четничка акција..., 64; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 78.
[654] Д. Вукашин, Рад Србије..., 683.
[655] Исто.
[656] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 115.
[657] Исто, 116.
[658] Споменица двадесетпетгодишњице ослобођења Јужне Србије..., 294.

во одборите на теренот се засновала на лична доверба и одговорност.[659] Активноста на СО се состоела во: собирање на материјални средства за потребите на Организацијата, згрижување на четниците кои доаѓале на одмор во Србија, лечење и обучување на четниците во ракување со пушки и бомби, формирање на четите и нивно опремување и наоружување при преминување на границата.[660]

Главниот одбор бил составен од 5 члена и ги имал следните задачи: да ги задоволува финансиските потреби, да обезбедува работа на сите српски четници кои од разни причини ќе станат неспособни за војување, да овозможува работа на сите одбори и пододбори, да ги прегрупира на чети и да го преземе нивниот имот, и да формира одбори во внатрешноста кои ќе му ги испраќа Работниот одбор. Главниот одбор контактирал со друштвото „Српски браќа", основано на 23 јануари 1905 година на чело со Голуб Јаниќ, со задача да го помага „ослободителното и националното движење" во Македонија и „Стара Србија".[661]

Работниот одбор во Врање исто така бил составен од 5 члена. За неговиот претседател бил поставен началникот на Врњскиот округ, Драгиќ Павловиќ. Негови задачи биле: со средствата што ги добивал од ЦО да врши набавка на материјал и опрема за четите, да ги снабдува со парични средства и други потреби, луѓето што се подготвувале за четничка акција, а кои биле на работа на српско-османската граница, служејќи као резерва за организирање на нови чети. Исто така, РО имал ингеренции да дава помош на семејствата на загинатите четници или на оние четници кои останале неспособни за работа.[662]

Извршниот одбор во Врање бил составен од 3 члена и ги имал следните задачи: од резервните четници да формира привремени одделенија, да го подучува секој четник, и да води посебна сметка за здравствена состојба на четниците. Молба за прием во четници се поднесувала до Главниот одбор, по

---

659 Исто, 297.
660 Исто, 297 -298.
661 Д.Вукашин, Рад Србије..., 685; В. Илиќ, српска четничка акција..., 65.
662С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 79; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 116.

претходна проверка од Работниот одбор, од каде што се преминувало во надлежност на Извршниот одбор.[663]

Главниот одбор постоел под тоа име до 16 ноември 1905 година, а потоа бил преименуван во Централен одбор.[664] Кон крајот на декември 1905 година, со решение на Врховниот одбор, наместо Работен и Извршен одбор бил формиран Извршен одбор на Српската четничка организација во Врање.[665]

Одборите на своите состаноци требало да водат точни записници, и да обезбедат простории каде што ќе ја држат својата архива, каса и деловодници.[666] Надворешната организација се состоела од Главни одбори во Скопје и Битола, и пододбори во: Куманово, Бујановац, Велес, Дебар, Охрид, Прилеп, Кичево, Поречје, Дримкол и Крушево, а имало и месни одбори.[667] Надлежностите на овие одбори и пододбори биле: началникот на Главниот одбор во Скопје се грижел за издржувањето на сите српски чети во Македонија и „Стара Србија", исто така бил известуван за преминувањето на четите. Должностите на посебните одбори, требало да ги одредат самите одбори. За нивните седници требало да го известат Главниот одбор.[668]

СЧО имала и органи за специјална намена. Тоа биле тајната полиција и известувачката служба. Началник на тајната полиција бил Атанас Средоевеиќ, авантуристичка личност, поранешен четник на ТМОРО. Тој во 1905 година, ја напуштил ТМОРО и преминал во редовите на СЧО. Поради неговите познавања на теренот бил назначен за началник на тајната полиција.[669] Агентите на тајната полиција на СЧО ги следеле патниците кои патувале по железничките линии Белград-Ниш-Врање и Цариброд-Ниш, ги малтретирале за да се декларираат како Срби, а оние патници за кои постоеле сознанија дека се поврзани со ТМОРО биле

[663] Д. Вукашин, Рад Србије..., 686; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 80; М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 116.
[664] В. Илиќ, српска четничка акција..., 66. Според Владимир Илиќ преименувањето на одборот се случило на 5 октомври 1905 година.
[665] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 66.
[666] Исто.
[667] Д. Вукашин, Рад Србије..., 687.
[668] Исто.
[669] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 81.

убивани. Тајната полиција на СЧО дејствувала во тесна соработка со полициските и административните органи на Кралството Србија.[670] СЧО имала добро развиена известувачка служба. Началникот на конзуларното одделение при МНР и член на ВО на СЧО, Јован Јовановиќ (Пижон), имал можност да ја користи целата дипломатска преписка за потребите на српската вооружена пропаганда. Важни информации добивал од српскиот дипломатски претставник во Софија, Света Симиќ.[671]

На 4 јули 1905 година, било сменето името на Организацијата. Таа била преименувана во „Тајно здружение српска одбрана“, и бил донесен нов статут на Организацијата.[672] Новиот статут на Организацијата имал 34 члена. Според член 1 од статутот „Србите од Стара Србија и Македонија од Скопскиот и Дебарскиот Санџак и Кичевската, Прилепската и Охридската каза формираат Тајно здружение српска одбрана“.[673] Според член 2, цел на Здружението требало да биде работа во одбрана на србството во „Стара Србија“ и Македонија. [674] Според член 3, Здружението започнало со помагање на реформите. Според член 5, со Здружението управувале два одбора, еден во „Стара Србија“, и друг во Македонија. Во секоја каза требало да се формира пододбор, а во секое место по еден месен одбор. Во членот 7 се предвидувало дека Здружението се финансирало од доброволни прилози и членарини. Извршни органи на Здружението биле: одбори, пододбори, и месни одбори кои имале своја полиција и курири. Во членовите од 15 до 19 биле наведени должностите на извршните органи, а во членовите 20 и 21 биле наведени должностите на „сите Срби во Стара Србија и Македонија“. Според член 17 Српските чети „не треба да напаѓаат војници, жандарми и турски чиновници“. Според член 18, за „Српска одбрана“ „Бугари“ биле сите оние кои се бореле против власта на султанот во Македонија.[675] Според ова, може да се констатира дека целите на „Српска Одбрана“ биле борба против

[670]С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 81.
[671] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 118.
[672] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 67; Документи о спољној политици Краљевине Србије књига 2 додатак 1..., 275; С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 82.
[673] В. Илиќ, Српска четничка акција...., 68; Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 74.
[674] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 118.
[675] Исто.

македонското револуционерно движење, но не и против османските државни органи.[676] Според член 20, „сите Срби патријаршисти и егзархисти, морале да ја признаваат и помагаат српската организација". Секој што ќе пристапи на Здружението бил должен да положи заклетва.[677] Во членовите од 23 до 32 биле предвидени казни за одредени престапи. Според член 32, секој што ги помагал четите на ТМОРО и други чети најстрого се казнувал.[678] Според членот 33, било предвидено сите одбори и пододбори да имаат свои печати.[679] Според членот 34 „Здружението требало да стапи во договор со сите одбори на „Старо-Србијанци" и Македонци, во Стара Србија и надвор од неа, заради остварувањето на своите цели.

Исто така бил изготвен и Правилник на Здружението. Според член 1 од Правилникот било наведено: „Поради правилно и дискретно водење на „Српска одбрана" во Стара Србија и Македонија се образуваат Врховен и Централен одбор".[680] Според член 2 „Членовите на овој одбор го поставуваат Врховниот одбор и Организацијата српска одбрана надвор од границите на Кралството". Според член 3, иницијативата и целокупните работи „за одбрана на србството" во „Стара Србија" и Македонија му припаѓа на Врховниот одбор. Според член 4 Одборот меѓу себе се конституирал избирајќи претседател, потпретседател и благајник. Секратарот бил по избор на еден од двајцата членови на Организацијата српска одбрана. Според член 5, Организацијата „Српска одбрана" имала свој Задграничен претставник пред „странскиот свет" . Според член 9, Горскиот штаб бил подвижен и негова задача била грижата за одржувањето на врските меѓу одборите на СЧО во Скопје и Битола и спроведувањето на нивните решенија.[681] Според член 10, постоеле Извршен и Работен одбор со седиште во Врање. Според член 11, при формирање на четите, бирање на војводите, и одредувањето на реоните на поедини војводи на седниците на Централниот одбор морале да се повикуваат два

---

676 Исто, 119.
677 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 69; Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 76.
678 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 69.
679 М. Митрова, Кралството Србија и османска Македонија..., 120.
680 Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, книга 1 свеска4/2..., 745.
681 М. Митрова, Кралството Србија и османска Македонија..., 122-123.

члена на Извршниот одбор во Врање, кои подобро ги познавале приликите во Османската Империја. Според член 14 од Правилникот, по преминувањето на границата од страна на четата, над неа престанува власта на Централниот и Извршниот одбор, и таа се потчинува на наредбите на одборот на Организацијата „Српска Одбрана", односно на Горскиот штаб. Според член 15, офицерите и подофицерите можеле да стапат во чета, само доколку полкот или баталјонот на кој му припаѓале дадат гаранции дека тие со своите лични особини ќе можат да одговорат на должностите и да се покоруваат на правилата и наредбите на Организацијата.[682]

Во почетокот на февруари 1906 година, дошло до промени во составот на ЦО. За претседател на ЦО бил избран Љубомир Давидовиќ, а за секретар Сретен Рајковиќ.[683] Кон крајот на 1906 година, владата на Никола Пашиќ извршила промени во ЦО и ИО. Нов претседател на ЦО станал генералот Никола Стефановиќ-Тимочки, а генерален секретар капетан II класа Панта Радослављевиќ-Дунавски.[684] Нови членови на ЦО станале д-р Љубомир Јовановиќ-претседател на Народното Собрание и мајорот Душан Туфекџиќ. Нов претседател на ИО станал мајорот Божидар Тирзиќ.[685] Се до Младотурската револуција, Врховниот одбор останал единствена команда на четниците.

## 3. Промени во организационата структура на СЧО во североисточна Македонија

Во ноември 1905 година српскиот вицеконзул пристигнал во Скопје, со цел да се занимава со работите околу четите.[686] Работата на српските чети на терен преминала во надлежност на Скопскиот одбор. Одборот работел по инструкција на генералниот конзулат. Извештаите за работата одборот ги давал до

[682]Документи о спољној политици..., 747-748; М. Митрова, Кралството Србија и османска Македонија..., 122-123.
[683] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 81.
[684] Д. Вукашин, Рад Србије..., 687.
[685] Исто, 668.
[686] В.Илиќ, Српска четничка акција..., 77.

генералниот конзулат во Скопје.[687] Главни креатори на српската четничка акција, се до Балканските војни биле шефовите на конзуларните одделенија и генералните конзули на Србија во Скопје. Сите останати учесници биле личности со многу помало влијание.

Во почетокот на 1906 година дошло до промена во Горскиот штаб за Источното Повардарие. Во Источното Повардарие, покрај селските чети се наоѓале и четите на Скопјанчето и Спасе Гарда. Исто така дошло до смена во раководството на кумановските училишта. Нов управник на кумановските училишта станал Давид Димитриевиќ, на местото на дотогашниот Лазар Божовиќ, кој станал член на ИО во Врање.[688] Во Источното Повардарие, во реонот Тромеѓа, пристигнала четата на Крсто Ковачевиќ-Трговички. Неколку дена по доаѓањето на неговата чета, на теренот пристигнале претставниците на Горскиот штаб, Цервинец и Јован Стојковиќ-Довезенски. Притоа пристигнале и четниците предвидени за Кумановската и Кратовската каза. Во Источното Повардарие, особено во Кумановската каза ситуацијата се сменила по пристигнувањето на четите на Коста Пеќанец и Томе Крстиќ. Главни проблеми со кои се соочувала Српската Четничка Организација во овој крај биле: наводната загрозеност на србоманското село Шталковица (Кратовско) од четите на ВМОРО, селото Малеш низ кое поминувал главниот канал за префрлање на чети од Бугарија во Македонија. ПОкрај тоа на Цервинец му биле потребни 2000 динари за да ги исплати заостанатите долгови.[689]

Во периодот помеѓу 10 и 20 февруари 1906 година, во Кумановско се појавиле нови српски чети, од 30 до 35 членови.[690] Со наредба на ИО на СЧО од 18 февруари/13 март 1906 година, во Македонија бил испратен водачот на чета Крсто Ковачевиќ. Со наредбата од ЦО од 4/17 март 1906 година, во Македонија бил испратен водачот на чета Ѓорѓи Скопјанечто. Истите требале да се јават кај шефот на Горскиот штаб, Цервинец, а потоа да заминат за Кривопаленечката

[687] Исто.
[688] Исто, 82.
[689] Исто, 93.
[690] ДАРМ, Фонд: Бугарско Трговско Агентство, кутија 2, АЕ 4/1.

каза.[691] Драгиша Ковачевиќ го држел Козјак а Ѓорѓи Скопјанечто Кривопаланечкиот реон. Со одлука на ЦО, Ѓорѓи Скопјанечто бил поставен за војвода во Кумановската каза со чета од 12 до 15 души, а Крсто Миленковиќ за војвода во Кривопаланечката каза исто така со чета од 12 до 15 члена.[692] Според извештајот на австрискиот конзул во Битола Порхер, до министерот за надворешни работи Еренτал, од 15 ноември 1906 година, во Кумановско дејствувале 4 чети, во Кривопаланечко 2, во Кратовско 1.[693]

## 4. Вооружени судири помеѓу српските чети со аскерот во североисточна Македонија (1905-1907)

На 13 септември 1905 година, четата на Ѓорѓи Скопјанчето пристигнала во близина на селото Страцин (Кратовско). Во селото имало османска караула со 80 војници.[694] Утрото на 13 септември бил забележан аскер кој се доближувал од правец на селото. Скопјанчето ја поделил неговата чета на 3 одделенија и ја распоредил на врвот. Српските четници успеале со јуриш да го протераат аскерот. Подоцна на Османлиите им пристигнало засилување од Куманово. Во тој миг, на врвот се појавил Јован Пешиќ-Старец, со 4 четници. Тој се обидел да и помогне на четата на Скопјанчето, но не успеал. На четниците им снемало муниција. Скопјанчето наредил повлекување. Но едно одделение тргнало во друг правец и налетало на аскерот. Тие биле принудени да се повлечат во правец на селската воденица. Притоа при пробивањето загинале 8 четници, а преживеале Обрен Кнежевиќ и Димитрие Премовиќ.[695]

На 16 септември 1905 година, кај Крива Река од страна на аскерот била опколена четата на србоманскиот војвода Драги Ковачевиќ. Четата броела 25

[691] В.Илиќ, Српска четничка акција..., 166-167.
[692] Исто, 92.
[693] Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 194.
[694] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 73.
[695] Исто.

члена, а аскерот 300 војници. Борбата траела 7 часа, притоа од страна на четниците имало еден ранет, а губитоците на османска страна биле непознати.[696]

На 31 јануари 1906 година во селото Герман (Кривопаланечко), во Орашкото маало, се состанале четите на Јован Пешиќ-Стрелец и Спасе Гарда. Утредента, на 1 февруари 1906 година, четниците биле опколени од војска. Јован Пешиќ и Диме Алексиќ-Чауш успеале да се пробијат со јуриши. Друга група четници, фрлиле неколку бомби, и тргнале во јуриш. Притоа Тодор загинал, а четникот Бранко бил смртно ранет. Од османска страна загинал баш чаушот и 13 војници.[697]

Со одлука на Скопскиот одбор четата на Василие Трбиќ добила задача да ја обиколува Кумановската каза и да го спречува преминувањето на четите на ВМОРО во овој дел на Македонија.[698] Со наредба на ИО, од 1 февруари 1906 година, Емилио Милутиновиќ бил одреден за водач на чета во Скопска Црна Гора.[699] Четата морала да помине низ Кумановската каза. Прво требало да дојде во Четирце, а оттаму да се префрли во село Булучани на Скопска Црна Гора. На 6 февруари 1906 година, дошло до состанок меѓу Василие Трбиќ и Емилио Милутиновиќ, кај селото Враготурце (Кумановско). Милутиновиќ му соопштил на Трбиќ дека добил наредба на 7 февруари да биде во Никуљане или Старо Нагоричане, од кај што треба да замине за Скопска Црна Гора.[700] Било одлучено да замине за селото Никуљане, кое било поблиску до Скопска Црна Гора. На 25 јануари / 7 февруар[701] 1906 година, четите на Трбиќ и Милутиновиќ пристигнале во Кумановското село Никуљане. Утредента на 8 февруари, во селото пристигнале 60 османлиски војници од селото Жегљане. Започнала борба во која загинале 4 османски војници и една жена. Подоцна во борбата се вклучила и групата на Трбиќ. Групата предводена од Трајко Митровиќ-Катран го запоседнала врвот

---

696 Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак 1..., 571.
697 В. Илиќ, српска четничка акција..., 85.
698 Исто, 86.
699 Документи о спољној политици..., 83.
700 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 86.
701 Д. Вукашин, Рад Србије..., 712; Документи о спољној политици..., 93; В. Илиќ, Српска четничка акција..., 86.

Кула.[702] Бројот на аскерот се зголемил на 400-500 војници, со уште толку албански башибозуци.[703] Според Дедовиќ Вукашин, од четата на Василие Трбиќ загинале 15 луѓе , а од четата на Емилио Милутиновиќ загинале 4 четници а 1 бил ранет.[704]

Неколкумината преживеани четници откако им снемало муниција се дале во бегство. Од нив неколкумина успеале да побегнат. Трбиќ со неколкумина четници и селани се обидел да го следи преминувањето на аскерот преку Пчиња. Оттаму пребегнал кон Србија.[705] Во меѓувреме ЦО издал наредба до војводата Василие Трбиќ да ја придружува четата на Емилио Милутиновиќ до Скопска Црна Гора.[706] Милутиновиќ со еден четник се обидел да се пробие кон Кула, но бил попречен од група аскер. Потоа преку Пчиња заминал за Србија.[707]

Во 1906 година била разоткриена мрежата на СЧО во североисточна Македонија. Во писмото од австрискиот конзул во Скопје, до грофот Голуховски, од 11 април 1906 година, пишува дека на 6 април 1906 година една судска комисија извршила претрес во куќата во која живееле српскиот директор на училиштата и замeникот митрополит во Куманово, при што биле пронајдени една бомба, како и едно писмо од српска чета. Во писмото се повикувал директорот на училиштата Давид Јован Димитриевиќ да зеде учество во терористичката акција против муслиманските религиозни згради. Последниот и 5 други „Срби“ биле уапсени.[708] Во врска со ова апсење, Скопскиот горски штаб во извештајот до ИО во

---

[702] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 86.
[703] Д. Вукашин, Рад Србије..., 713.
[704] Исто, 713. Турски документи за оружените борби во Македонија..., 237; Според В. Дедовиќ од четата на Василие Трбиќ загинале 15 души, а од четата на Емилио Милутиновиќ загинале 4 четници а 1 бил ранет, додека според официјалните турски документи, во борбата загинале сите четници, а од османска страна загинал 1 жандарм а 3 биле ранети. Од друга страна н В. Дедовиќ наведува дека од османска страна имало 130 загинати и голем број ранети, тврдење кое тој го наведува се темели врз основа на извештајот на Василие Трбиќ, според кој пак од османска страна загинале 80 Арнаути и 40-50 војници. Ова тврдење не може да биде точно, ако има предвид соодносот на четниците и аскерот. Од тука може да се заклучи дека српските четници во своите извештаи поради пропагандни цели го зголемуваат бројот на убиените војници.
[705] В. Илиќ, српска четничка акција..., 87.
[706] Документи о спољној политици..., 96.
[707] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 87.
[708] Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 141.

Врање, за периодот од 31 март/13 април до 1/14 април 1906 година пишува дека во Куманово биле уапсени извесен Давид и поп Зафир од село Малотино.[709]

На 18 мај 1906 година, кај месноста „Раткова Скала“ дошло до судир помеѓу четата на Јован Довезенски и аскерот. Во борбата загинале 8 четници, а другите избегале кај месноста „Ештерец“.[710]На 16/30 јуни 1906 година шефот на Скопскиот горски штаб, Цервинец, војводата Спасе Гарда и уште 6 четници биле опколени од аскерот во реонот помеѓу селата Длабочица и Герман. Цервинец успеал да се извлече преку шумата и заминал во селото Длабочица, а Спасе Гарда со уште 3 четници успеал да се сокрие во шумата. По 6 ½ часа аскерот се повлекол.[711]

На 25 јули 1906 година, четите на Глигор Соколовиќ, Јован Бабунски и Томе Крстиќ ја преминале османско-српската граница. На 29 јули 1906 година, четите на Томе Крстиќ и Јован Довезенски пристигнале во селото Бајловце (Кумановско). Заради обезбедување на четите на врвот Перун, кај село Дејловце се сместиле четите на Коста Пеќанец, Спасе Гарда како и Горскиот штаб предводен од Цервинец. Четниците се поделиле во групи. Со првата група командувал војводата Томе, а со втората Јован Довезенски. Група од 18 османлиски војници влегле во селото Бајловце и се упатиле кон куќата во која се криеле четниците на војводата Томе. Група од 17 четници, предводени од војводата Томе отвориле оган кон аскерот, а останатите четници предводени од Долгачот и Наце ги заземале околните карпи. Отворајќи оган кон аскерот, четниците на Долгачот и Наце овозможиле повлекување на групите на Томе и Глигор. Во повлекувањето загинал четникот Илија Караџиќ-Тетовец.[712] Кај месноста Врбички Вис се нашле 43 четници поделени во 2 групи.[713] Ним на помош им пристиганле и групите на Коста Пеќанец и Спасе Гарда со околу 11 четници. Останатите 34 четници, под команда на Довезенски и Бабунски не успеале да се придружат бидејќи биле отсечени.[714] Четниците биле принудени да се повлечат. Притоа извршиле напад врз

709 Документи о спољној политици..., 204.
710 А. Апостолов, Злетовска област..., 284.
711 Документи о спољној политици..., 293-294.
712 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 96; Документи о спољној политици..., 363.
713 Д. Вукашин, Рад Србије..., 713.
714 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 97.

османските касарни во селата Рамно и Герман, со вкупно 63 војници.[715] На Османлиите им пристигнало засилување од Куманово. Доцна во ноќта пристигнала селската чета од Буковјане. Четниците се повлекле во селото Длабочица, а оттаму во Србија.[716] Во борбата учествувале 100 српски четници и 700 османлиски војници. Според официјалните турски документи во битката од страна на Османлиите имало 23 загинати и 2 ранети, од страна на четниците имало 4 загинати.[717]

На 7/20 ноември 1906 година селата Довезенце и Бељаковце биле нападнати од аскерот. Притоа биле запалени 15 куќи, и биле убиени 3 жени и 2-ца мажи. Истовремено бил опколен и манастирот Св. Богородица во село Бељаковце, со цел да бидат фатени српските четници, за кои се мислело дека се кријат тука.[718]

### 3. Нападите на српските чети на егзархиските села во североисточна Македонија и судирите со четите на ВМОРО (1905-1907)

И во овој период ТМОРО продолжила со ликвидациите на истакнати србомани од североисточна Македонија. Така на 1 август 1905 година, чета на ТМОРО го убила Теодор Михајловиќ од село Шталковица (Кратовско).[719] Поради тоа кумановскиот управител Поповиќ барал да се упатат 6 четници во Шталковица и Злетово. Според управителот на српските училишта во Кратово Н. Поповиќ, во овој период во Кратовската околија престојувале Дамјан Груев и војводата на ТМОРО Јордан Спасев, кои имале за цел да го припремат

---

[715] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 97.
[716] Исто.
[717] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 273-274; Документи о спољној политици..., 364; Д. Вукашин, Рад Србије..., 713; В. Илиќ, српска четничка акција..., 97. Според извештајот на четникот Јован Кешељевиќ, кој што го прифаќа и Дедовиќ Вукашин, во битката имало 4 загинати четници, 4 тешко ранети и 3 лесно ранети, додека од османска страна имало 60 загинати. Според Владимир Илиќ во битката имало 3 загинати и 7 ранети четници, а од страна на Османлиите имало 50 загинати и 80 ранети. И тука како по правило повторно може да се забележи преувлечувањето на османските загуби од страна на српските извори и литература.
[718] Д. Вукашин, Рад Србије..., 716.
[719] ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 5, АЕ 200/416-539; Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, книга 1, свеска4/1..., 319; Исто књига 2, додатак 1..., 514.

населението за одбрана од српските чети. Притоа Јордан Спасев издал наредба „дека ниту еден селанец од левата страна на Крива Река не смее да се осуди да влезе во селото Радибуш.[720] Истовремено продолжиле судирите помеѓу српските чети и четите на ТМОРО. Ноќта помеѓу 12 и 13 септември 1905 година, четата на Ѓорѓи Скопјанчето го нападнала седиштето на ТМОРО во село Страцин (Кривопаланечко), и истото го опустошила. [721]

Во октомври 1905 година бил одржан општ конгрес на ТМОРО во Рилскиот манастир, познат уште и како Рилски конгрес. На конгресот биле усвоени нов Устав и Правилник според кој Организацијата добила ново име „Внатрешна Македоно-Одринска револуционерна организација (ВМОРО). [722] Во однос на туѓите пропаганди во Македонија ВМОРО истакнало дека ги осудува нелегалните (вооружаени) дејствија на пропагандите, и дека грчките и српските чети ги смета за органи на соодветните влади.[723] Од друга страна во членот 2 од Уставот на ВМОРО се вели „ Организацијата им се спротивставува на сите стремежи за делба и завладување на тие две области (Македонија и Одринско) од која е и да е држава“, што значи Организацијата се смета за чувар на територијалниот интегритет на османлиска Македонија. Понатаму во членот 3 од Уставот се вели „... Организацијата се бори за отстранување на шовинистичките пропаганди и националните караници, кои го цепат и силуваат населението во борбата против општиот непријател“.[724] Со ова ВМОРО прогласило суверенитет врз македонската територија, па според тоа сите чети кои не биле дел од Организацијата ги сметала како непријателски, и орудија на соседните влади, кои имале цел да ја завладеат македонската територија. Во тој контекст биле сметани и српските чети кои од Србија навлегувале во Македонија. Доказ за самостојниот карактер на ВМОРО е и еден извештај на Српскиот генерален конзул во Солун до министерот за надворешни работи Јован М. Жујовиќ од 14/27 ноември 1905 година. Во него се наведува дека „сите балкански држави па и сама Бугарија ја смета Организацијата за опасна“. За Организацијата „сите три комитети биле подеднакво опасни“. Тука

---

[720] Документи о спољној политици..., 518.
[721] В. Илиќ, српска четничка акција..., 73.
[722] В. Ѓорѓиев, Подземната Република..., 419.
[723] Исто, 424.
[724] Исто 433.

се мисли на СЧО, ВМК и на грчките Андарти. Понатаму се вели „Нашата независност не им е драга ниту на Србија, ниту на Грција, ниту на Бугарија. Предлагаме Организацијата да преземе мерки против сите три комитети".[725] Во еден извештај на Српскиот дипломатски застапник во Софија до министерот Жујовиќ од 3/16 декември 1905 година, се известува за едно писмо што Дамјан Груев во својство на претседател на Рилскиот конгрес, кое му го испратил на Иван Цончев, поранешен претседател на веќе распуштената ВМК во кое тој истакнал дека „ВМОРО била решена да ја чува својата самостојност, дека нејзиното седиште е внатре во Македонија каде што таа нема да трпи никаква друга Револуционерна организација, но дека во нејзините редови ќе ги прима сите македонски работници, доколку решат да се потчинат на нејзиниот Устав и ги примаат нејзините директиви".[726] Иако писмото се однесеувало на четите на распуштената ВМК кои влегувале во Македонија, истото правило важело и за српските и грчките чети.

Во извештајот на австрискиот конзул во Скопје, Пара, до грофот Голуховски, од 4 ноември 1905 година, се наведува дека во најголем дел од Скопскиот санџак четништвото во последните недели било помалку изразено, при што како причини ги наведува годишното време и Конгресот на ТМОРО. Понатаму пишува дека во Куманово постоела намера со парализирање да се влијае врз пописот на населението, што ги поттикнувало и српските чети и четите на ТМОРО постојано да дејствуваат.[727]

Српските чети започнале со терор и убиства врз егзархиското население. Така на 23 октомври 1905 година во селото Добрача (Кумановско) бил убиен единствениот член на преминато семејство кон србството „кој цврсто се држел до бугарската народност".[728] Поручникот Илија Пчински во својот извештај од 29 октомври/11 ноември 1905 година наведува дека селата Орах, Канарево и Цвиланце „биле српски но се поколебале". Понатаму пишува дека две села покрај реката Добровица, кај Крива Паланка сакале да преминат на српска страна, и дека

---

[725] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 1 свеска4/2..., 494.
[726] Исто, 517.
[727] Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 93.
[728] Исто.

на истите им било пратено оружје.[729] На 27 ноември 1905 година, една српска чета го нападнала селото Коинце (Кумановско), при што запалила повеќе куќи. Притоа се собрале вооружени селани од блиските села, кои пукале на трупите и ги спречиле во натамошното напредување. Затоа бил известен најблискиот воен одред.[730] На 29 ноември 1905 година, една српска чета грабнала 3 селани од селото Облавце (Кумановско). Истите биле живи закопани покрај едно србоманско село.[731]

Српската четничка организација имала намера во текот на зимата да ги србизира останатите егзархиски села од патот Куманово-Крива Паланка. Во извештајот на Српскиот дипломатски застапник во Софија до министерот за одбрана Василиј В. Антониќ, за периодот од 8/21 до 10/23 декември 1905 година, се наведува дека главна задача на ВМОРО била борба против српските и грчките чети, особено против српските чети во Скопскиот и Кривопаланечкиот реон. Како последица на дејствувањето на српските чети, ВМОРО го изгубила каналот за пренесување на оружје Деве Баир-Костурска Река-Кркља-Станче-Дурачка Река-Дренак. Од Кривопаланечкиот реон четите на ВМОРО биле речиси истиснати. Во Кумановскиот реон делувал војводата Шиваров со 5-6 четници, а во Кратовскиот делувал војводата Јордан Спасев.[732]

На 23 декември 1905 година, четата на Василие Трбиќ ја преминала османско-српската граница. Таа броела 25 четници и била предвидена за Западното Повардарие.[733] Трбиќ со четниците пристигнал во селото Арбанашко (Кумановско). Таму дошол и војводата Довезенски со кого заминале за Стрезовце и Јачинце. Кога пристигнале во Јачинце, дошле луѓе од Куманово кои ги информирале дека по нив тргнала потера. Затоа заминале за Кучкарево, а оттаму за Рудник и Ново Село.[734] Четниците сакале да ја преминат реката Вардар но не успеале. Во меѓувреме, жителите на село Рудник го известиле Трбиќ дека го бара османска потера. Трбиќ одлучил да ја напуштат Велешката каза и да преминат во

[729] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак 1..., 628.
[730] Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 104.
[731] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 133.
[732] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 1 свеска4/2..., 657- 659.
[733] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 76.
[734] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак 1..., 721- 722.

Кумановската, во село Јачинце. На патот за Јачинце четата морала да премине преку турското село Кутлибег и егзархиското Мургаш. На излезот од атарот на селото Мургаш, четата паднала во заседа, која била поставена од војводата на ВМОРО, Крсто Лазаров-Коњушки. Неговата чета броела 70 члена.[735] Започнала престрелка меѓу четите. Притоа од српска страна загинале водичите Божин и Богдан и четникот Танасие Стефановиќ од Никуљане. Од страна на ТМОРО имало 5 загинати.[736] Борбата траела половина час, и завршила со повлекување на четата на Лазаров. По кратко задржување во Јачинце и Стрезовце, четата морала да се врати во Србија.[737]

Зимата 1905 година, српските чети започнале повторно да ги напаѓаат селата. Во овој период на чело на српските чети во Источното Повардарие се наоѓале: Ковачевиќ, Спасе Гарда, Крсто Трговачки и др.[738] Српските чети биле помагани од еден србомански свештеник Димо од село Старо Нагоричане.[739] Во селата кај што биле прифаќани четниците ја плаќале храната и собирале пари за оружје. Секоја чета имал свој благајник. Во селото Малотино се појавил цел вод српска војска. Војниците престојувале неколку дена и се повлекле. Во секое заземено село се појавувал по еден српски офицер, кој ги собирал селаните и им држел говор, а потоа си заминувал. Исто така во селата се појавувал и окружниот војвода. Ги собирал селаните, им држал говор, па се повлекувал во Србија. Во меѓувреме, егзархиските и србоманските села ги прекинале своите посети. Сите егзархисти кои имале мажени ќерки во србоманските села биле задржувани од српските чети, што било причина да ги прекинат посетите.[740] Биле прекинати и заедничките и меѓуселските собири.

Српските чети се обидувале да ги заземат селата Младо Нагоричане, Орашац и Облавце. Овие села успеале да го задржат продорот на српската вооружена пропаганда северно од патот Куманово-Крива Паланка. За ова многу голема заслуга имала селската полиција на ВМОРО. Трите села биле под

---

735 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 76.
736 Исто; Документи о спољној политици..., 723.
737 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 76.
738 Спомени, Крсто Лазаров..., 109.
739 Исто.
740 Исто, 110.

постојани притисоци од страна на српките чети, кои биле изразени преку закани, напади, киднапирања, грабежи и убиства. Во период од 2 години Облавце било напаѓано 6 пати, Младо Нгоричане 19, а Орашац повеќе од 10 пати.[741]

Како резултат на дејствувањето на српските чети, на страна на Патријаршијата преминале следните села: Рамно, Вражогрнци, Малотино, Карловци, Кореница, Жегљане, Арбанашко, Степанце, Кокино, Дејловце, Осиче, Бајловце, Жељувино, Хамнице, Брешко, Дренак, Цвиланце, Орах и Кучкарево во Кумановската каза. А во Кривопаланечката каза селата: Станче, Гулинце, Отошница, Радибуш, Ранковце, Милутинци, Глобочица, Петралица, Гиновце и уште некои.[742]

На 7 декември 1905 војводата Јован Станакојковиќ-Довезенски ја преминал османско-српската граница. Доаѓањето на Довезенски во Кумановската каза предизвикало раскол помеѓу војводите на СЧО во овој реон. Во извештајот на вицеконзулот на генералниот конзулат-Скопје до шефот на Конзуларното одделение при МНР, Јован Јовановиќ од 14/27 декември 1905 година, се наведува дека „претензиите на Довезенки да биде некаква врховна и надзорна власт ги возбудиле другите".[743]

Четите на ВМОРО, кои претходно биле потиснати од страна на српските чети, кон крајот на 1905 година, започнале со консолидација на своите редови.[744] Во овој период на теренот делувале војводите Крсто Блгаријата и Лефетров, а се очекувало доаѓањето на војводите Бобев и Пушкаров во Кумановската каза.[745] Тие имале задача да го осигураат каналот за пренос на оружје за Скопско. За таа цел биле основани складови за оружје низ цела Македонија. Такви складови во Кумановската каза имало во село Павлешенце, во Кратовската во Кнежево и во Кривопаланечката во Дренак.[746] Биле избрани и финансиски ревизори. За главен ревизор во Скопскиот вилает бил избран Дамјан Груев, а за негови помошници

---

[741] М. Митрова, Кралството Србија и осмалиска Македонија..., 137.
[742] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 1 свеска4/2..., 757.
[743] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак 1..., 699-711.
[744] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 83.
[745] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак 1..., 726.
[746] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 83.

Тодор Лазаров и Д-р Кушев.[747] За главни ревизори на четите во Македонија биле избрани: Никола Пушкаров, Иван Гарванов и Борис Сарафов.[748] Откако се консолидирале, четите на ВМОРО тргнале во офанзива за враќање на дел од србоманските села под Егзархијата. На 14/27 декември 1905 година, чета на ВМОРО го запалила селото Макреш.[749] Во извештајот на шефот на конзуларното одделение при МНР Јован Јовановиќ до претседателот на ЦО на СЧО Љубомир Давидовиќ од 4/17 јануари 1906 година, се наведува дека во секој момент се очекува напад на патот Куманово-Кратово-Крива Паланка. Поради тоа од српските четници се барало да го затворат каналот Крива-Паланка-Ќустендил.[750] Австрискиот конзул во Скопје, во својот извештај од 4 јануари 1906 година, пишува дека во Кумановската каза и соседните околии продолжува борбата меѓу „Србите" и „Бугарите", што било во спротивност со политичките обиди за зближување меѓу српската и бугарската влада.[751] Политичкото одделение при МНР во писмото до претседателот на ЦО на СЧО Љубомир Давидовиќ од 5/18 јануари 1906 година, предупредува за можен напад на четите на ВМОРО во Кумановско, и поради тоа се бара испраќање на едно постаро воено лице во Кумановско, на кое ќе му се придружи српскиот учител од Куманово.[752] ЦО на СЧО во извештајот до ИО во Врање од 5/18 до 6/19 јануари 1906 година, наведува дека ВМОРО започнала со пренесување на оружје за Кратовската, Кривопаланечката, Кумановската и Скопската каза. Понатаму се наведеува дека секретарот на комитетот на ВМОРО во Куманово, Ѓорѓи Караманов, заедно со егзархискиот свештеник од селото Павлешенце заминале за Бугарија и барале од војводата Бобев да дојде во Кумановската каза.[753] Во писмото од 26 јануари 1906 година, конзулот известува дека „по долга пауза четите на ВМОРО повторно почнале да поттикнуваат извесна живост.[754]

[747] Исто, 84.
[748] Исто; В. Ѓорѓиев, Подземната Република..., 419.
[749] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак 1..., 712.
[750] Исто, 727.
[751] Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 111.
[752] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак2, Београд, 2007, 67-68.
[753] Исто, 69.
[754] Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 119.

Истовремено одредено раздвижување покажале и српските чети. Во извештајот на Бугарското трговско агентство до премиерот Рачо Петров од 9 јануари 1906 година, пишува дека во Кривопаланечко се појавила чета од 30 луѓе.[755] На 29 јануари 1906 година, четата на Василие Трбиќ ја преминала османско-српската граница кај село Русце.[756] Трбиќ имал задача, се додека не биде известен за заминувањето преку Вардар, да биде во околината на Куманово и да ја попречува работата на четите на ВМОРО.[757] Покрај четата на Трбиќ, ИО испратил уште 3 чети и тоа за Кривопаланечката каза чета од 20 луѓе под водство на Крсто Миловановиќ, за Кумановската каза чета од 20 луѓе под водство на Ѓорѓи Скопјанчето и за Кратовската каза чета од 7 луѓе под водство на Ѓорѓи Соколовиќ.[758]

Во меѓувреме, независно од теренот повеќе села од Кумановската, Криво-паланечката и Кратовската каза се обиделе да се вратат под Егзархијата. Меѓутоа српската вооружена пропаганда со своите методи на сила ги задржувала селаните од овие села да останат под Патријаршијата. Така во извештајот на војводата Јован Довезенски до ИО во Врање за периодот од 24 јануари/6 февруари до 5/18 февруари 1906 година, пишува дека во овој период на страната на Егзархијата од Кумановската каза преминале селата Коинце, Канарево и Орах сосема, додека селата Степанце, Бајловце и Цвиланце се обиделе да се вратат, но биле задржани од страна на српските чети. Додека во Кривопаланечката каза кон Егзархијата се вратиле селата: Гиновце, Милутинце, Љубинце и Петралица.[759]

Продолжиле нападите на српските чети врз егзархиските села и теророт врз македонското егзархиско население. На 4 март 1906 година, во Кумановско биле заклани повеќе души од страна на една српска чета.[760] При нападите на селата, српските чети вршеле и грабежи. Така при нападот на селото Канарево биле грабнати 6 овна и еден пар волови, војводата Коста Миловановиќ при нападот на селото Орах грабнал поголем број на овци, кои подоцна ги распродал

755 Г. Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганда в Македония..., 356.
756 В. Илиќ, српска четничка акција..., 84.
757 Исто; Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак2..., 70.
758 Документи о спољној политици..., 79.
759 Исто, 87.
760 ДАРМ, Фонд: Бугарско Трговско Агентство, кутија 2, АЕ 4/1.

за свој интерес. Истото го сторил и при нападот на селото Ветерница (Кривопаланечко). За разлика од српските чети, четите на ВМОРО не вршеле грабежи, туку само убивале и ги палеле селата.[761]

Дел од селата кои преминале на страната на Патријаршијата повторно се вратиле под Егзархијата. Така во извештајот на ИО до ЦО за периодот од 11/24 до 13/26 март 1906 година, се наведува дека селата во Кривопаланечката каза: Вражогрнци, Радибуш, Ранковце, Отошница и Метежево преминале на страната на Егзархијата, и дека истите служеле како база за преминување на српските чети во Малешевијата. Поради тоа се барало од ЦО да најде водичи за кумановската и малешевската чета. Во овој период како војводи на ВМОРО во Кумановскиот реон делувале војводите: Крсто Лазаров, Боби Стојчев, и извесни Рудолф и Геце.[762] Во извештајот на ГО на СЧО во Скопје, до ИО во Врање за периодот од 15/28 март до 19 март/1 април 1906 година, пишува дека било неопходно да се испрати чети за Кратовската и Кочанската каза со седиште во село Шталковица. Истата била потребна за српската пропаганда да ги задржи позициите што веќе ги имала во овој крај. Понатаму се наведува дека биле уапсени 26 егзархиски првенци од Злетово заедно со свештеникот и учителот. Со апсењето на овие луѓе, егзархистите во овој крај биле обезглавени, бидејќи во Злетово се наоѓало седиштето на пододборот на СЧО, кој работел многу повеќе од оној во Кратово.[763]

По апсењето на директорот на српските училишта во Куманово, Давид Јован Димитириевиќ, заслабнале позициите на српската пропаганда на теренот. Поради тоа Скопскиот горски штаб барал од ИО да испрати чети во Кривопаланечката каза бидејќи четите на ВМОРО спремале напад на србоманските села. Во меѓувреме османските власти започнале да ги прогонуваат четите на ВМОРО. Привржаниците на српската пропаганда се ставиле на услуга на османските власти. Во извештајот на шефот на Скопскиот горски штаб, Царвинец до ИО, тој известува дека му понудил сојузништво на Кривопаланечкиот

---

[761] Документи о спољној политици...171.
[762] Исто.
[763] Исто.

командант на аскерот за заедничко прогонување на четите на ВМОРО.[764] Османските власти и приврзаниците на српската пропаганда гледале заеднички непријател во ВМОРО, па заради тоа често пати имало соработка меѓу аскерот и српските чети.

Во својот извештај од 8 јуни 1906 година, конзулот известува дека поминале 14 дена откако во Кривопаланечката каза „меѓусебните расправии меѓу српскиот и бугарскиот елемент добиле поголеми размери, и миролубивите елементи меѓу тукашните христијани биле силно возбудени од убиствата грабнувањата и други злосторства од четите и приврзаниците на двата комитета". Притоа на 29 мај 1906 година, една српска чета го присилила егзархиското село Башево, грабајќи неколку првенци да преминат под србството.[765]

Од друга страна ВМОРО се спремала за контраофанзива против српските чети. За време на Вториот редовен конгрес на Скопскиот револуционерен округ, кој што се одржал од 17 до 24 јули 1906 година во Ќустендил главниот акцент бил ставен на општа акција на четите и милицијата против пунктовите на СЧО во Кумановско, кои што се наоѓале на планината Козјак, со цел да и се пресечат каналите со внатрешноста во Македонија.[766] ВМОРО во Скопскиот округ ги имала сите сили и можности за да го спроведе тоа на дело. Во овој период, во целиот Скопски округ, имала 39 000 членови во 9 околии, 8 постојани околиски и селски чети и милиција, располагала со 2800 пушки, близу 300 000 патрони, 416 бомби и динамити.[767] Тоа и овозможувало да тргне во контраофанзива против српската вооружена пропаганда со цел да ја стабилизира линијата Крива Паланка-Куманово-Скопје.

Набргу по конгресот, ВМОРО тргнала во контраофанзива против СЧО и продолжила со ликвидација на истакнати србомани во североисточна Македонија. Во текот на април 1906 година, од страна на чети на ВМОРО биле нападнати следните села: Гиновци, Подржи Коњ и Радибуш (Кривопаланечко) и Четирце и

[764] Исто, 251.
[765] Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 153.
[766] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 178.
[767] Исто, 178-179.

Кучкарево (Кумановско). Притоа голем дел од жителите на овие села биле принудени да ја напуштат Патријаршијата и да преминат под Егзархијата.[768] На 20 април 1906 година, чета на ВМОРО го пречекала србоманот Петруш на влезот во Крива Паланка и го убила.[769] Ликвидациите на србоманите продолжиле и во периодот од мај до јули 1906 година. Во овој период четници на ВМОРО ги нападнале селата: Мешлиево, Петралица и Огут (Кривопаланечко) и Пелинце и Страцин (Кумановско).[770] И во овие села биле ликвидирани приврзаници на српската пропаганда.

На 26 мај/7 јуни 1906 година, ЦО издал наредба до ИО да му нареди на шефот на Горскиот штаб да пренесе уште 100 пушки берданки со муниција во Јачинце и за истото да ги извести Куманово и Скопје.[771] Во телеграмата од австрискиот конзул во Скопје до грофот Голуховски, од 23 јуни 1906 година, пишува дека „српската четничка акција се зголемувала во околината на Куманово и Крива Паланка". Според истиот извор кој се повикува на извештајот од Скопскиот валија кај Врање имало уште 300 српски четници, готови да заминат преку границата. Од османска страна граничните гарнизони биле засилени со 2 компании.[772] Под влијание на српската вооружена пропаганда дел од селата повторно преминале под Патријаршијата. Во извештајот на пододборот на СЧО во Крива Паланка се наведува дека српската пропаганда успеала да ги поврати селата: Ранковце, Милутинце, Гиновце и Радибуш. Српската вооружена пропаганда добила поддршка и од османските власти. Во понатамошниот дел од извештајот, пододборот во Крива Паланка наведува дека за нападот на селото Ранковце, добиле од штабниот османски капетан во Крива Паланка војнички план со нацрт, како и упатство на кој начин да се изведе нападот без последици за српските четници.[773]

Австрискиот конзул во Скопје во својот извештај од 2 август 1906 година, пишува дека напредувањето на српската пропаганда во Кумановската и

[768] ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 5, АЕ 200/416-539.
[769] Исто.
[770] Исто.
[771] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак 2..., 272.
[772] Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 156.
[773] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак 2..., 282.

Кривопаланечката каза продолжува, и дека на 24 јули 1906 година, кај село Бељаковце (Кумановско) бил ранет егзархиски свештеник од страна на една српска чета. Понатаму пишува за убиството на 2 машки лица во Куманово и Ранковце.[774]

На 29 јули 1906 година, Ѓорѓе Зариќ и неговиот брат Димитрија, од село Шталковица (Кратовско), биле убиени од чета на ВМОРО.[775] На 6 август 1906 година, србоманот од Куманово, Александар Кипријановиќ, бил фатен од чета на ВМОРО во градот Куманово. По неколку дена Александар починал од здобиените рани.[776]

Со решение на српското Министерство за финансии од 25 август 1906 година, бил намален кредитот што Србија го давала за српската вооружена пропаганда во Македонија. Така многу заслабнале позициите на српските чети на теренот. Оваа ситуација ја искористила ВМОРО, и решила да тргне во акција и да ја елиминира Српската четничка организација на теренот.[777] На 7/22 септември 1906 година, 40 четници на ВМОРО од село Злетово го нападнале селото Шталковица. Притоа биле запалени 8 куќи, и 1 воденица.[778]

Еден месец по нападот во Шталковица, СЧО тргнала во контраофанзива. Четата на Денко Божиновиќ-Чума, ја нападнала четата на ВМОРО во Младо Нагоричане, и убила неколку четници.[779] Во исто време четата на Скопјанчето ја нападнала четата на ВМОРО во Бељаковце, и ги запалила егзархиските куќи во селото.[780]

Бугарското трговско агентство-Скопје, во извештајот до премиерот Рачо Петров, наведува дека „српските чети не ги оставаат спокојни селата од Кривопаланечката каза. Не поминува ден да не направат некој грабеж, земање на

774 Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 169.
775 ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 5, АЕ 200/416-539.
776 Исто.
777 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 101.
778 А. Апостолов, Злетовска област..., 284.
779 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 102.
780 Исто.

добиток или убиство“.[781] Во еден друг извештај на БТА-Скопје до бугарскиот министер за надворешни работи Д. Станчов од 25 октомври 1906 година, пишува дека „дејноста на српските чети се засилила во Кумановско и Кривопаланечко. Многубројни, добро вооружени чети, регрутирани во кралството, и србоманското население на Прешевската каза ги напаѓаат „бугарските“ села на споменатите две кази“. Најмногу напаѓани од српските чети биле селата од Кратовската и Штипската Каза. Населението од овие кази било изложено на терор и лишено од секаква заштита.[782] На 31 октомври 1906 година, една српска чета извршила напад врз Беломорското мало во селото Младо Нагоричане (Кумановско). Притоа ги запалила куќите на Спиро Иванов, Илија Иванов и Никола Петров.[783] Четата дошла од селото Старо Нагоричане, а потоа заминала кон селото Војник.

Набргу и ВМОРО тргнала во контраофанзива. На 22 октомври 1906 година, чета на ВМОРО го убила Ицо Станковиќ од село Луче (Кривопаланечко).[784] На 5/19[785] ноември 1906 година, чета на ВМОРО од Овче Поле која броела 150 членови,[786] ги нападнала селото Довезенце и србоманскиот дел од селото Бељаковце. Притоа биле запалени 7 куќи во Довезенце, и 8 во Бељаковце.[787] Исто така бил нападнат и манастирот во селото Бељаковце Св. Богородица, кој бил под јурисдикција на Српската митрополија во Скопје.[788] За време на нападот во селото Довезенце биле убиени една жена и едно момче, а во Бељаковце биле убиени татко и ќерка.[789] Во нападот учествувале околу 250 четници на ВМОРО, меѓу кои биле четниците на Крсто Лазаров-Коњушки, Јордан Спасев и Василиј Скопски.[790]

На 12 ноември 1906 година, неколку четници на ВМОРО влегле во селото Шталковица (Кратовско). Притоа ја убиле Елена од селото Шталковица, а

---

[781] Г. Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганда в Македония..., 365.
[782]Исто, 366.
[783] Исто, 369.
[784] ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 5, АЕ 200/416-539.
[785] Исто; В. Илиќ, Српска четничка акција..., 102.
[786] ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 5, АЕ 200/416-539.
[787] Исто, В. Илиќ, српска четничка акција..., 102.
[788] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 102.
[789] ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 5, АЕ 200/416-539.
[790] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 103.

нејзините деца Павле и Младен ги зеле со себе.[791] На 17 ноември 1906 година, Ѓорѓе Симиќ и Никола Николовиќ, србомани од Кратово биле заробени од чета на ВМОРО на патот од Кратово кон Крива Паланка, и притоа биле убиени.[792]

По нападите на четите на ВМОРО српската вооружена пропаганда започнала да презема мерки да ги задржи веќе здобиените позиции. Во извештајот на шефот на Скопскиот горски штаб, Цервинец, до ИО за периодот од 17/30 ноември до 21 ноември/4 декември 1906 година, се известува дека издал наредба за вооружување на селата: Орах, Облавце, Руѓинце, Ранковце, Осиче, Длабочица и Дубравница од Кривопаланечката, како и Довезенце, Јачинце и Старо Нагоричане од Кумановската каза, со пушки испратени преку Вардар.[793]

Во текот на ноември и декември 1906 година, српските чети ги нападнале селата: Подржи Коњ, Градец, Станче, Псача, Ранковце и Радибуш (Кривопаланечко).[794] Притоа биле убиени повеќе селани, кои биле приврзаници на Егзархијата, а бил грабнат и добиток. На 28 ноември 1906 година, една српска чета го грабнала селскиот првенец Доде Петков од село Страцин (Кратовско), и го убила.[795] Во декември 1906 година, српските четници, ги нападнале селата Облавце и Градиште(Кумановско). Притоа селото Градиште било запалено.[796]

Во почетокот на декември 1906 година, српската пропаганда ја прифатиле следните села од Кратовската каза: Долно Кратово, Голема и Мала Црцорија, Длабочица и Добревица, а исто така било повратено и селото Ранковце. Српските четници го блокирале градот Крива Паланка. Српската пропаганда ја прифатиле и селата: Бељаковце, Милутинце, Ветерница, Облавце, Руѓинце и Страцин. Поради тоа ВМОРО решила да изврши напад врз следните села: Довезенце, Јачинце, Бељаковце и Орах, со цел истите да ги поврати кон Егзархијата.[797] Нападот на овие села бил извршен ноќта меѓу 7 и 8 декември 1906 година. Во селата биле сместени

---

791 ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 5, АЕ 200/416-539.
792 Исто.
793 Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак2..., 473.
794 Г. Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганда в Македония..., 367.
795 Исто.
796 Исто, 369.
797 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 104; Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак2..., 487-488.

селски чети кои ги одбиле нападите. Четниците успеале да запалат две слами во селото Довезенце, и кошницата на Јаким Павловиќ во Јачинце. Во нападот на Довезенце учествувале четите на војводите: Попов, Мише Развигоров, Васил Аџиларски и Крсто Лазаров-Коњушки, заедно со уште 200 селани.[798] Од страна на ВМОРО имало 133 загинати и 9 ранети. Српските четници немале губитоци.[799] После нападот Османлиите заробиле 10 четници на ВМОРО.[800] Не знаеме како османските власти дознале за палењето на селата и дали за настанот им јавило србоманското население од овие села.

Српските четници го нападнале егзархиското село Канарево. Притоа запалиле 12 куќи и 1 помошна зграда. Истовремено Денко во Младо Нагоричане запалил 3 помошни згради.[801] На 9 декември 1906 година, Митар Здравковиќ-Ќумезан, србоман од селото Довезенце бил убиен од чета на ВМОРО, во воденицата под селото. [802] После овој настан Кривопалнечкото село Киселица преминало на српска страна.[803]

БТА - Скопје во извештајот до бугарскиот министер за надворешни работи Д. Станчов тврди дека „положбата на Бугарите во Кривопаланечко и Кумановско станува од ден на ден се потешка, поради теророт што го прават српските чети во тие две кази".[804] На 7 декември 1906 година, една српска чета влегла во селото Бељаковце (Кумановско). Притоа ги запалила куќите и го грабнала добитокот на селаните. На 10 декември вооружени селани од србоманското село Шталковица (Кратовско) го нападнале селото Радковица (Кратовско) и запалиле две куќи.[805] Во еден друг извештај на БТА-Скопје, до министерот Станчев, од 12 јануари 1907 година, се известува за злосторствата на српските чети врз егзархиското население во Кумановската, Кривопаланечката и Кратовската каза. Во декември 1906 година

---

798 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 104; Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак2..., 487-488.
799 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 104. Според Владимир Илииќ еден од загинатите бил војводата Васил Аџиларски, што не е точно бидејќи тој загинува во 1909 година.
800 Документи о спољној политици..., 492.
801 Исто.
802 Исто; ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 5, АЕ 200/416-539.
803 В. Илиќ, српска четничка акција..., 105.
804 Г. Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганди в Македония..., 367.
805 Исто.

од страна на српските чети биле нападнати селата Орах и Бељаковце (Кумановско).[806] Притоа биле грабната повеќе селани, а бил земен и добиток.

На 25 декември 1906 година чета на ВМОРО ги нападнала селата Шталковица, Довезенце и Бељаковце, и побарала од селаните од ова село да преминат под Егзархијата.[807] Во текот на 1906 година српската пропаганда се обидела да изврши притисок врз градот Куманово. Србоманите од Куманово ја бојкотирале чаршијата, со цел селата што биле завладеани од нив, да купуваат во таа чаршија.[808] Според извештајот на БТА-Скопје, до Министерот за надворешни работи, Д. Станчов „трговскиот бојкот кој што дал блескави резултати за Србите во Куманово и Крива Паланка е решен да се распространи во сите градови на Санџакот".[809] Оваа состојба траела до Младотурската револуција. Селаните од србоманските села пазарувале само кај србомани. Целта била да се србизира целиот кумановски еснаф. Поради тоа егзархиските трговци почнале да ги нудат своите стоки по пониски цени. Србоманските трговци ја искористиле оваа ситуација за да се збогатат. Оние што сакале да купуваат од егзархистите, тоа го правеле преку шверц од скришни места. Комитетот на ВМОРО во Куманово издал наредба да се праќаат клиенти од егзархиските села со цел да ја бојкотираат чаршијата. Човек на Организацијата земал селани и ги водел кај егзархиски трговец.[810]

Во овој период српските чети започнале да ги напаѓаат селата: Канарево, Жегљане, Челопек, Облавце, Орах и Младо Нагоричане. Овие села биле напаѓани од страна на српските чети цели 14 дена. Османлиите не ги пресретнувале српските чети, и покрај тоа што во регионот имало аскер. Кога во некое село ќе дошла потера, и кога селаните ќе се пожалиле дека српска чета ги извршила нападите на селата, Османлиите им давале совет на селаните „сами да се бранат".[811] При нападите врз селаните, српските четници вршеле грабежи на крупен и ситен добиток, и ја ограбувале покуќнината, пред се алиштата на

---

[806] Г. Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганди в Македония..., 374.
[807] ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 5, АЕ 200/416-539.
[808] Спомени, Крсто Лазаров..., 111.
[809] Г. Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганда в Македония..., 378.
[810] Исто.
[811] Спомени, Крсто Лазаров..., 111.

девојките. Запленетото се носело кон планините кон горното течение на реката Пчиња, во правец на Врање. При овие напади, српските четници носеле по 30-40 грла крупен добиток, околу 2000-3000 овци, а убиле 5-6 селани. Од српска страна загинале 9 души, а Османлиите прифатиле еден ранет српски четник. Во различни напади биле убиени околу 20-30 селани. Доколку некој од селаните одбивал да се србизира бил убиван. Четниците на ВМОРО започнале да им поставуваат заседи на повидни србомани, така што тие не смееле да одат на пазар, и биле принудени да обиколуваат преку Србија, од Врање кон Прешевско.[812]

Српската вооружена пропаганда успеала неколку села од Кривопаланечката каза повторно да ги врати под Патријаршијата. Биле повратени селата: Црцорија, Дубровница, Осиче, Бештево, Подржи Коњ, Крстов Дол, половина од селото Лука, Радибуш, Ранковце и половина од селото Длабочица од Кривопаланечката каза. Притоа била воспоставена организациска структура на СЧО во селата: Петралица, Крив Камен, Станче, Гумница, Вражогрнце, Отошница, Герман и Дејловце и во Осиче, Аљинце, Желувино, Брешко, Дренак и Габер.[813]

Во почетокот на 1907 година започнала нова етапа во дејноста на СЧО, чија главна карактеристика била продорот кон нови територии. Главниот удар во Источното Повардарие бил поместен од Кумановско и Кривопаланечко, и бил насочен преку Кратовската каза кон Штипско. Главниот напад на СЧО започнал кон крајот на 1906 година. Во извештајот на БТА-Скопје, до бугарскиот министер за надворешни работи, Д. Станчов, од 2 јануари 1907 година, се наведува дека две големи српски чети навлегле во Кратовско и се обидувале да навлезат во Штипско. Во редовите на четите имало и 20 Турци од Кратовско, што било потврдено од селаните од Кратовската каза.[814] Со ова само се потврдува дека имало соработка меѓу османските власти и турското население од една, и приврзаниците на српската пропаганда од друга страна, против ВМОРО и егзархиското население. Сите четници биле добро платени и добро облечени. Таков бил примерот во Кумановската каза, кај што на приврзаниците на српската пропаганда и бил даван

[812] Исто, 112.
[813] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак2..., 522.
[814] Г. Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганда в Македония..., 372.

поткуп од 50-60 наполеони. Таков бил случајот со кметот на селото Канарево (Кумановско), кој што преминал на српска страна.[815]

На 6 јануари 1907 година, селото Младо Нагоричане (Кумановско) било нападнато од страна на една српска чета. Притоа била запалена од куќа во Градиновското Маало, а било оставено едно заканувачко писмо во кое се барало селото да премине на српска страна.[816] Пред празникот Коледе во 1907 година, една српска чета го убила момчето Аврам Стоичков, од село Бељаковце (Кумановско), поради тоа што бил егзархист.[817] На 25 јануари 1907 година, една османска патрола, открила српска чета од 5 четници, во селото Орах (Кумановско), во маалото Каменица. Еден од четниците бил фатен жив, а другите успеале да побегнат.[818]

815 Г. Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганда в Македония..., 372.
816 Исто, 374.
817 ДАРМ, Фонд: Скопска Митрополија, кутија 1, АЕ 102/293.
818 Г. Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганда в Македония..., 379.

# Глава VI

# Српската вооружена пропаганда во североисточна Македонија 1907-1908

## 1. Српската политика кон Македонија 1907-1908

Во 1907 година повторно дошло до влошување на српско-бугарските односи. Така во извештајот на српскиот пратеник од Рим до МНР, од 5 март 1907 година, се наведува дека во разговорот на пратеникот со Титони, од страна на истиот му било кажано дека бил загрижен за влошените српско-бугарски односи. На ова српскиот пратеник му кажал дека тоа не било по вина на Србија, но дека за жал вината била во Софија поради свртувањето кон Виена. Титони истакнал дека ќе се заложи кај бугарскиот кнез и владата да ги подобрат односите со Србија, и дека подобрувањето на нивните односи ќе биде олеснување за балканските народи како и за Италија.[819] За влошените српско-бугарски односи разговарале и српскиот пратеник во Лондон со Сер Едвард Греј Молет. Молет му нагласил на српскиот пратеник дека во подобрувањето на српско-бугарските односи гледа мир на Балканот. Во еден извештај на српскиот пратеник во Лондон од 26 март 1907 година, се известува дека во разговорот што го водел со Сер Едвард Греј, истиот му упатил забелешка за делувањето на српските чети. Тој исто така му кажал дека балканските земји треба да бидат сложни и во пријателски сојузи едни со други.[820] Во меѓувреме на 30 март 1907 година, излегла вест дека бугарската влада испратила протесна нота до претставниците на големите сили, во која им обрнувала внимание за дејствувањата на српските чети над „бугарското население во Македонија“.[821]

Со цел да се одбрани од бугарските напади, Србија започнала да се приближува кон Русија. Во информацијата од српскиот пратеник во Берлин до МНР, од 10 април 1907 година, пратеникот известува дека го предал табеларниот

[819] ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 5, АЕ 55/87-88.
[820] Исто, АЕ 57/90.
[821] Исто.

преглед на четнички судири во Македонија на рускиот пратеник Чиришич, со цел да се употреби против нападите на бугарскиот министер за надворешни работи, Станчев кои биле насочени кон Србија.[822] И додека Русија ја подржувала Србија, Англија била непријателски настроена кон српската вооружена пропаганда во Македонија. Така во писмото од МНР до пратеништвото во Лондон од 28 мај 1907 година, се наведува дека англискиот пратеник во Белград и предал на српската влада меморандум против дејствувањето на српските чети во Македонија. Поради тоа МНР му врачило нота за злосторствата на „бугарските чети“.[823]

Во меѓувреме започнале обиди за подобрување на односите со Бугарија. Во извештајот на Српскиот дипломатски застапник во Софија Света Симиќ до МНР, од 25 мај 1907 година, се наведува дека при разговорот што Симиќ го имал со бугарскиот министер за надворешни работи, Станчев, се зборувало за тоа како да се подобрат српско-бугарските односи, и Србија и Бугарија да не дозволат да ги скараат револуционерите од ВМОРО, кои сакајќи да ги прикријат сопствените грешки, вината ја префрлувале на српско-бугарското зближување.[824] Од друга страна Србија се обидувала пред големите сили да ја оправда српската вооружена пропаганда во Македонија. Така во писмото од МНР до претставништвото во Лондон од 29 мај 1907 година, на Света Симиќ му се препорачувало „на сите свои колеги да им укаже на оправданоста на делувањето на српските чети, и посебно дека судирите во Македонија ги предизвикувале бугарските чети, а српските чети ги организирало самото население за да се одбрани од бугарските чети“.[825] Под бугарски чети Србија ги подразбирала четите на ВМОРО, која таа ги сметала за бугарски.

Бугарија и понатаму негодувала поради дејствувањето на српските чети во Македонија. Така Пратеништвото во Цариград во извештајот до МНР, од 31 мај 1907 година известува за негодувањето на бугарскиот агент Гешов во врска со акцијата на српските и грчките чети. Притоа Гешов зборувал за бегството на 30 бугарски војници од Пловдивскиот гарнизон. Тој го изразил своето стравување

[822] Исто, 84/152.
[823] Исто, АЕ 105/209-216.
[824] Исто, АЕ 106/217-222.
[825] Исто, АЕ 107/223-224.

дека поради нападите на српските и грчките чети на „бугарските села“, можно е бугарски војници да дезертираат во Македонија и „да ги казнат српските и грчките чети“.[826]

Во меѓувреме големите сили започнале да бараат од Портата да се пресмета со српските и грчките чети. Српското претставништво во Цариград во својот извештајот до МНР, од 13 јуни 1907 година, известува дека големите сили и упатиле Нота на Портата да го задуши српското и грчкото четничко движење. Австро-Унгарија сметала дека „неправилното толкување“ на точката 3 од Мирцштегските реформи било едно од „главните побуди“ за немирите во Македонија.[827] Поради тоа, Австро-Унгарија започнала преговори со Русија. Владите на двете земји одлучиле да излезат со заедничко толкување на „вистинската смисла“ на точката 3 од Мирцштегските реформи. За таа цел тие подготвиле заедничка Нота до владите во Софија, Белград и Атина, за да им објаснат дека целта на овие две земји „исклучиво е смирувањето во Македонија“.[828] Со Нотата било потенцирано дека нема да биде дозволена промена на административните граници врз национална основа. Нотата била протолкувана од страна на Хилми паша како решеност на двете земји за воспоставување на „цврст мир и поредок во Македонија“.[829]

Како последица на Нотата, Портата издала ираде во кое се наредувало да се преземат мерки против четите. Српското пратеништво во Цариград протестирало против ирадето, под изговор дека за Османската Империја поопасни биле четите на ВМОРО отколку српските чети, бидејќи тие биле побројни, и дека не било праведно што во ирадето се споменуваат само српските, а не и четите на ВМОРО. Великиот везир му одговорил на пратеникот дека ирадето било „за да се скинат од врат Англија и Австро-Унгарија, кои што српските и грчките чети ги претставувале како повод за општо зло“. Италијанскиот и францускиот амбасадор во Цариград исто така истакнале дека е погрешно што во ирадето се споменуваат само српските и грчките чети. Понатаму се зборува дека активноста на четите на

[826] ДАРМ, Фонд: Српско Кралско Пратеништво Лондон, Кутија 2, АЕ 115/251.
[827] В. Ѓорѓиев, Реформи за мир..., 121.
[828] Исто.
[829] Исто, 122.

ВМОРО многу зајакнала во Битолскиот и југоисточниот дел на Косовскиот вилает. Хилми паша упатил извештај во кој се жалел од четите на ВМОРО, и барал да се упати протест до Софија затоа што „Сарафов спремал упад во Македонија“.[830]

И во текот на 1907 година српската влада продолжила со финансирањето на СЧО. Во периодот од 8 март до 8 октомври 1907 година, Скопскиот главен одбор потрошил 201 186 динари на име „помош за настраданите Срби“. Во периодот од декември 1907 до септември 1908 година, одборот потрошил 106 000 динари, на име плата за четниците и помош на семејствата на загинатите четници.[831]

Од страна на СЧО многу се водела грижа за тоа оружјето што ќе биде запленето од османлиските власти да не има на себе никакви српски државни симболи. Така во писмото од Министерот за одбрана и аѓутант на кралот, Радомир Путник до премиерот Никола Пашиќ од 26 февруари 1908 година, пишува: „чест ми е да ве известам дека денеска му наредив на командантот на Моравската дивизиска област, првиот пешадиски полк да издаде 50 пушки модел 99 на господинот началник на Врањскиот округ, а за тамошниот Извршен одбор, откако знаците на државната сопственост ќе се избришат“.[832] Во писмото од на ЦО до ИО од 27 март 1908 година, се вели „оние 30 ножеви што ги побаравте за брзометни пушки, можете да ги употребите, но претходно да се избришат знаците на државната сопственост“.[833]

Србија се обидела да глуми кооперативност пред големите сили, и да докаже дека таа не стои зад нападите на српските чети врз егзархиските села во Македонија. Така со наредбата на Министерството за надворешни работи, од 3 јули 1907 година на српските чети им било забрането да ги напаѓаат селата и да го тероризираат населението.[834]

Од друга страна, Србија се обидувала да ги подобри односите со Австро-Унгарија, со која била во таканаречена „Царинска војна“ од 1906 година. На

---

830 ДАРМ, Фонд: Српско Кралско Пратеништво Лондон, Кутија 2, АЕ 125/280-281.
831 Д. Велков, Финансирањето и вооружувањето на оперативните..., 10.
832Исто, 15.
833 Исто, 14.
834 В. Илиќ, Српска четничка акција..., 127.

средбата што српскиот премиер Никола Пашиќ ја имал со баронот Еренатал му кажал дека нивна желба била да се дојде до договор меѓу Австро-Унгарија и Србија. Баронот истакнал дека ќе се заложи за договор меѓу големите сили, за до крај да се спроведат Мирцштегските реформи. Тој исто така нагласил дека автономија на Македонија не може да се допушти, бидејќи со тоа би се појавил „извор на проблеми". На крајот било истакнато дека реформите ќе успеат доколку се прекине со активностите на четите во Македонија, и дека Австро-Унгарија е за одржување на статус-кво на балканот.[835]

Истовремено продолжиле дипломатските контактите помеѓу Србија и Русија. Во извештајот на Кралскиот претставник во Софија од 24 септември 1907 година, се известува за разговорите што српскиот пратеник ги водел со рускиот пратеник Сементковски. Во разговорот се зборувало за руско-австриската Нота. Притоа за неуспехот на реформите се обвинувало четничкото движење.[836]

Во меѓувреме Србија повторно се обидувала пред големите сили да ја оправда српската вооружена пропаганда во Македонија, и за состојбата да ги обвини четите на ВМОРО. Така во еден извештај од 3 ноември 1907 година бил објавен список за „бугарската четничка акција за јули, август и септември 1907 година". Спискот бил направен со цел да се употреби како одбрана од бугарските обвинувања.[837]

Покрај тоа биле интензивирани српските контакти со Англија. Српскиот пратеник во Лондон во својот извештај од 4 јануари 1908 година, известува за средбата што тој ја имал со Сер Чарлс Хардинг. Тој го прашал Сер Чарлс во врска со Нотата што Англија ја испратила до големите сили за поефикасно делување на жандармерија во реформските власти. Сер Чарлс нагласил дека треба да се постигне поголема согласност помеѓу разни сектори во жандармеријата. Понатаму потенцирал дека на жандармеријата треба да и се дадат поголеми овластувања, и дека таа ќе треба да го сузбие четничкото движење. Сер Чарлс сметал дека со

835 ДАРМ, Фонд: Српско Кралско Пратеништво Лондон, Кутија 2 АЕ 158/387-390.
836 Исто, АЕ 163/405-409.
837 Исто, АЕ 176/438-444.

англискиот предлог ќе дојде до пацификација на четите.[838] Во овој период Англија инсистирала на порадикални реформи во Македонија кои би довеле до автономија. Ова не и одело во прилог на Србија, па поради тоа ги засилила контактите со Русија. Во писмото од српскиот премиер Никола Пашиќ, до пратеникот во Лондон, пишува дека му пишал на пратеникот во Петроград да се заложи за проширување на реформите во Косовскиот вилает и за признавање на српската народност.[839] На средбата на српскиот пратеник во Лондон со Сер Чарлс Хардинг од 18 март 1908 година, пратеникот го изнел српскиот став против автономија на Македонија, со генерален гувернер, без гаранции за развој и права на одредени народности. Сер Чарлс му кажал дека со такви идеи се одело кон поделба на Македонија, дека за такво нешто не можело да се разговара, и дека само со поставување на генерален гувернер ќе се стави крај на четничката борба во Македонија.[840] На средбата што српскиот пратеник во Лондон ја имал со рускиот пратеник Изволски, од истиот добил одговор дека било невозможно намалување на османските трупи во Македонија.[841]

Имајќи ги предвид дипломатските укажување, Србија почнала да испраќа апели до српските чети, да престанат со нападите врз егзархиските села. Така во почетокот на јуни 1908 година, Министерот за надворешни работи, Никола Пашиќ, повеќе пати издавал наредби на српските конзули во Македонија да се престане со сите четнички акции. Австроунгарскиот претставник во Цариград, на средбата со српскиот пратеник, на истиот му дал претставка против влегувањето на српските чети во Македонија.[842] Слична порака добил и српскиот пратеник во Лондон, на средбата што ја имал со рускиот пратеник Веселицки, од чија страна му било кажано дека добил писма од угледни бугарски политичари за потребата од српско-бугарски договор. Исто така му кажал дека треба да се одржи средба помеѓу еден српски и еден бугарски претставник, на која ќе се утврдат границите на Македонија.[843] Во меѓувреме од страна на Русија и Велика Британија

---

[838] Исто, Кутија 3, АЕ 2/2-3.
[839] Исто, АЕ 40/108-121.
[840] Исто, АЕ 51/165-166.
[841] Исто, АЕ 95/249.
[842] Исто, Кутија 3 АЕ 148/341.
[843] Исто, АЕ 149/342-345.

пристигнал предлог за помирување на четите, за што известува Српското кралско пратеништво во Лондон, во својот извештај од 7 јули 1908 година. [844] Српската влада и понатаму продолжувала да ја оправдува својата кооперативност пред големите сили. Таа продолжила да им наредува на српските чети да престанат со нападите и теророт на егзархиското население, за што сведочи и извештајот на Српското застапништво во Софија од 14 јули 1908 година.[845] По Младотурската револуција, Србија ја продолжила својата пропаганда во Македонија, но со други средства.

## 2. Расколот во СЧО и нови промени во организационата структура

Во февруари 1907 година дошло до несогласување помеѓу ЦО и Министерството за надворешни работи. На 25 март/7 април 1907 година, Мнистерството за надворешни работи донело нов статут на ЦО на СЧО.[846] Исто така дошло до несогласување меѓу ЦО и ИО. На 4 јули 1907 година со одлука на Врховната управа и во надлежност на ИО, бил расформиран ЦО.[847] Членовите на ЦО, уверени дека Врховната управа „од доволно проверени и оправдани причини", му издавала наредби на ЦО дека не смее да ги опремува четите и да ги испраќа во Македонија и „Стара Србија", на 22 јуни/5 јули 1907 година поднеле оставка на оваа должност.[848]

Кон крајот на 1907 и почетокот на 1908 година, дошло до расцеп во редовите на СЧО. Се формирале 2 фракции. Првата предводена од Богдан Раденковиќ, инсистирала српската пропаганда да се спроведува преку Скопје, според упатства од Белград.[849] Втората се залагала српската пропаганда да се врши без Скопскиот одбор, но и без Скопскиот генерален конзулат. Оваа фракција била предводена од Скопскиот митрополит Викентиј.[850] На 10 септември 1907

[844] Исто, АЕ 157/356.
[845] Исто, АЕ 160/359.
[846] Д. Вукашин, Рад Србије..., 708.
[847] Исто 709; В. Илиќ, Српска четничка акција..., 127.
[848] Д. Вукашин, Рад Србије..., 724.
[849] Исто, 728.
[850] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 131-132; Д. Вукашин, Рад Србије..., 729.

година, нов српски генерален конзул во Скопје станал Живоин Белугџиќ.[851] Тој се обидел да ги смири двете струи „конзулската“ и „митрополитската“. Притоа во извештајот до Никола Пашиќ од 1 март 1908 година го известува за конфликтот со Скопскиот митрополит, и барал да биде вратен во Белград.[852]

Со цел да ги помири двете струи, во почетокот на 1908 година од Белград во Скопје пристигнал началникот на Министерството за надворешни работи, Мирослав Калајковиќ. Со истата цел Врховната управа го испратила на теренот капетан прва класа Алимпије Марјановиќ. Под псевдонимот „професор“ на теренот пристигнал и Лазар Младеновиќ. Тој стасал во Скопје на 5 февруари 1908 година.[853] Младеновиќ дошол со задача да ја преземе функцијата шеф на Горскиот штаб на Источното Повардарие. Притоа се сретнал со Богдан Раденовиќ, лидер на Скопскиот одбор.[854] Набргу Младеновиќ се запознал со состојбата на теренот, и заедно со Богдан Раденовиќ го изготвил новиот статут на СЧО. Со статутот биле регулирани правата и обврските на членовите на Организацијата и на сите „Срби“, во Скопскиот и Битолскиот вилает.[855] Со новите промени, сите одбори на СЧО во Скопскиот и Битолскиот вилает преминале под надлежност на Скопскиот генерален конзулат.[856] Откако ја завршил работата во Македонија, Младеновиќ се вратил во Врање.[857]

## 3.Расколот помеѓу војводите на СЧО во североисточна Македонија

Како последица на севкупната положба во СЧО, во 1907 година во Источното Повардарие дошло до несогласување помеѓу Џервинец и ИО од една, и Ѓорѓи Скопјанчето од друга страна. Интригите против Скопјанчето започнале во втората половина на мај 1906 година. Тогаш од страна на ИО и Џервинец бил организиран пуч против Скопјанчето. Тие го искористиле неговото отсуство кога отишол кај Џервинец да бара пари, и неговата чета ја префрлиле во Србија. Исто така Ковинчиќ им кажал на неговите четници дека Скопјанчето ја напуштил

[851] Д. Вукашин, Рад Србије..., 731.
[852] ДАРМ, Фонд: Српско Кралско Пратеништво Лондон, Кутија 3, АЕ 36/75-102.
[853] Д. Вукашин, Рад Србије..., 732; Владимир Илиќ, Српска четничка акција..., 133.
[854] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 133.
[855] Д. Вукашин, Рад Србије..., 732.
[856] М. Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија..., 121.
[857] Д. Вукашин, Рад Србије..., 732; В. Илиќ, Српска четничка акција..., 133.

четата за да ги предаде. Како и да било во неговата чета дошло до поделба.[858] Во својот допис до ИО, Џервинец го обвинувал Скопјанчето за недисциплина и самоволие, и се одлучил да го испрати во Скопје, повикувајќи се на одлука на ЦО. Поради однесувањето на Скопјанчето, шефот на Скопскиот горски штаб Михајло Митиќ, наредил Скопјанечто да биде повлечен од теренот, за што го известил ИО во Врање.[859] Последниов на 22 декември1906/3 јануари 1907 година извештајот го преследил до ЦО во Белград. ИО во извештајот барала мислење од ЦО како да постапи во случајот со Скопјанчето. Доколку Скопјанечто се врати на теренот, неговите четници требало или да се задржат или да се распуштат а тој да биде пратен во Белград, а доколку не се врати, ИО требало да го испрати Џервинец на терен, за да го убеди на убав начин да се повлече.[860] По враќањето на Скопјанчето во Србија бил направен план за негово убиство од страна на Џервинец, Вуловиќ и Јован Михајловиќ. Џервинец го обвинувал Скопјанчето дека бил опкружен со лоши четници, а дека тој без луѓе не можел да ги разоружа и да го казни со заслужена казна. ИО го прифатил барањето на Џервинец. Притоа му предложил на ЦО Скопјанчето да го задржи во Белград се додека не се одлучи за неговата судбина. Предложената смртна казна требало да ја изврши Џервинец. [861] Главниот одбор на СЧО во Скопје, му кажал на Скопјанечто да остане на теренот, и да гледа што побргу да го освои селото Руѓинце. ГО на СЧО во Скопје, добил известување дека Скопјанчето успеал да влезе во Руѓинце.[862] Притоа ГО барал од ИО да му издаде наредба на Скопјанчето да продоложи со продирање во Рударе, а едно одделение да испрати кон Пендаќ, Трновец и Иванковци во Кратовската каза. Влегувањето на Скопјанчето во село Руѓинце привремено ја одложило смртната пресуда, но кога се дознало дека паѓањето на селото Руѓинце не било негово дело, истата била активирана. Било одлучено тој да биде испратен на теренот со 23 четници и да биде убиен. Сепак Скопјанчето бил спасен благодарение на српскиот премиер Никола Пашиќ.[863] Исплашен од примерот на

[858] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 108.
[859] Д. Вукашин, Рад Србије..., 700; Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак 3, Београд, 2008, 81.
[860] Д. Вукашин, Рад Србије..., 701.
[861] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 110.
[862] Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак 3..., 86.
[863] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 110.

Скопјанчето, Коста Пеќанец поднел оставка на работата во СЧО на 4 март 1907 година.[864]

На 10 февруари 1907 година, Цервинец го известил ИО дека османска потера од 800 војници започнала со прогон на српските чети во Кумановската каза. Поради тоа Цервинец одлучил да ги префрли четите во Србија, а на терен да останат само четите на Спасе Гарда, Јаким Павловиќ, Денко Божиновиќ и Алекса Арсиќ. Секој од нив требало да биде придружуван само од 23 четници.[865] За да го спроведе ова на дело, тој им наредил на четниците да се повлечат на север кон Козјак и Руен. Со неговото барање не се согласил Скопскиот одбор. Поради тоа од ИО било побарано да им забрани на своите војводи, особено на Скопјанчето, да преговараат со османските офицери. Исто така од ИО се барало четите да се подготвуваат во помали групи на терен. Било предложено и продор кон Овче Поле.[866]

По заминувањето на Михајло Ристиќ и Цервинец, Источното Повардарие останало без шеф. Функцијата шеф на Горскиот штаб на местото на Цервинец извесен период ја извршувал Воин Поповиќ-Вук. На 16 мај 1907 година за нов шеф на Источното Повардарие бил избран Павле Блажариќ.[867] Меѓутоа Блажариќ од непознати причини поднел оставка на оваа должност. Во овој период во Источното Повардарие делувале четите на Спасе Гарда, Диме Трајковиќ, Серафим Смиљанец и Горскиот штаб на чело со Воин Поповиќ-Вук.[868]

На 21 мај 1907 година, две чети со 7 члена ја преминале османско-српската граница. Со првата командувал Темелко Бајрактаревиќ, и таа била задолжена за Рудник, Кожле, Ново Село, како и останатите србомански села од левата страна на Вардар. Со втората командувал извесен Божиновиќ, и таа била наменета за Кумановско.[869] Во втората половина на 1907 година за нов шеф на Горскиот штаб на Источното Повардарие бил избран Воин Поповиќ-Вук, негов заменик станал

[864] Исто, 111.
[865] Исто; Документи о спољној политици..., 124-126.
[866] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 114.
[867] Исто, 121.
[868] Исто, 122.
[869] Исто, 121.

Александар Благоевиќ-Кочански, а во Горскиот штаб влегол и коњаничкиот потпоручник Миливое Чалиќ-Антиќ.[870]

Расколот помеѓу конзулската и митрополитската струја се префрлил и на теренот. Скопскиот митрополит и некои Кумановчани, барале од конзулот Живоин Белуџиќ како услов за помирување да го признае нивниот одбор, со кој раководел Лука Лазаревиќ, преку учителот Петар Тричковиќ, член на комитетот. [871] Во почетокот конзулот го одбил ова барање. Новиот митрополитиски одбор влегол во врска со кумановскиот војвода Смилјанец, кој што им наредил да му ја откажат послушноста на шефот на Горскиот штаб Воин Поповиќ-Вук. Смилјанец ја откажал послушноста на шефот на Горскиот штаб, и започнал да работи на своја рака, примајќи совети од Алексиќ и Лукијан. Поради тоа конзулот му наредил на Вук да го уапси Смилјанец. Од Куманово и Нагоричане на конзулот му биле испраќани барања, шефот на Горскиот штаб да бид вратен во Србија и да го пречека Смилјанец со новиот одбор. Конзулот ги одбил овие барања, по што се соочил со закани дека мора да го почитува нивниот одбор на чело со Давид. Набргу се формирала нова струја од учители и граѓани привврзаници на митрополитот. Смилјанец одвоен од шефот на Горскиот штаб, и без сопствени средства, успеал на своја страна да привлече дел од селаните, а почнал и да соработува со ВМОРО. Селаните набргу му свртеле грб. Митрополитската струја на СЧО во Куманово, се свртела кон нови војводи, обидувајќи се да ги привлече на своја страна. Кога Смилјанец започнал да се помирува со конзулот, Ѓорѓе Младеновиќ му испратил писмо на војводата Пешиќ од Кривопаланечко да се приклучи на одборот. Пешиќ не го прифатил предлогот. Во едно писмо од извесен Јово пишувало дека во Куманово и околината настанало несогласување во односите, и дека моментално во Куманово имало 5 канцеларии и тоа: кај Јован, кај Димо, кај Данило кај Денко Димовиќ и др. Понатаму пишува дека „Србите“ се поделиле во 2 групи.[872]

---

[870] Исто, 130.
[871] ДАРМ, Фонд: Српско Кралско Пратеништво Лондон, Кутија 3, АЕ 36/75-102.
[872] Исто.

На 25 февруари 1908 година, Лазар Младеновиќ со својата чета ја преминал османско-српската граница.[873] Тој ја преземал функцијата шеф на Горскиот штаб на Источното Повардарие. Најпрвин го скршил отпорот на непослушните војводи, а потоа извршил реорганизација. Секој реон добил реонска чета и реонски војвода.[874] Истовремено српската вооружена пропаганда се проширила на југ кон Овче Поле и на исток, во селата што биле под контрола на ВМОРО.[875] Неговата акција била прекината со Младотурската револуција, на 23 јули 1908 година.

## 4.Вооружени судири на српските чети со аскерот во североисточна Македонија 1907-1908

И покрај забраната на српските чети да влегуваат во Македонија, од страна на владата на Никола Пашиќ, тие продолжиле да навлегуваат во Македонија во текот на 1907 година. На 28 февруари 1907 година, под водство на Александар Арсиќ и Јаким Павловиќ, петмина четници ја преминале османско-српската граница. Тие на 7 март 1907 година влегле во селото Јачинце.[876] На 8 март селото било опколено од Османлиите. Според турските документи, тука се наоѓала една српска чета предводена од војводата Јаким.[877] Притоа дошло до судир. Според извештајот на ГО на СЧО во Скопје, во судирот загинал 1 четник, а тројца биле ранети.[878] Војводата Јаким и тројцата четници преминале во Стрезовце, каде што се снабдиле со муниција. Утредента на 9 март заминале за селото Стрновац. Таму биле опколени од Османлиите. Четниците се обиделе да се пробијат. Притоа

---

[873] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 133; Д. Вукашин, Рад Србије..., 732.
[874] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 133.
[875] Исто, Д. Вукашин, Рад Србије..., 732.
[876] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 115.
[877] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 299-300; Документи о спољној политици Краљевине Србије, 1903-1914, књига 2, додатак 3..., 182.
[878] В. Илиќ, Српска четничка акција..., 115; Документи о спољној политици... ,182; Турски документи за оружените борби во Македонија..., 299-300. Според извештајот на ГО на СЧО во Скопје, во судирот загинал војводата Санде (се мисли на Александар Арсиќ), со уште 3 четници. Тројца од нив се самоубиле, а еден загинал од куршум. Според официјалните турски документи во судирот загинале сите четници, меѓу кои и војводата Јаким. Според Владимир Илиќ, ранетите четници извршиле самоубиство, а Јаким со уште еден четник успеале да се пробијат. Во турските документи се наведува дека во битката загинал војводата Јаким, што не е точно, бидејќи тој успеал да се пробие и да замине во Довезенце.

загинал Василие Грковиќ, а Денко успеал да се пробие. Јаким Павловиќ и Арсо Пешиќ се сокриле во една куќа, но биле опколени. На крајот четниците се самоубиле. Куќата во која биле заслнети четниците изгорела од бомбите кои самите ги фрлале. Еден четник бил убиен при обид за бегство.[879]

Османските власти започнале со апсење на приврзаници на српската пропаганда. Во извештајот на шефот на Скопскиот Горски штаб, Цервинец, за периодот од 2/15 април до 4/17 април 1907 година, се наведува дека османските власти извршиле претрес во селото Орах (Кумановско), при што многу приврзаниците на српската пропаганда од селото биле уапсени. Тогаш во Кумановскиот затвор биле спроведени 33, од кои 27 биле изведени пред суд а 6 ослободени. Притоа 17 биле осудени, меѓу кои Јован Димитриевиќ од Дренак, поп Алексо од Руѓинце, Бојко Трајковиќ од Канарево, Петруш и Стефан Деспотовиќ од Орах, Денко Баба-Станин од Орах, Петруш Нешиќ од Орах, Атанас Мишиќ војвода од Руѓинце и Спиридон Додевиќ војвода од Макреш.[880] Во друг извештај на Цервинец за периодот од 1/14 април до 7/20 април се наведува дека извесен Петко Крстиќ, началник на СЧО од Страцин бил уапсен заедно со неговите 3 синови, бидејќи неговите четници убиле едно лице.[881]

На 28 август 1907 година бил уапсен србоманскиот војвода Максим Петковиќ, „кој што во претходните 9 месеца ги посрбил селаните од Руѓинце и Облавце". За време на апсењето открил многу работи за СЧО, и ги кажал имињата на соработниците. Притоа биле уапсени 4 селани од селото Бељаковце.[882]

---

879 Турски документи за оружените борби во Македонија..., 299-300; В. Илиќ, Српска четничка акција..., 115; Документи о спољној политици..., 189. Според официјаните турски документи четата броела 7 души, предводени од Ѓорѓи Косовец. Од друга страна турските документи не известуват за загубите од нивна страна а според српскиот генерален конзулат во Скопје, во битката загинале 3 српски четници, меѓу кои бил и војводата Јаким, а од османска страна загинале 2 офицери, 2 наредници и 10 војници. Според Владимир Илиќ четата броела 4, а според турските документи 7 души. Од друга страна според турските документи водач на четата бил Ѓорѓи Косовец, кој ниту кај извештајот на конзулатот, ниту кај Илиќ воопшто не се спомнува. Од друга страна турските документи не известуват за загубите од нивна страна, при што можеме да заклучиме дека од османска страна загуби немало, и дека повторно српските четници во своите извештаи даваат лажни податоци, заради пропаганди цели.

880 Документи о спољној политици..., 298.

881 Исто, 269.

882 ДАРМ, Фонд: Скопска Митрополија, Кутија 1, АЕ 119/314.

Во декември 1907 година, дошло до судир меѓу СЧО и аскерот кај селото Старо Нагоричане (Кумановско).[883] Притоа од страна на војската имало 2 загинати и 1 ранет.[884] На 24 март 1908 година, кај село Драгоманце (Кумановско) дошло до судир меѓу една српска чета предводена од Серафим Смилјанец и аскерот. Тој бегајќи од Старо Нагоричане се засолнил во една добро утврдена куќа, при што 24 часа давал отпор. Притоа убил 2 жандарми, а 3 ранил. На крајот Серафим бил убиен, а дел од куќата во која се криел била опожарена. Притоа на повеќе места во Скопскиот санџак биле пронајдени тајни складови со оружје и муниција.[885]

Во меѓувреме српската вооружена пропаганда ги засилила своите позиции. Австро-унгарскиот вице конзул во Скопје, во извештајот до баронот Ерентал од 28 јануари 1908 година пишува дека „положбата на СЧО била многу поволна", и дека може да се констатира суштински напредок на српската пропаганда во Скопје, Куманово, Крива Паланка и Велес.[886] Во овој период започнале и судири помеѓу двете фракции на СЧО. На планината Козјак „автономистичката чета" на Серафим Смилјанец се судрила со „конституционалистите". Османските власти дознале за настанот и испратиле потера. Четата на Смилјанец била пречекана кај Старо Нагоричане. Но поради неспособноста на бригадирот Мазлум паша, дошло до бегство на четниците со мали губитоци на османска страна. Мазлам паша по интервенција на руско-австриskiот цивилен агент бил казнат и отстранет од позицијата, а Омер паша барал да биде изведен пред воен суд.[887]

Во периодот од септември 1907 до мај 1908 година, голем број привrзаници на српската пропаганда биле уапсени од османските власти. Во тоа време биле осудени следните привrзаници на српската пропаганда: Сотир Божовиќ од село Драгоманце 3 години, Серафим Гелевиќ од село Алгуња 5 години и Стојан Миленковиќ од истото село осуден на 6 месеци.[888]

---

883 Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., 97; Турски документи за оружените борби во Македонија..., 359. Според турските докумети судирот се случил на 6 јануари 1908 година.

884 Турски документи за оружените борби во Македонија..., 359.

885 Австриски Документи за историјата на македонскиот народ..., 98.

886 Исто, 87.

887 Исто.

888 ДАРМ, фонд: Генерален конузлат во Скопје, кутија 1, АЕ 9/16-18.

## 5.Нападите на српските чети врз егзархиските села во североисточна Македонија и судирите со четите на ВМОРО 1907-1908

Во текот на 1907 година, ВМОРО правела обиди дел од патријаршиските села да ги врати под Егзархијата. Во извештајот на ГО на СЧО во Скопје до ЦО се наведува дека војводата Крсто Лазаров испратил писмо до селото Бељаковце, во кое барал од селаните на селото да се вратат под Егзархијата.[889]

Под притисокот на дејствувањето на српските чети во североисточна Македонија, под Патријаршијата преминале следните села во Кривопаланечката каза: Подржи Коњ, Осиче, Добровница, Ранковце и Канарево. Во Кумановската каза кон Патријаршијата преминале селата: Орах, Бељаковце и Канарево.[890] Независно од укажувањата, српските чети вршеле нападиврз егзархиските села. На 27 јуни 1907 година, една српска чета го нападнала селото Киселица (Кривопаланечко). Притоа биле заробени селските првенци: Петре Георгиев, Менче Тончов, Тошо Иванов и Димитар Анкин, со цел да се принудат селаните на ова село да се пишат како „Срби". Со цел да се спасат себеси и заробените, селаните од ова село, на 29 јуни 1907 година, заминале кај Кривопаланечкиот кајмакам, и му предале барање за откажување од Егзархијата.[891] Архиерејското наместништво во Куманово во својот извештај од 3 август 1907 година, известува дека селанецот Георги Павлов од село Жегљане (Кумановско) бил заробен од една српска чета, но успеал да избега.[892] На 19 август 1907 година една српска чета влегла во селото Страцин (Кратовско). Притоа заробила 9 селани, и 3 граѓани на Кратово, кои што работеле на спахиски имот во селото. Еден од граѓаните кој што се противел бил убиен, а другиот бил кратовски богаташ Михаил Костов.[893]

Вечерта на 31 август 1907 година една српска чета го заробила Ангел Симчев од село Канарево (Кумановско) и го одвела во непознат правец.[894] Во текот на септември и октомври 1907 година, српските чети ги нападнале следните села:

[889] Документи о спољној политици..., 285-286.
[890] Г. Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганда в Македония..., 397.
[891] Исто, 412.
[892] ДАРМ, Фонд: Скопска Митрополија, Кутија 1, АЕ 118/313.
[893] Г.Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганда в Македония...415.
[894] ДАРМ, Фонд: Скопска Митрополија, кутија 1, АЕ 120/315.

Младо Нагоричане, Канарево, и Никуљане (Кумановско).[895] Притоа биле убиени или грабнати повеќе егзархисти од овие села. На 25 октомври 1907 година една српска чета повторно го нападнала селото Страцин, при што биле запалени 15 куќи, а 8 луѓе биле убиени.[896]

Српските четници сакајќи да извршат притисок врз селото Градец (Кривопаланечко) да премине на српска страна, му пишале писмо на селскиот муфтар, Стефан, кое било напишано од србоманскиот војводата Аче Кочански, поранешен четник на ВМОРО. Во писмото стоело „Стеване, ти најмногу запираш твоето село да прати арзевал, доколку селото за 3 дена не прати арзевал, ќе те заколам, и ќе ти изгорам се што имаш во куќата“.[897] Ова е уште еден доказ како српската пропаганда преку притисоци и закани го убедувала населението да премине на српска страна и да се изјасни како „српско“.

Во овој период ВМОРО повторно започнала со борба против српската вооружена пропаганда. На 24 ноември 1907 година, во Крива Паланка од страна на чета на ВМОРО бил убиен извесен Стефан Величков, во неговиот дуќан. Приотоа до неговиот труп било оставено закануvaчко писмо.[898] Во извештајот на австро-унгарскиот вицеконзул во Скопје, од 28 ноември 1907 година, пишува дека „од страна на ВМОРО јасно се гледало настојување за поништување на српската пропаганда во Скопскиот, Кривопаланечкиот и Кратовскиот санџак“. За таа цел во Ќустендил била донесена чета од 20 лица, под раководство на егзархискиот Влав Стерјо. Четата ја минала границата во текот на последните денови на октомври. Притоа се упатила на север за да го заштити егзархиското население од патријаршистите. Утрината дошло до судир меѓу чета на ВМОРО и СЧО кај селото Градец (Кривопаланечко), по палењето на делови од селото од страна на србоманите.[899]

Исто така дошло до судир кај село Киселица (Кривопаланечко). Српската чета била испратена со цел „одржување на националната состојба“ на северо-

---

[895] Исто, АЕ 127/324-325.
[896] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 112.
[897] Г. Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганда в Македония..., 431.
[898] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 115.
[899] Австриски Документи за историјата на македонскиот народ 1907-1908, Том II, Скопје 1981, 62.

исток, со цел повторно да го принуди селото Страцин (Кратовско) да премине кон србството.[900] По неколку дневна пауза, четата на ВМОРО повторно се обидела да продре кон границата на Кратовската каза и селото Отошница. Четата на ВМОРО била предводена од Влавот Стерјо и извесен Јордан, броела 25 члена. Четниците запалиле неколку куќи во селото, и со помош на еден селанец се засолниле во куќата на Стојко Ангеле. Тогаш од страна на османлиската војска кон куќата биле испукани 38 топовски гранати, при што таа се срушила и изгорела. Кон четата на Стерјо и Јордан се приклучиле и некои селани, при што бројкта надминала 100 лица.[901] Според турските документи во судирот загинале 18 четници, а 1 бил заробен. Заробениот бил извесен Јован од Енице Вардарско.[902]

Во декември 1907 година дошло до намалување на бројот на српските чети на теренот. Архиерејското намесништво-Куманово во својот извештај од 14 декември 1907 година пишува „иако српските чети се повлекле во Србија, во Кривопаланечко имало поголема српска чета, која ги обиколувала српските села".[903] Во врска со ова, германскиот пратеник во Белград, во неговиот извештај до канцеларот фон Било од 17 декември 1907 година пишува „од пред неколку месеци ниту една српска чета не стапнала во Македонија." Српските четници се уште се наоѓале во Османската Империја, иако ги имало повеќе во „Стара Србија" отколку во Македонија.[904]

Делувањето на српската вооружена пропаганда продолжило и во 1908 година. Притоа српските четници убиле 25-мина и опожариле 60 куќи.[905] Во едно писмо од свештеникот Иван Митов од Крива Паланка, до БТА-Скопје, од 25 мај 1908 година пишува дека на 17 мај една српска чета составена од 50-60 луѓе го нападнала селото Градец (Кривопаланечко). Селаните од ова село се бранеле сами, а аскерот сконцентриран во близина „не мрднал со прст". Биле изгорени 7

---

[900] Исто.
[901] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 349-350 .
[902] Исто; Австриски Документи за историјата на македонскиот народ..., 62. Според австриските документи, во судирот загинале 7 четници, а еден се повлекол кон село Опила. Турските документи треба да се сметаат како примарен извор, за разлика од австриските.
[903] ДАРМ, фонд: Скопска Митрополија, кутија 1, АЕ 137/337.
[904] Германски документи за политиката на Германија и европските сили во Македонија..., 209-210.
[905] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 130.

згради, меѓу кои и амбарот на Алексо Величков, кој бил гаѓан со 2 бомби.[906] Наредниот ден, на 18 мај 1908 година, друго одделение од истата чета го нападнало селото Псача (Кривопаланечко). Притоа биле грабнати 11 овци.[907] На 8/21 мај 1908 година, било нападнато селото Страцин (Кривопаланечко), кое поради својата централна положба било посакувано од патријаршистите, како точка за ширење на српските чети кон југ.[908] За време на нападот, српските четници убиле 25-мина и опожариле 60 куќи.[909]На 23 јули 1908 година избувнала Младотурската револуција. Српската пропаганда продолжила да се спроведува но со други средства.

---

906 Г. Величко, Т. Стайко, Гърцката и сърбската пропаганда в Македония..., 451.
907 Исто.
908 Австриски Документи за историјата на македонскиот народ..., 123.
909 С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда..., 130.

# Заклучок

Основа на српската пропаганда во Македонија претставувало Начартанието на Илија Гарашанин од 1844 година. Во почетокот српската пропаганда делувала врз словенска основа. Во 1868 година дошло до промена на нејзиниот карактерот, и нејзина цел станало всадување на српската национална свест кај македонското население. За таа цел, во истата година бил формиран „Просветниот одбор". Во периодот од 1868 до 1874 година, одборот формирал 102 српски училишта во Македонија. Во тој контекст биле формирани првите српски училишта во Куманово, Крива Паланка и Кратово. Овие училишта престанале со својата работа за време на Источната Криза (1875-1881).

Во 1881 година, била потпишана тајната конвенција помеѓу Србија и Австро-Унгарија. Со конвенцијата Србија се обврзала дека нема да толерира пропагандна дејност од својата територија кон Австро-Унгарија, а од друга страна Австро-Унгарија се обврзала дека нема да ја попречува Србија во нејзините аспирации за ширење кон југ, односно кон Македонија. По 1885 година српската пропаганда започнала со поинтензивно дејствување во Македонија. Во 1886 година било формирано „Друштво Свети Сава", чиј цел било отворање на српски училишта во Македонија. Во 1887 година биле отворени српските конзулати во Скопје и Солун, а во 1889 бил отворен конзулатот во Битола. Овие конзулати биле главни спроведувачи на српската пропаганда во Македонија. Во 1893 година Портата дозволила отворање на српски училишта во Скопскиот вилает, а во 1897 година во Солунскиот и Битолскиот вилает. Во овој период биле отворени и српски училишта во североисточна Македонија, во Кумановската, Кратовската и Кривопаланечката каза. Во 1897 година Цариградската патријаршија дозволила поставување на Србин за митрополит во Скопската епархија. Во 1899 година Фирмилијан Држиќ бил поставен за администратор, а во 1902 за митрополит на Скопската епархија. Во овој период српската пропаганда успеала да го придобие патријаршиското, како и дел од егзархиското население. Истовремено започнала борбата меѓу егзархистите и патријаршистите за контрола на црквите и

манастирите. Таков бил случајот со борбата за контрола на црквата Св. Никола во Куманово, и на црквата Св. Иван во Кратово.

По Илинденското востание во 1903 година, пропагандите во Македонија го смениле карактерот на дејствување и добиле вооружена форма, во тој контекст и српската пропаганда. Уште пред Илинденското востание во Србија се родила идеја за создавање на организација по урнек на ТМОРО. Главен иницијатор за формирање на ваква организација бил Д-Р Милорад Гоѓевац кој одржувал контакти со војводата на ТМОРО Стојан Донски. Гоѓевац за ова идеја ги привлекол Лука Ѓелевиќ и Васа Јовановиќ. По Мајскиот преврат во 1903 година, била формирана првата српска чета на чело со војводата Анѓелко Алексиќ. Четата заминала за Македонија, при што учествувала во заедничка акција со ТМОРО за време на востанието, заедно со четата на Никола Пушкаров кај Ѓуришкиот манастир. По завршената акција, четниците се вратиле во Србија. На тројката Гоѓевац, Ѓелевиќ и Јовановиќ им се придружил пензионираниот генерал Атанацковиќ. Во неговата куќа летото 1903 година бил формиран Српскиот Комитет. Истовремено бил формиран Централен одбор на Комитетот, а бил изработен и првиот устав, кој бил наречен „Устав на Тајното Србо-македонско здружение". Здружението имало Централен одбор, Извршен одбор, Главен одбор, Вилаетски одбори, Срески одбори и Месни одбори. Исто така имало и тајна полиција, пошта и судови, така што по својата организациона структура наликувало на ТМОРО. Покрај тоа имало и Горски штабови на Источното и Западното Повардарие.

Првите српски чети во Кумановско, Кривопаланечко и Кратовско биле формирани од страна на: Јован Станојковиќ-Довезенски, Павле Младеновиќ-Јачински, Крсто од Прешево, Вангел Скопјанецот, Спасе Гарда и др. Српските чети започнале со напади врз егзархиските села и со тероризирање на егзархиското население, со цел истото да се присили да ја напушти Егзархијата и да се приклучи кон Патријаршијата и на тој начин да ја прифати српската пропаганда. На нападите на српските чети реагирале четите на ТМОРО, кои ги напаѓале селата кои ја прифатиле Патријаршијата и ги убедувала да се вратат под Егзархијата. Истовремено ТМОРО (која на Рилскиот Конгрес во 1905 година се

преименувала во ВМОРО), прогласило суверенитет врз македонската територија, и ги прогонувала сите странски чети кои навлегувале во Македонија, во тој контекст и српските чети. Во својата борба против српската вооружена пропаганда во североисточна Македонија особено се истакнале војводите: Коста Нунков, Крсто Лазаров-Коњушки, Атанас Бабата, Јордан Спасев, Мише Развигоров, Боби Стојчев, Васил Аџиларски и др.

Покрај со четите на ТМОРО, српските чети имале вооружени судири и со аскерот, како што биле судирите кај: Шупли Камен, Табановце, Челопек, Петралица, Бељаковце и др. Поразите на српските чети во овие битки, била причина за промена на организациската структура на СЧО. Српската влада решила директно да се вклучи во финансирањето и формирањето на четите, сакајќи да ги стави под контрола сите српски организации. Биле формирани: Врховен одбор, Главен одбор, Централен одбор и Извршен одбор. Исто така бил донесен нов статут на Организацијата која била преименувана во „Тајно здружение српска одбрана". Во периодот од 1905 до 1907 српските чети продолжувале со нападите врз егзархиските села и тероризирање на егзархиското население во североисточна Македонија. Истовремено ВМОРО продолжила со нападите врз патријаршиските села и обидите дел од нив да ги врати под Егзархијата.

Во 1907 година дошло до раскол во редовите на СЧО. Притоа се појавиле две струи: конзулска и митрополитска. Расколот бил пренесен и на теренот меѓу војводите. Со цел да ги смират тензиите меѓу двете струи, во Македонија пристигнале: Мирослав Кајлаковиќ, Алимпие Марјановиќ и Лазар Младеновиќ. Од осбено значење било доаѓањето на Лазар Младеновиќ под псевдонимот „професор", кој што успеал да ги смири двете струи, и изработил Статут на Организацијата, по што се вратил во Белград. И во овој период продолжиле нападите на српските чети врз егзархиските села во североисточна Македонија, како и судирите со четите на ВМОРО. Од друга страна српската влада упатувала апели до четите да престанат со нападите врз егзархиските села и тероризирање на егзархиското население. На 23 јули 1908 година избувнала Младотурската

револуција. Српската пропаганда продолжила со своето делување во Македонија, во тој контекст и во североисточна Македонија но со други средства.

Српската пропаганда во Македонија го дала посакуваниот тек. Со Букурешкиот мировен договор од 1913 година, 39 % од територијата на Македонија и припаднал на Србија, вклучувајќи го тука регионот на североисточна Македонија, односно Кумановско, Кривопаланечо и Кратовско. Српската окупаторска власт започнала да спроведува политика на асимилација и денационализација на македонското население во овој дел од Македонија. Оваа ситуација траела се до 1941 година, кога овој дел бил окупиран од Бугарија, а во 1944 токму на овој дел од Македонија била создадена современата македонска држава, во рамките на тогашната СФРЈ.

И во овој период продолжило српското влијание во Македонија, со оглед на тоа што Македонија била во заедничка федерација со Србија. Последици од делувањето на српската пропаганда во Македонија постојат и денес. Како пример може да се наведе одбивањето на Српската Православна Црква да ја признае Македонската Православна Црква, и обидите на СПЦ да инсталира паралелна црква во Македонија.

# Селективен преглед на консултирани извори и литература

## Извори

### А. Користени фондови на Државниот Архив на Република Македонија

- Архиерејско Наместништво-Кратово
- Бугарско трговско агентство -Скопје (1901-1910)
- Генерален Конзулат во Скопје
- МНР на Кралството Србија 1839-1918
- Скопска Митрополија
- Српско Кралско Пратеништво Лондон

### Б. Објавени документи


- Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906, том I, превод и редакција Данчо Зографски, Скопје, 1977.
- Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1907-1908, том II, превод и редакција Данчо Зографски, Скопје, 1981.
- Британски Документи за историјата на Македонија, т. 5 (1886-1900) , превод и редакција Драги Ѓорѓиев, Скопје, 2005.
- Британски Документи за историјата на Македонија (1901-1904) Том VI, Македоника литература, превод и редакција Александар Трајановски, Зорица Божиновска, Скопје, 2012.
- Георгиев Величко, Трифонов Стайко, Гърцката и сърбската пропаганда в Македония : (краят на XIX-началото на XX век) : нови документи, МНИ, 1995.

- Германски докуметни за политиката на Германија и европските сили во Македонија (1904-1910), превод и редакција Ѓорѓи Стојчевски, Петар Стојчевски, Скопје, 2005.
- Граѓа за историју македонског народа из архива Србије, Том IV, Књига I (1879-1885), приредио, Климент Џамбазовски, Београд, 1985.
- Граѓа за историју македонског народа из архива Србије, Том IV, Књига III, 1888-1889, приредио, Климент Џамбазовски, Београд, 1987.
- Граѓа за историју македонског народа из архива Србије, Том V, 1891, приредио, Климент Џамбазовски, Београд, 1991.
- Документи о спољној политици Краљевине Србије, Т1, К1, мај 1903-фебруар 1904, приредио Андрија Радениќ, Београд, 1991.
- Документи о спољној политици Краљевине Србије, књига 1, свеска 2, 15/28 фебруар 1904-31 децембар 1904/13 јануар 1905, приредио Андрија Радениќ, Београд, 1998.
- Документи о спољној политици Краљевине Србије, књига 1, свеска свеска3/1, приредила Љиљана Алексиќ-Пејковиќ,Живота Аниќ, Београд, 2014.
- Документи о спољној политици Краљевине Србије, књига 1, свеска свеска3/2, приредила Љиљана Алексиќ-Пејковиќ, Живота Аниќ, Београд, 2014.
- Документи о спољној политици Краљевине Србије, књига 1, свеска свеска4/1, приредила Љиљана Алексиќ-Пејковиќ, Живота Аниќ, Београд 2014.
- Документи о спољној политици Краљевине Србије, књига 1, свеска свеска4/2, приредила Љиљана Алексиќ-Пејковиќ, Живота Аниќ, Београд, 2014.
- Документи о спољној политици Краљевине Србије, књига 2, додатак 1, Организација Српска Одбрана 1903-1905 године, приредила Љиљана Алексиќ-Пејковиќ, Живота Аниќ, Београд, 2008.

- Документи о спољној политици Краљевине Србије, књига 2, додатак2, Организација Српска Одбрана 1906 године,приредили Љиљана Алексиќ-Пејковиќ, Живота Антиќ, Београд, 2007.
- Документи о спољној политици Краљевине Србије, књига 2, додатак3, Организација Српска Одбрана, 1907 године, приредили Љиљана Алексиќ-Пејковиќ, Живота Антиќ, Београд, 2008.
- Дракул Симон, Македонија меѓу автономијата и дележот том 1, Скопје 1995.
- Ѓорѓиев Ванчо, ВМРО (1893-1903), Поглед низ документи, Матица Македонска, Скопје, 2013.
- Ѓорѓиев Драги- Шериф Ахмет, Салнамето на Вилаетот Косово, Превод од османско-турски јазик, Скопје, 2012.
- Илинденски сведоштва том I дел I, рецензенти Ванчо Ѓорѓиев, Наташа Колтлар, Скопје, 2016.
- Илинденски сведоштва том I дел II, рецензенти Ванчо Ѓорѓиев, Наташа Колтлар, Скопје, 2016.
- Илинденски сведоштва том II дел I, рецензенти Ванчо Ѓорѓиев, Наташа Колтлар, Скопје, 2017.
- Илинденски сведоштва том II дел II, рецензенти Ванчо Ѓорѓиев, Наташа Колтлар, Скопје, 2017.
- Илинденски сведоштва том IV дел I, рецензенти Ванчо Ѓорѓиев, Наташа Колтлар, Скопје, 2017.
- Лапе Љубен, Документи за положбата во Македонија и Организацијата во првата половина од 1904 година, ГИНИ V/2, Скопје 1961.
- Миноски Михајло, Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските земји 1861-1913, Скопје, 2000.
- Турски документи за оружените борби во Македонија 1903-1908, превод и редакција Драги Ѓорѓиев, Скопје, 2007.
- Христов Александар, Донев Јован, Македонија во меѓународните договори 1875-1919, Скопје, 1994.
- Џамбазовски Климент, Најзначајни срспки докуметни за Македонија, Македонски духовни конаци, Скопје 2009.

# Литература


- Алманах на българските национални движения след 1878 г, Академия и издателство „Марин Дринов ", София, 2005.
- Апостолов Александар, Злетовска област географско-историски осврт, Скопје, 1974.
- Арсовски Миодраг-Болто, Кумановска Револуционерна Организација 1894, Куманово, 2007.
- Белиќ Милорад, Комитски војвода Василие Танкосиќ живот и деловање у периоду 1903-1908, Ваљевска гимназија Ваљево, 2005.
- Војводиќ Михајло, Конзуларна конвенција измеѓу Србије и Турске (1879-1896), Вардарски зборник, 3, Београд 2004.
- Велков Драган, Финансирањето и вооружувањето на оперативните сили на српската четничка организација во Македонија во периодот од 1904 до 1908 година, Филозофски Факултет на Универзитетот-Скопје, книга II, том 37, Скопје, 1984.
- Гопчевиќ Спиридон, Стара Србија и Македонија, Београд 1890.
- Движението отсамь Вардара и борбата съ върховиститѣ по спомени на Яне Сандански, Черно Пеев, Сава Михайлов, Хр. Кузлеев, Ив. Атанас Грюче, Петър Хр. Юруков и Никола Пушкаров, София, печатница П. Глушков-1927.
- Дедијер Јевто, Нова Србија, штампарија Доситеја Обрадовиќ Београд 1913.
- Дедовиќ Вукашин, Рад Србије на заштиту државних и националних интереса у Македонији од 1885 до 1912 године, Београд, 2016.
- Динев Ангел, Илинденска епопеја книга втора, Мисла, Скопје, 1995.
- Донев Јован, Македонија во британско-руските односи 1907-1908, Фондација Отворено Општество, Скопје, 1994.
- Доклестиќ Љубиша, Српско-македонските односи во XIX век (до 1897 година), НИП Нова Македонија, Скопје 1973.

- Ѓорѓиев Ванчо, Слобода или смрт, Македонското револуционерно национослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903) година, Табернакул, Скопје, 2003.
- Ѓорѓиев Ванчо, Подземната Република, Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Филозофски факултет, Тримакс, Скопје, 2011.
- Ѓорѓиев Ванчо, Петар Поп Арсов, Прилог кон проучување на македонското националослободително движење, Матица Македонска, Скопје, 1997.
- Ѓорѓиев Ванчо, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, Сто години од Балканските војни, Прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 2012 година, Скопје, МАНУ, Скопје 2013.
- Елдъров Светлозар, Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912), Военноиздателски комплекс „Св. Георги Победоносец", София, 1993.
- Зографски Данчо, Економски текови и промени книга втора, Наша книга, Скопје, 1986.
- Илиќ Владимир, Српска четничка акција (1903-1912), Библиотека одељења за историју, Филозофски факултет, Универзитет у Београду, Београд 2006.
- Историја на македонскиот народ, книга втора, „НИП Нова Македонија, Скопје, 1969.
- Јовановски Далибор, Преговорите меѓу Србија и Грција од 1899 година за поделба на Македонија на сфера на интереси, Филозофски факултет, Годишен зборник, Скопје, 2003.
- Карамфилов В. Д. Дейността на сърбоманите в Куманово и околността, Сборник Илинден 1903-1922, издадена от македонското студентско дружество "Вардар", София, Печатница П. Глушковъ, 1922.
- К'нчов Васил , Македония етнография статистика, София 1900.
- Краков Станислав, Пламен четништва, Београд, 1990.
- Масевски Димитар, Арсовски Миодраг-Болто, Куманово прилози за проучување на неговото минато од Праисторијата до денес, Куманово ноември 1996.
- Масевски Димитар, Борба за Македонија, Корени бр. 43/44, Куманово 2013.
- Масевски Димитар, Убиството на Прота Ташко Петровиќ 1905 г, Корени-истражување, Куманово, 2013.

- Миноски Михајло, Политиката на Австро-Унгарија спрема Македонија и македонското прашање (1878-1903), Култура, Скопје, 1982.
- Миноски Михајло, Македонија и Србија (1878-1944), Скопје, 2010.
- Миноски Михајло, Македонија во меѓународните односи од 16 до 20 век, Скопје, 2009.
- Митрова Македонка, Кралството Србија и османлиска Македонија (1903-1913) Политика на интервенција, Скопје, 2012.
- Насевски-Шлеговски Стојан, Кратовска област, Географско-историска монографска публикација, Кратово 2015.
- Пандевски Манол, Националното прашање во македонското ослободително движење, (1893-1903), Култура, Скопје, 1974.
- Пандевски Манол, Илинденското востание во Македонија, Институт за национална историја, Скопје 1978.
- Пандевски Манол, Македонското ослободително движење во XIX и XX век, том трети, Внатрешната Револуционерна Организација и Неоврховизмот, Скопје, 1987.
- Пандевски Манол, Учителското движење во Македонија (1893-1912), Култура Скопје, 1962.
- Петров Гьорче, Материали за изучаване на Македония, София, 1896.
- Премрежјата на македонското револицинерно движење, Спомени на Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Мирчо Кикиритков и Атанас Џолев, Скопје, 2006.
- Ристевски Блаже, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник во Софија во 1905 година, Даме Груев истражување и материјали(1871-1906), Друштво за наука и уметност-Битола, Битола 1981.
- Силјанов Христо, Ослободителните борби на Македонија, том прв, Илинденското востание, превод Иван Катарџиев, Скопје, 1983.
- Силянов Христо, Освободителнитѣ борби на Македония, том втори след Илинденското въстание, София, 1943.
- Смилјановиќ Јован, Околности на почетку српске четничке акције, Неки покушаји сарадње и сукоби четника и комита у Македонији, Београд, 2008.

- Споменица двадесетпетгодишњице ослобоѓења Јужне Србије 1912-1937, Скопје 1937.
- Спомени, Даме Груев, Иван Хаџи Николов, Борис Сарафов, Јане Сандански, Михаил Герџиков, Христо Татарчев, редакција Иван Катарџиев, Скопје, 1995.
- Стателова Елена, Попов Радослав, Тънкото Василка , История на българската дипломатија1879-1913, Фондация Оворено Общество, София 1994.
- Ташковски Драган, Раѓањето на македонската нација, Скопје, 1969.
- Тодоровски Глигор, Македонското прашање и реформите во Македонија, Култура, Скопје, 1989.
- Тодоровски Глигор, Србија и реформите во Македонија, Скопје, 1987.
- Трајковиќ Ж. Милан, Деловање ВМРО у Кумановској Кази Скопског Санџака 1904/1905 године, Универзитет у Нишу, Филозофски Факултет.
- Урошевиќ Анастасие, Куманово, Монографија, 1949.
- Хаџи Васиљевиќ Јован, Јужна Стара Србија, књига прва, Кумановска област, Београд, 1909.
- Шешум Урош, Војводе српске четничке организације 1903-1908, Краљево, 2010.
- Шешум Урош, Српска Четничка Организација у Старој Србији 1903-1908, Теренска организација, Српске студие 2, Београд, 2011.